АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 01-91/5
28.03. 2023 год.
СКОПЈЕ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ ЗА 2022 ГОДИНА

www.ap.mk

Кеј "13 Ноември", ГТЦ кат 2, зграда 4, влез 1 локал 2, П.фах 160, 1000 Скопје

02 3 212 107

info@ap.mk

www.ap.mk

©Агенција за пошти Скопје

При користење на податоци од документите, извештаите, публикациите на Агенцијата за пошти потребно е да се цитира изворот.

Содржина

Вовед....5
1. Позиција на Агенција за пошти....8
1.1. Надлежност во областа на поштенските услуги....8
1.2. Органи на Агенцијата за пошти....9
2. Општи акти на Агенцијата....11
3.Транспарентност....15
3.1. Јавни состаноци....15
3.2.Веб страница на Агенцијата за пошти....18
3.3. Анимирано видео и веб банер кампања....21
3.4. Регистар на даватели на поштенски услуги....22
3.5. Комуникација со медиуми....24
3.6. Барање за слободен пристап до информаци....25
4. НПАА....26
На прва линија....29
Клучна поента....30
Поглавје 1 Регулација на поштенскиот пазар....31
5. Лиценцирање....31
5.1. Даватели на поштенски услуги....31
5.2. Даватели на поштенски услуги во текот на 2022 година....33
5.3. Губење на статусот на даватели на поштенски услуги....36
5.4. Влез на поштенскиот пазар....38
6. Степен на усогласеност со обврските за обезбедување на универзалната услуга на давателот на универзална услуга....40
7. Следење на одржливоста на универзалната услуга....41
8. Следење на развојот на конкуренцијата во поштенскиот сектор....42
9. Финансирање на работата на Агенцијата за 2022 година....43
9.1. Издадени решенија за годишен надоместок....43

9.2. Наплата на решенија за годишен надоместок....44
9.3. Постапки за Присилно извршување и судски постапки....45
9.4. Судски прекршочни постапки....46
9.5. Управни постапки пред Агенцијата....47
10. Надзор....48
Поглавје 2 Заштита на правата на корисници на поштенски услуги....50
11. Право на поднесување на претставки и приговори до Агенцијата....50
11.1. Претставки....51
11.2.Управни приговори....53
11.3.Писмена комуникација со корисници....54
11.4. Брошура „Транспарентност при обезбедување на поштенски услуги“....55
Поглавје 3 Анализа и следење на пазарот....56
12. Анализа на пазарот на поштенските услуги....56
12.1. Статистички извештај за поштенските активности во 2021 година....57
12.2. Статистички извештај за поштенските активности за 1 -во полугодие 2022 година..62
12.3.Истражување на потребите на корисници на поштенските услуги....65
Поглавје 4 Јакнење на институционалните капацитети....67
13. Човечки ресурси....67
13.1.Стручно усовршување на вработените во Агенцијата....68
13.2.Градење на тимски дух и создавање на добра работна средина....69
13.3. Вработување и престанок на работен однос....70
13.4. Плати и надоместоци на плати....70
14. Систем за менаџмент со квалитет....71
Поглавје 5 Соработка....72
15. Меѓународна соработка....72
16. Соработка со домашни институции....79
16.1. Меморандум за соработка на АП со КЗК....81

Поглавје 6 Финансиски извештаи 82

17. Следење и контрола на процесот на воведување на систем на посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга 82

18. Состојбата на Компензацискиот фонд за финансирање на универзалната услуга.....84

19. Јавни набавки.....86

20. Финансиски извештаи.....96

Вовед

Годишниот извештај за работа на Агенцијата за пошти за 2022 година е изготвен согласно член 12 од Законот за поштенските услуги (Службен весник на Република Македонија,, бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 275/2019, 150/2021 и 227/2022), со кој е утврдена обврската на Агенцијата за пошти, најдоцна до 31 март од наредната година, до Собранието на Република Северна Македонија да достави Годишен извештај за работата за претходната година, на усвојување.

Агенцијата за пошти како независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, во согласност со надлежностите предвидени во Законот за поштенските услуги[1] (во натамошниот текст: ЗПУ), во текот на досегашното постоење, создаде регулаторен систем кој што освен ЗПУ, го сочинуваат подзаконските акти, регулаторните мерки и одлуки кои ги подготви и имплементираше Агенцијата.

Годишниот извештај за работа има за цел да ги презентира реализираните активности на Агенцијата за пошти за 2022 година, односно работењето на Агенцијата во делот на остварување на нејзините законски надлежности.

Годишниот извештај за работа на Агенцијата за пошти за 2022 година ги сумира активностите кои се превземени во насока на регулирање на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија, следењето и осигурувањето на универзалната услуга, постапките за лиценцирање на даватели на поштенски услуги, водењето на управни постапки, како и надзор над спроведувањето на ЗПУ.

Воедно, прикажани се активностите кои се однесуваат на заштита на правата на корисниците, како и статистички податоци и анализи кои ја

[1] (Службен весник на Република Македонија,, бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 275/2019, 150/2021 И 227/2022)

покажуваат состојбата на поштенскиот пазар. Презентирани се и иницијативи и соработки, како со домашни, така и со меѓународни институции и тела, како и финансиски извештаи.

Во Годишниот извештај даден е **преглед** на позицијата на Агенцијата, нејзините надлежности, органите на управување и раководење, транспарентноста, слободен пристап до информации од јавен карактер, како и превземените активности во насока на усогласување со европското законодавство.

Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2022 година е сочинет од **6 поглавја,** во кои се презентирани активностите кои ги спроведе Агенцијата за пошти во текот на 2022 година.

Првото поглавје ги опфаќа активностите кои се однесуваа на регулацијата на поштенскиот пазар, лиценцирањето односно постапките по нотификации за издавање, одземање и промена на Општи овластувања за обезбедување на поштенски услуги, управните постапки, судските постапки, реализираните надзори над спроведување на ЗПУ и прописите донесени врз основа на овој закон, како и следењето на одржливоста на универзалната услуга и конкуренцијата на поштенскиот пазар. Воедно, прикажани се постапките за присилно извршување, како и финансирањето на работата на Агенцијата.

Второто поглавје се однесува на активностите кои беа насочени кон заштита на правата на корисниците на поштенските услуги, давајќи информации за претставките и управните приговори поднесени од страна на корисниците во Агенцијата за пошти.

Третото поглавје дава приказ на активностите во делот на следење и анализа на поштенскиот пазар, како и приказ на резултатите од истражувањето на потребите на корисниците на универзалната услуга.

Четвртото поглавје се однесува на реализираните активности во насока на јакнење на институционалните капацитети, човечките ресурси, стручното усовршување на вработените, постапките за вработување и престанок на работниот однос, како и оценувањето на административните службеници.

Петтото поглавје ги опфаќа активностите во делот на домашната и меѓународната соработка на Агенцијата за пошти.

Шестото поглавје го презентира Извештајот за состојбата на Компензацискиот фонд за финансирање на универзалната услуга, го прикажува следењето и контролата на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга и спроведените јавни набавки. Во поглавјето се содржани и финансиските извештаи за 2022 година, завршната сметка и Ревизорскиот извештај спроведен од страна на независен, надворешен ревизор кои се составен дел од овој Извештај.

Согласно член 73 став 3 од ЗПУ, **составен дел на Годишниот извештај за работата** на Агенцијата за пошти за 2022 година, **е и Годишниот извештај за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2022 година.**

Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2022 година беше усвоен од страна на Комисијата на Агенцијата во следниот состав:

Борче Груевски, претседател на Комисијата

Суад Бајрами, заменик претседател

Владимир Кироски, член

Андреј Јосифовски,член

Ѓорѓи Михајлов, член

Постигнувањата и проектите кои ги оствари Агенцијата за пошти во 2022 година, заедно со редовните активности овозможија остварување како на законските цели и надлежности на Агенцијата, така и на целите кои Агенцијата ги постави пред себе како потребни предуслови за подобро функционирање и поефикасно работење на поштенскиот сектор.

1. Позиција на Агенција за пошти

1.1. Надлежност во областа на поштенските услуги

Надлежни органи за вршење на работите од областа на поштенските услуги се:

- Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија, и
- Агенцијата за пошти.

Согласно со одредбите од ЗПУ, Агенцијата за пошти е надлежна да:

- донесува и спроведува подзаконски акти врз основа на ЗПУ;
- го осигури обезбедувањето на универзална услуга;
- обезбедува услови за пристап на корисниците до универзалната услуга;
- спроведува постапка за определување на давател на универзална услуга;
- донесува одлука за определување на давател на универзална услуга;
- издава Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги по поднесена нотификација;
- овозможи и обезбеди услови за подеднаков пристап до поштенската мрежа;
- го следи обезбедувањето на универзалната услуга;
- формира компензациски фонд и управува со средствата од компензацискиот фонд;
- ги одобрува и врши контрола на трошоците за обезбедување на универзална услуга;
- го следи работењето на давателите на поштенските услуги во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на него;
- го следи развојот на пазарот на поштенските услуги и ја промовира конкуренцијата на пазарот на поштенски услуги;
- врши надзор и контрола на работењето на давателите на поштенските услуги и презема мерки согласно со закон против давателите на поштенските услуги кои не ги спроведуваат одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;
- води управни постапки и донесува одлуки во управна постапка согласно со одредбите од овој закон и Законот за општата управна постапка;

- води постапки за решавање на спор меѓу давателите на поштенски услуги и нивните корисници, меѓу давател на универзална услуга и другите даватели на поштенски услуги;
- бара податоци и информации од давателите на поштенски услуги;
- воспоставува, одржува и ажурира електронска база на податоци;
- дава мислење и учествува при подготвувањето на закони, прописи и други акти што се однесуваат на поштенските услуги, како и при склучувањето, односно пристапувањето на Република Северна Македонија кон меѓународни договори од областа на поштенските услуги и да го обезбедува нивното спроведување;
- соработува со други државни органи и институции;
- ја врши својата работа транспарентно и на недискриминаторски начин, овозможувајќи им на заинтересираните страни да дадат забелешки и коментари во врска со иницијативите, мерките и одлуките на Агенцијата;
- обезбеди информации за корисниците и давателите на поштенски услуги и меѓународните организации и тела;
- спроведува примена на националните и меѓународните стандарди и технички прописи во областа на поштенските услуги, учествува во работата на меѓународни организации и здруженија на национални регулаторни тела во областа на поштенските услуги;
- врши и други работи во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

1.2. Органи на Агенцијата за пошти

Агенцијата за пошти ги извршува своите законски надлежности преку органите - **Комисија и Директор.**

Според ЗПУ, Комисијата на Агенцијата за пошти се состои од 5 члена кои ги именува и разрешува Собранието на Република Северна Македонија, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија.



Комисијата на Агенцијата за пошти во 2022 година, **одржа 17 состаноци**.

Согласно своите надлежности, Комисијата го одобри Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2021 година, ја усвои Годишната сметка за 2021 година, ја донесе Одлуката за вредноста на поенот за 2023 година, ја усвои Годишната програма за работа на Агенцијата за 2023 година. Во текот на целата година, Комисијата го следеше спроведувањето и реализирањето на Годишната програма за работа на Агенцијата за 2022 година.

Орган на раководење на Агенцијата за пошти е **директорот** кој ја застапува и претставува Агенцијата, и е одговорен за законитоста во работењето на истата. Директорот ја застапува и ја преставува Агенцијата, донесува одлуки по прашања за кои не одлучува Комисијата. Директорот дава овластувања во рамките на своите надлежности и е одговорен за спроведување на подзаконските и други акти кои ги донесува Комисијата и врши други работи утврдени со ЗПУ и Статутот на Агенцијата.

Со Агенцијата за пошти раководи директорката **м-р Билјана Аврамоска - Ѓореска**, дипломиран правник од Скопје.

Согласно член 19 став 3 од ЗПУ, директорката доставуваше квартални извештаи со кои ја известуваше Комисијата за сите активности и превземени мерки во корелација со работењето и спроведувањето на Годишната програма за работа на Агенцијата за 2022 година. Директорката активно ги остваруваше своите законски утврдени надлежности во насока на креирање регулиран, транспарентен и високо развиен пазар на поштенски услуги што подразбира одржување на ефикасен и фер пазар на поштенски услуги, како и заштита на правата и интересите на корисниците и давателите на поштенски услуги.

2. Општи акти на Агенцијата

Во текот на 2022 година, Комисијата продолжи со својата улога за законско доуредување и поефикасна имплементација на материјата од своја надлежност, и во таа насока ги донесе следните подзаконски акти:

1. **Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Агенцијата за пошти** бр.02-136/7 од 30.05.2022 година. Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Агенцијата за пошти беше изменет во делот на отварање на 3 нови работни места (помлад соработник за сметководство, помлад соработник за канцелариско и административно работење и стручен советник за човечки ресурси).

2. **Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за плати и други надоместоци** бр.02-184/6 од 08.08.2022 година.

Постапката на носење на подзаконските акти (правилниците) е во 2 фази. Нацртот на општиот акт го изготвува директорот и го доставува на Комисијата која го разгледува и дава мислења и забелешки по предложениот текст. По добиените мислења, забелешки и предлози, директорот изготвува Предлог на актот и го доставува до Комисијата за донесување.

Агенцијата донесе интерни акти кои се неопходни за нејзиното тековно работење, и тоа:

- Стратешки план на Агенцијата за пошти за период од 2022-2024 година бр. 02-41/7 од 28.01.2022 година;
- Годишен извештај за слободен пристап до информации за период од 01.01.2021 до 31.12.2021 година бр. 13-36/1 од 17.01.2022 година;
- Извештај за спроведени јавни набавки во 2021 година;
- Годишен план за јавни набавки на Агенцијата за пошти за 2022 година бр.02-41/6 од 28.01.2022 година;

- Годишен план за вршење надзор за 2022 година од областа на спречување перење пари и финансирање бр. 03-53/2 од 03.02.2022 година.
- Годишна сметка за 2021 година на Агенцијата за пошти бр.02-63/4 од 16.02.2022 година;
- Годишен извештај за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2021 година бр. 01-79/1 од 03.03.2022 година;
- Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2021 година бр. 01-93/6 од 28.03.2022 година;
- Извештај за посетеноста на веб-страницата на Агенцијата за пошти за 2021 година бр. 03-12/33 од 01.04.2022 година;
- Статистички извештај за поштенските активности за 2021 година бр.10-142/1 од 03.06.2022 година;
- Комуникациска Стратегија на Агенцијата за пошти за период од 2022-2024 година бр. 03-156/3 од 05.08.2022 година;
- Годишен план за вработување за 2023 година на Агенцијата за пошти бр.04-184/5 од 08.08.2022 година;
- Годишна програма за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година бр.01-249/5 од 28.11.2022 година;
- Статистички извештај за првото полугодие за 2022 година, споредбено со 2021 година за истиот период бр. 10-271/1 од 19.12.2022 година;
- Истражување на потребите на корисниците на универзалната услуга во 2022 година бр. 03-270 од 19.12.2022 година;
- Годишна програма за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2023 година бр.01-276/1 од 20.12.2022 година;
- Извештај за спроведени постапки за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за пошти бр.01-280/1 од 26.12.2022 година;
- Годишен план за обуки за вработените во Агенција за пошти за 2022 година со бр.04-301/1 од 29.12.2021 година;
- Годишна програма за генерички и специјализирани обуки на вработените во Агенцијата за пошти за 2023 година бр. 01-290/1 од 30.12.2022 година;
- Прирачник за издавање на Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги.

Паралелно, Агенцијата за пошти изработи и Q4 Квартални извештаи[2] во кои беа содржани информации и податоци за состојбите на поштенскиот пазар во Република Северна Македонија.

Колективен договор на Агенцијата за пошти - На 01.04.2022 година, по постигнување на согласност во преговорите, Синдикалната организација при Агенција за пошти - членка на СФОМ, и Агенцијата за пошти застапувана од директорката, го потпишаа ***Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на Агенцијата за пошти бр.04-99/1 од 01.04.2022 година***. Со измените и дополнувањата на Колективниот договор се унапредија правата од работен однос на вработените - административни службеници во Стручната служба на Агенцијата за пошти по повеќе основи како плати, додатоци на плати и годишни одмори. Колективниот договор е во примена од денот на неговото склучување.

Заштита на личните податоци

Со цел заштита и безбедност на личните податоци кои се обработуваат, како и оценката на нивната адекватност со видот и обемот на работните процеси што ги врши Агенцијата како контролор, Агенцијата за пошти го усогласи **системот за заштита на личните податоци** со одредбите од Законот за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), и ги донесе следниве акти:

1. Акциски План за имплементација на Законот за заштита на личните податоци;
2. Политика на систем за заштита на обработката;
3. Правила за технички и организациски мерки;
4. Политика на приватност;

[2] https://ap.mk/mk/dokumenti/kvartalni-izvestai

5. Политика за чист екран и чисто биро;
6. Политика за креирање и употреба на лозинки за администратори;
7. Политика за користење преносливи уреди и работа од дистанца (teleworking);
8. Правила за начинот на правење и чување на сигурносна копија и за повторно враќање на зачуваните лични податоци;
9. Правила за определување обврски и одговорности на администратор и на др. овластени лица;
10. Правила за начинот на чување и уништување на документи и начин на бришење на личните податоци;
11. Правила за архивирање, чување на лични податоци со преглед на рокови;
12. Правила за превенирање, реакција и санирање на инциденти;
13. Правила за пристап до сервер салата;
14. Процедура за пристап до документи;
15. Процедура за право на пристап и исправка на лични податоци од страна на субјектот;
16. Процедура за користење на ИТ системите и нивна безбедност;
17. Процедура за начин на управување со тајни клучеви и сертификати;
18. Процедура за копирање и умножување документи;
19. Технички упатства при инсталирање на комуникациско- техничка опрема;
20. Техничко упатство за сигурносна копија (back-up) на податоците;
21. Изјава за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
22. Изјава за согласност за обработка на лични податоци;
23. Изјава за повлекување на согласноста на субјектот на личните податоците;
24. Решение за определување офицер за заштита на личните податоци;
25. Овластување за вршење обработка на лични податоци;
26. Известување за нарушување на безбедноста до АЗЛП;
27. Известување на субјектот на лични податоци за нарушување на безбедноста;
28. Известување за определување офицер за заштита на лични податоци;
29. Евиденција на лица овластени за вршење обработка на лични податоци;
30. Евиденција на лични податоци дадени на користење на корисник;

31. Регистар на ризици, и
32. Барање пристап за исправка на лични податоци.

3. Транспарентност

Тргнувајќи од еден од постулатите на своето работење според кој **информациите** се важен сегмент за ефикасно функционирање и развој на пазарот на поштенските услуги, Агенцијата за пошти продолжи на сите чинители на поштенскиот пазар, и пред сè на јавноста да им овозможува навремен пристап до истите.

Сметајќи дека **институционалната соработка со јавноста** е неопходна и дека треба да биде континуирана, Агенцијата и во 2022 година навремено информираше за регулаторните мерки и активности за унапредување на состојбите во областа на поштенските услуги во Република Северна Македонија, објавуваше извештаи, ажурираше податоци, информираше за работата на Комисијата и за други состаноци.

3.1. Јавни состаноци

*Во насока на зголемување на транспарентноста, Агенцијата за пошти организира **јавни состаноци** најмалку два пати годишно со што на заинтересираните чинители на пазарот на поштенските услуги им се дава можност да ги изразат нивните ставови и мислења. Принципот на транспарентност и во таа насока одржувањето на јавни состаноци, овозможуваат јавноста континуирано да биде информирана за сите активности како и регулаторни мерки и одлуки на Агенцијата за пошти.*

Во 2022 година, Агенцијата за пошти организираше два јавни состаноци:

3.1.1. 18-ти јавен состанок

На 08 јуни 2022 година, Агенцијата за пошти го одржа 18-от јавен состанок, на кој беше презентирана состојбата на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија, како и активностите и плановите за делување во идниот период.

На јавниот состанок присуствуваа членовите на Комисијата на Агенција за пошти, претставници на давателите на поштенски услуги и на медиумите, како и други поканети гости од институциите со кои соработува Агенцијата за пошти.

Воведно излагање на јавниот состанок имаше директорката на Агенцијата за пошти, г-ѓа Билјана Аврамоска Ѓореска која истакна дека *„дискусијата која ќе се развие на состанокот ќе може да се искористи за натамошно унапредување на правните механизми кои Агенцијата ги има на располагање, како и за идентификување на клучните области кои ќе можат да бидат подобрени. Тие механизми ќе бидат прилагодени на потребите, можностите и очекувањата и на давателите и на корисниците на поштенските услуги. Исто како и во другите области, соработката е потребна и во оваа област, затоа што носи размена на искуства, средини, системи и различни начини на работа* “.

На јавниот состанок беа доделени и признанија за успешно работење на следните даватели на поштенски услуги:

АД „Пошта на Северна Македонија“–Скопје - како давател на универзална услуга (со Индивидуална дозвола издадена во 2008 година и продолжена во 2014 година со неограничено времетраење), која обезбедува универзална услуга, издавање на поштенски марки и поштенски вредносници, одржување, развој и работа на поштенската мрежа и придружната инфраструктура од јавен интерес;

ЕКО ЛОГИСТИК СЕРВИС ДООЕЛ Скопје - давател на поштенски услуги (со Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги издадено во 2018 година, со проширување на портфолиото на услуги и мрежа во 2019

година) – за најголем остварен обем на поштенски услуги од сите даватели на поштенски услуги на слободниот пазар, и воедно најголем остварен обем на пратки за коресподенција - од сите даватели на поштенски услуги на слободниот пазар;

Карго Експрес ДООЕЛ увоз извоз Битола – како давател на поштенски услуги (со Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги издадено во 2008 година, со проширување на портфолиото на услуги и мрежа во 2014 година) – за најголем остварен обем во поштенската услуга – пакети.

Од страна на директорката Билјана Аврамоска Ѓореска беа доделени статуетки за благодарност за успешната и долгогодишна соработка на Управниот одбор на АД „Пошта на Северна Македонија“, како и на 3-ца долгогодишни соработници – вработени во АД „Пошта на Северна Македонија“.

Настанот беше медиумски покриен од страна на Македонската Радио Телевизија – МРТ, како и од Медиумската Информативна Агенција - МИА. За истиот беа објавени информации и на електронските национални портали.

3.1.2. 19-ти Јавен Состанок

На **22 декември 2022 година**, Агенцијата за пошти го одржа **19-от јавен состанок**, на кои беа презентирани реализираните активности на Агенцијата за пошти во 2022 година, Статистичкиот извештај за поштенските активности во Република Северна Македонија за првото полугодие од 2022 година,

спроведеното истражување на потребите на корисниците за 2022 година, како и идните планови и проекти.

На јавниот состанок присуствуваа членовите на Комисијата на Агенција за пошти, претставници на давателите на поштенски услуги, Асоцијација за е-трговија на Македонија, Министерството за транспорт и врски, Секретаријатот за европски прашања, Царинската управа, медиумите, како и други поканети гости од институциите со кои соработува Агенцијата за пошти.

Во своето излагање на јавниот состанок, директорката на Агенција за пошти, г-ѓа Билјана Аврамоска Ѓореска, говореше за работата на Агенцијата за пошти во 2022 година, при што истакна дека *„Агенцијата на најдобар можен начин ги извршува своите законски функции и надлежности. Доказ за успешната работа е високиот степен на реализирани активности, значителниот број на донесени стратешки документи, извештаи и анализи кои се однесуваат на регулација и развој на поштенскиот пазар“.*

Настанот беше медиумски покриен од страна на Медиумска Информативна Агенција - МИА, Телевизија 24 и Македонската Радио Телевизија - МРТ.

3.2. Веб-страница на Агенцијата за пошти

Веб – страницата **www.ap.mk** и во 2022 година продолжи да ја промовира проактивноста на работата на Агенцијата за пошти. Веб - страницата како многу важен извор на основни и специфични информации и податоци, на некој начин претставува „виртуелно“ лице чија примарна улога е да им обезбеди одговори на заинтересираните страни преку соодветните содржини со кои

располага.Навремено објавуваните информации беа користени од сите чинителите на поштенскиот сектор.

Во 2022 година беа објавени вкупно **68 соопштенија** поврзани со регулаторните мерки и активности кои беа превземани во насока на исполнување на законските функции и надлежности на Агенцијата. На веб - страницата беа објавени информации за одржаните седници на Комисијата, за промените кои настануваа во поглед на Општите овластувања на давателите на поштенски услуги, за состојбата со либерализацијата на поштенскиот пазар.

Воедно, Агенцијата за пошти информираше за изработените анализи, извештаи и документи од својот делокруг на работа, како и за учеството на меѓународни состаноци и активности и соработки со други институции, и сл.

Со цел подигнување на квалитетот на својата работа, Агенцијата за пошти изврши мерење на корисничкото задоволство на корисниците на поштенски услуги и давателите на поштенски услуги, преку електронска анкета[3].



Во периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, веб - страницата беше посетена **71.413 пати**, а од истата беа прелистани вкупно **357.498 страници**.

Споредбено со 2020 година, во 2021 година вкупната посетеност на веб - страницата на Агенцијата за пошти беше зголемена за **28.45%.** Во 2022 година посетеноста на веб – страницата го следеше трендот на зголемување за **24,19%** во споредба со 2021 година.

[3]https://ap.mk/index.php/mk/220215-zadovolstvoto-na-korisnicite-na-uslugite-na-agencija-za-poshti-na-visoko-nivo

Слика бр.1. Посетеност на веб – страницата споредбено 2020, 2021 и 2022 година

Овој нагорен тренд, покажа дека интересот на пошироката јавност, за информациите кои беа споделени на веб - страницата на Агенцијата за пошти е во континуиран пораст, што дополнително претставува потврда за посветеноста на Агенцијата за навремено и транспарентно објавување на информации и податоци за поштенскиот сектор во Република Северна Македонија.

Во продолжение следуваат детални статистики за посетеноста на веб-страницата на Агенцијата за пошти, како и за прелистани страници по квартали.

Слика. 2. Компаративен приказ на посетеноста и прелистувањата по квартали во 2022 година

Слика.3. Најпреземани содржини по месеци

3.3. Анимирано видео и веб-банер кампања

Агенцијата за пошти во почетокот на 2022 година во целост ја реализираше веб-банер кампањата, преку која успешно го претстави **Регистарот на лиценцирани даватели на поштенски услуги на Агенцијата за пошти.**

Анимираното видео **„Користи услуги од лиценцирани даватели на поштенски услуги“**[4] беше изработено на крајот на 2021 година. Целта на видеото беше информирање на граѓаните и пошироката јавност за користење на поштенските услугите кои ги нудат **лиценцираните** даватели на поштенски услуги кои работат на поштенскиот пазар со Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги издадено од Агенцијата за пошти. Промоцијата и дистрибуцијата на видеото целосно беше реализирана заклучно со 31.01.2022 година и тоа преку електронските портали и профилите на социјалните мрежи на Агенцијата.



[4] Регистар на лиценцирани даватели на поштенски услуги- Агенција за пошти | Агенција за пошти (ap.mk)

3.4. Регистар на даватели на поштенски услуги

Во 2022 година, Агенцијата постапуваше по 43 предмети за ажурирање на податоците за давателите на поштенски услуги во службената евиденција.**По службена должност беа поведени 17 предмети,** додека **26 предмети беа поведени по добиени известувања од страна на давателите на поштенски услуги.**

Слика бр. 4. Ажурирани податоци во службената евиденција

Најголем број од предметите односно вкупно 15 беа завршени во ноември и декември 2022 година.

Слика бр. 5. Ажурирани податоци во службената евиденција по квартали

Согласно ЗПУ, Агенцијата за пошти води службена евиденција за давателот на универзална услуга и за давателите на поштенски услуги во која се запишуваат основните податоци за правните субјекти - даватели на

поштенски услуги кои вршат поштенска дејност врз основа на претходно издадена Индивидуална дозвола или Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги од страна на Агенцијата за пошти.

Во службената евиденција беа запишани податоци за правните субјекти кои се стекнале со статус на даватели на поштенски услуги како: назив, седиште, лого и ЕДБ, име и презиме на законскиот застапник, број и датум на Општото овластување за обезбедување на поштенски услуги, видот на поштенските услуги, видот на поштенски пратки и географското подрачје за кое е издадена дозволата/овластувањето. За давателот на универзална услуга дополнително се запишуваа и податоци за одобрени исклучоци за поштенската мрежа. Исто така, од службената евиденција беа избришани правните субјекти кои по кој било основ (Решение од Агенцијата или по поднесена нотификација за престанок) го изгубиле статусот на давател на поштенски услуги.

Давателите на поштенски услуги имаа обврска писмено да ја известат Агенцијата за настанати промени во податоците кој субјектот ги дал во нотификацијата за започнување со обезбедување поштенски услуги, во рок од 7 дена од промената. Дел од тие податоци се користеа за потребите на регулаторот, дел беа запишани во Регистарот на даватели, а дел беа во функција на транспарентност во поштенскиот сектор.

Агенцијата за пошти ги ажурираше податоците во службената евиденција за даватели на поштенски услуги – Регистарот, редовно и без одлагање.

Според содржината на предметите за ажурирање на Регистарот завршени во 2022 година состојбата беше следна:

- 27 предмети се однесуваа на ажурирање на податоци за адреси за контакт и е-пошта за грижа за корисници;
- 16 предмети се однесуваа на упис, промена во Општите овластувањата или бришење на даватели;
- 9 предмети се однесуваа на ажурирање на податоци за промена на локациите/просториите во кои давателите ја вршеа дејноста, односно логистичките центри или регистрираното седиште;
- 3 предмети се однесуваа на ажурирање на логото на даватели;

- 1 предмет за промена на веб - страница,
- 1 предмет за ажурирање на ценовник.

Слика бр. 6. Содржина на предметите за ажурирање на регистарот



3.5. Комуникација со медиуми

Преку комуникацијата со медиумите, Агенцијата за пошти ја користи можноста да ја информира јавноста за актуелните случувања на поштенски пазар во домашни рамки, но и за светските трендови од поштенскиот сектор.

- Во месец февруари, беше реализирано интервју со директорката Билјана Аврамоска - Ѓореска на **Медиумската Информативна Агенцијата –МИА.** Во интервјуто беа опфатени неколку теми: како либерализацијата на поштенскиот пазар во нашата држава, интересот на правните субјекти кои сакаат да започнат со работа во поштенскиот сектор, поплаките на корисниците на поштенски услуги, нелојалната конкуренција и дивите даватели, прекршочните постапки кои Агенцијата за пошти ги водеше пред надлежните судови против субјекти кои вршеле поштенска дејност без издадено Општо овластување, за онлајн платформите и сл. Интервјуто беше реализирано и објавено на 06.02.2022 година на електронскиот медиум на МИА (www.mia.mk) со наслов ***„Поштенскиот пазар целосно подготвен за еднаква и фер конкуренција“.***

- Во месец април, **Медиумската Информативна Агенцијата – МИА**, побара мислење поврзано со стапувањето во сила на штрајкот во АД „Пошта на Северна Македонија“. На доставените прашања, Агенцијата за пошти одговори соодветно по што на 14 април 2022 година истите беа составен дел од објавата со наслов ***АД „Пошта на Северна Македонија“ поднесе иницијатива за мирно решавање на работниот спор“,*** на електронскиот медиум на МИА (www.mia.mk).
- Во месец август, **Медиумската Информативна Агенцијата – МИА** побара кратка информација за основот на поднесените претставки во вториот квартал од 2022 година.Од страна на Агенцијата за пошти уредно беше одговорено, по што на 06.08.2022 година на електронскиот медиум на **Медиумската Информативна Агенцијата –МИА** – www.mia.mk беше објавена информација со наслов „***Во вториот квартал осум претставки од корисници на поштенски услуги“***.
- Во истиот месец, од страна на уредникот на економската рубрика на дневникот **„Слободен печат“** беа доставени прашања до Агенцијата за пошти кои се однесуваа за работата и статусот на давателот на поштенски услуги Хелло Пост, по што Агенцијата соодветно одговори.
- Во месец декември, од страна на **Медиумската Информативна Агенцијата – МИА** беше побарана кратка информација за интересот на правните лица за влез во поштенскиот пазар, за состојбата со активните даватели на поштенски услуги како и за промени во регулативата. На 22.12.2022 година Агенцијата за пошти образложи по прашањата, по што на електронскиот медиум на Медиумската Информативна Агенцијата – МИА беше објавена информација со наслов „***Намален интересот за влез на поштенскиот пазар, без лиценца останаа 10 оператори“***.

3.6. Барање за слободен пристап до информаци

Агенцијата за пошти ја продолжи практиката на почитување на начелото „имате право да знаете“, и доследно го применуваше Законот за слободен

пристап до информации од јавен карактер. До Агенцијата беа доставени **9 барања за пристап до информации од јавен карактер**, по кои уредно беше постапено.

Агенцијата во континуитет има одговорен и професионален пристап кон секое пристигнато барање, бидејки смета дека слободниот пристап до информации е дополнителен коректив од страна на сите чинители во поштенскиот сектор за „исправноста“ на регулаторните мерки и активности што ги спроведува и одлуките кои ги носи.

Генерално, Агенцијата во своето работење се води од начелото на транспарентност и отчетност, и на тој начин ги промовира принципите на добро владеење и интегритет.

Подолу е прикажано колку барања беа пристигнати во периодот од 2020 година до 2022 година, при што може да се заклучи дека до Агенцијата за пошти во континуитет нема голем наплив на барања, што покажува дека институцијата проактивно и на своја иницијатива ги објавува информациите кои се од интерес на јавноста.

2020 година – 4 барање за пристап до информации од јавен карактер

2021 година – 1 барање за пристап до информации од јавен карактер

2022 година – 9 барања за пристап до информации од јавен карактер

4. Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА)

Во првиот квартал од 2022 година, Агенцијата за пошти учествуваше во подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА), кој е сеопфатен, долгорочен документ која ја дефинира динамиката на усвојување на правото на Европската Унија стратегиските насоки, политиките, реформите, структурите, ресурсите и роковите што треба да се реализираат со цел Република Северна Македонија да ги исполни условите за членство во Европската Унија.

Во насока на подготовка за 17-от состанок на Поткомитетот за Внатрешен пазар и конкуренција, кој се одржа во февруари 2022 година, од страна на Агенцијата за пошти се изготви пишан материјал во кој беа содржани реализираните активности на регулаторот за 2021 година, како и стратешките цели и активности кои се предвидени на среднорочен и краткорочен план.

На **09 февруари 2022 година** преку видео конференциска врска се одржа 17-от состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција, за Поглавјето 3. Право на основање и слобода на давање услуги, за област 3.3 Поштенски услуги, на кој беше презентирано исполнување на обврските кои беа во насока на усогласување со европското законодавство. Донесување на актите на Агенцијата за пошти како што е Стратешкиот план на Агенцијата за пошти за период 2022-2024 година, Стратегијата за спречување на корупција и судир на интереси за период 2022 – 2024 година, воведувањето на ИСО стандардите во работењето на Агенцијата, вршењето на надзорите и спроведените активности во изминатата година се ценеа како исклучително позитивен напредок.

Од страна на Поткомитетот за Внатрешен пазар и конкуренција, до Агенцијата за пошти беа доставени предлог заклучоци со насоки за понатамошно приближување кон европското законодавство, според кои беше потребно да се:

- продолжи со усогласување на националното законодавство со acquis, вклучувајќи ја и новата Регулатива на Европската Комисија 2018/644 за меѓународна достава на пакети, во насока на:
    - имплементација на целосна либерализација на пазарот за поштенски услуги;
    - подготовка на информација за постигнатиот напредок и идните планови во процесот на реформа на поштенската регулатива, која се достави до Европската Комисија.

Согласно „Одлуката за определување на институциите чии претставници се дел од работните групи за подготовка на преговарачките позиции за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија“ на Владата на Република Северна Македонија, Агенцијата за

пошти номинираше 2 лица кои учествуваа во преговорите за пристапување во Европската Унија и тоа во Поглавјето 3. Право на основање и слобода на давање услуги, за област 3.3 Поштенски услуги кој е дел од класерот 2 - Внатрешен пазар и Поглавјето 8. Политика на конкуренцијата, кој исто така е дел од класерот 2 - Внатрешен пазар.

Во рамките на работната група за Поглавјето 3. Право на основање и слобода на давање услуги беа одржани 2 координативни состаноци во Министерството за економија на кои присуствуваа претставници од сите институциите кои ги покриваат темите од Поглавјето. Агенцијата ги исполни обврските кои произлегоа од координативните состаноци и ги достави одговорите на Прашалникот (доставени и до Европската Комисија), и презентациите за Поглавје 3. на македонски и англиски јазик.

Во насока на усогласување на домашното со европското законодавство беше формирана работна група со претставници на Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за пошти, која започна да работи на измени и дополнувања на ЗПУ. Со измените, кои треба да бидат во насока на унапредување на поштенската регулатива, меѓу другото ќе се транспонира и новата Регулатива на Европската Комисија 2018/644 за меѓународна достава на пакети. Работната група одржа прв подготвителен состанок на кој се утврдија понатамошните чекори и методологијата на работа на истата.

На прва линија

Донесени 55 документи



Објавени 68 соопштенија

17 состаноци на Комисијата

2 јавни состаноци

Либерализација на поштенскиот пазар

Спроведени 13 надзори

Реализирани 13 јавни набавки



Поднесени 29 преставки на корисници на поштенски услуги

Издадени 5 Општи овластувања за обезбедување на поштенски услуги

40 учества на вработени на 13 настани за стручно оспособување и усовршување на вработените

Реализирани приходи во вкупен износ од 26.170.505 денари

Реализирани расходи во вкупен износ од 25.887.415 денари

Клучна поента

Либерализација на поштенскиот пазар

Од 01.01.2022 година до 26.10.2022 година поштенскиот пазар во Република Северна Македонија беше целосно либерализиран по што престана да постои ценовниот монопол за поштенските услуги за пратките за коресподенција и пратките со директна пошта, со тежина до 50 грама, односно резервираните услуги кои беа загарантирани со ЗПУ.

Во наведениот период, целосната либерализација на поштенскиот пазар значеше дека АД „Пошта на Северна Македонија“ Скопје нема повеќе ексклузивно право, ниту ценовен монопол за конкретните услуги, а приватните даватели на поштенски услуги можеа без ограничувања, по пазарни услови да ги формираат цените за нивните поштенски услуги за писма со тежина до 50 грама.

Со донесување на Законот за изменување на Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Северна Македонија бр.227/2022)“, од страна на Собранието на Република Северна Македонија, давателот на универзалната услуга повторно се стекна со ексклузивно право да обезбедува резервирани поштенски услуги до 31 декември 2023 година. Со оваа измена, повторно беше вратен ценовниот монопол за поштенските услуги за пратките за коресподенција и пратките со директна пошта, со тежина до 50 грама„ кој е воспоставен со закон во корист на давателот на универзалната услуга - АД „Пошта на Северна Македонија“ – во државна сопственост – Скопје.

ПОГЛАВЈЕ 1

РЕГУЛАЦИЈА НА ПОШТЕНСКИОТ ПАЗАР

5.Лиценцирање

Агенцијата за пошти и во 2022 година континуирано постапуваше во административни постапки за оценка на исполнување на условите за добивање на Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги на апликантите - правни субјекти, како и за промена и престанок со обезбедување на поштенски услуги.

5.1. Даватели на поштенски услуги

Заклучно со 31.12.2022 година, на поштенскиот пазар во Република Северна Македонија, поштенски услуги обезбедуваа:

- **35 даватели на поштенски услуги** - правни лица со Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги, и
- **АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје** со Индивидуална дозвола за обезбедување на универзална услуга, или вкупно:

36 даватели на поштенски услуги

Значајно е да се напомене дека, од вкупниот број на даватели на поштенски услуги (36) во 2022 година, 22 даватели поседуваа/т Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги на целата територија на Република Северна Македонија, од кои 9 обезбедуваа/т и поштенски услуги и во меѓународниот поштенски сообраќај (вклучително и давателот на универзалната услуга). Додека 13 од давателите обезбедуваа/т поштенски услуги на одредено географско подрачје (од кои 7 на одредено подрачје на две и повеќе соседни општини, и 6 даватели на подрачјето на град Скопје).

Слика бр. 1 Подрачје на обезбедување на поштенски услуги



Слика бр.2. Обезбедување на поштенски услуги на одредено географско подрачје



Споредбено: Во 2020 година заклучно со 31.12.2020 година, поштенски услуги обезбедувале 41 даватели, во 2021 година заклучно со 31.12.2021 година – 43 даватели, додека 2022 година поштенски услуги заклучно со 31.12.2022 година обезбедуваа 36 даватели.

Слика бр. 3. Број на даватели на поштенски услуги кои заклучно со 31.12.во 2020, 2021 и 2022 година обезбедувале поштенски услуги

5.2. Даватели на поштенски услуги во текот на 2022 година

Динамиката на пазарот по однос на вкупната понуда на поштенски услуги во 2022 година покажа значително намалување, за прв пат по неколку годишен нагорен тренд. Во последните 3 години, бројот на лиценцирани даватели кои обезбедуваа поштенски услуги се движеше од 47 во 2020 години, 49 во 2021 година, до 46 даватели на поштенски услуги во 2022 година.

Слика бр. 4. Број на даватели кои обезбедувале поштенски услуги во текот на годината



Понудата за корисниците на поштенскиот пазар на услуги, покрај таа на давателот на универзална услуга АД „Пошта на Северна Македонија“ Скопје, во текот на 2022 година, ја сочинуваа уште 45 лиценцирани даватели на

поштенски услуги, кои поседуваа Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги за различен вид и опсег на услуги и географско подрачје на делување или вкупно 46 правни лица.

Преглед бр.1- Активни даватели на поштенски услуги во текот на 2022 година

Цела територија на Република Северна Македонија	
АД Пошта на Северна Македонија Скопје	Универзална услуга во внатрешен и меѓународен сообраќај
ДХЛ Експрес Македонија ДООЕЛ Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија и меѓународен сообраќај
ИН ТИМЕ МК БПС ДОО Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија и меѓународен сообраќај
Брза пратка ДООЕЛ Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија и меѓународен сообраќај
ПНЛ ТРАНСЛОГ ДООЕЛ Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија и меѓународен сообраќај
ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ИНТЕРНЕШЕНЕЛ ДООЕЛ Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија и меѓународен сообраќај
ДелЦо ДООЕЛ Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија и меѓународен сообраќај
Еко Логистик Сервис ДООЕЛ Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија и меѓународен сообраќај
Б ПОСТ ДООЕЛ Скопје-Подружница Б ПОСТ Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија и меѓународен сообраќај
ГЕНИКИ ТАХИДРОМИКИ СМ ДОО Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија и меѓународен сообраќај
Карго Експрес ДООЕЛ увоз извоз Битола	Цела територија на Република Северна Македонија
ТПЛ ТОТАЛ ПОСТ ЛОГИСТИК ДООЕЛ Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија
ПОСТ ЕСКПРЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија
ИН ПОШТА РАДЕСКИ ДООЕЛ Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија
НОВА ПОШТА ДОО Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија
Интернешенел Меил Деливери ИМД ДООЕЛ Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија
Фалкон Логистик –Подружница Фалкон Логистик Курир (ФЛЦ) Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија
БЕ-ДА ГРОУП ДООЕЛ-Подружница БЕ – ДА ЕКСПРЕС Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија
ЕУРО-ЕНЕРЏИ ДООЕЛ – Подружница ЕУРО КАРГО Тетово	Цела територија на Република Северна Македонија

ХЕЛЛО ПОСТ ДООЕЛ Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија
КОЛПОРТЕР ДОО Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија
ВИА ПОСТ ДООЕЛ Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија
МГС Деливери ДООЕЛ Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија
ВИП Пошта ДООЕЛ Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија
МЕКС Пошта ДОО Скопје	Цела територија на Република Северна Македонија
POSTBOX ДООЕЛ Прилеп	Цела територија на Република Северна Македонија

Ограничено географско подрачје	
ГЛОБАЛ МЕССАГЕ СКОПЈЕ	На подрачјето на град Скопје
БАТЕ ПЕРЕ ЕКСПРЕС ДООЕЛ Скопје	На подрачјето на град Скопје
Цикло Пошта ДООЕЛ Скопје	На подрачјето на град Скопје
М-Достава ДООЕЛ Скопје	На подрачјето на град Скопје
Анфиленд ДООЕЛ увоз-извоз за Подружница Брза Пошта број еден Скопје	На подрачјето на град Скопје
Сити Пошта ДООЕЛ Скопје	На подрачјето на град Скопје
ИН ТАЈМ ПОСТ ДООЕЛ Скопје	На подрачјето на град Скопје
План Експрес ДООЕЛ Скопје	На подрачјето на град Скопје
Урбан Деливери Сервис ДООЕЛ Скопје	На подрачјето на град Скопје
Нарачај ДОО Скопје	На подрачјето на град Скопје
Еко Пошта ДООЕЛ Скопје	На подрачјето на град Скопје
БАЛКАН ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ДОО Скопје	На подрачјето на град Скопје и Куманово
ЈОКАМ пошта 2011 ДООЕЛ с.Оровник Дебарца	Подрачје на општините Охрид и Струга
ЕКСТРА 03 ДООЕЛ Кавадарци	На релација Кавадарци – Скопје – Кавадарци
БРЗА ПРАТКА ПОСТ-М ЛОГИСТИК ДООЕЛ Тетово	На подрачјето на општините Тетово и Гостивар
ДМ Јосифоски ДООЕЛ Прилеп	На подрачјето на општините Прилеп и Крушево
Бизнис Пошта ДООЕЛ Битола	На подрачје на општина Битола Демир Хиса Новаци и Могила
Сити Екпсрес Пошта ДООЕЛ Битола	На подрачје на општина Битола Демир Хисар Новаци и Могила
Градско Карго ДООЕЛ Битола	На подрачје на општина Битола
Пошта ПЕШТАН ЕКСПРЕС ДООЕЛ Охрид	На подрачје на општините Охрид и Дебарца

Важно е да се напомене дека сите 45 даватели на поштенски услуги не останаа активни до крајот на годината.

5.3. Губење на статусот на даватели на поштенски услуги

Бројната конкуренција во поштенскиот сектор е сериозен предизвик за давателите на поштенски услуги да ги следат современите техничко – технолошки трендови и да ја воведуваат постепено автоматизацијата и дигитализацијата во поштенскиот сектор за обезбедување поквалитетна услуга на крајните корисници.

Побарувачката на корисниците се движеше во нагорна линија, пред се поради факторите кои имаа влијание на истата, и тоа: континуираниот раст на е-трговијата, промената на животниот стил по пандемијата КОВИД-19, како и зголемувањето на дигиталната писменост на крајните корисници.

Оние даватели на поштенски услуги кои не го следеа овој тренд се соочија со предизвикот на застареност и низок квалитет на услуги и постепено беа „отфрлени“ од корисниците и воопшто од поштенскиот сектор. Затоа, слободно може да се каже дека технолошките достигнувања го ставија поштенскиот сектор пред само две опции: **реформа или застареност.**

Во 2022 година, 10 даватели на поштенски услуги го изгубија статусот и беа избришани од Регистарот на лиценци на Агенцијата за пошти.

Слика бр.5. Основ за престанок на обезбедување на поштенските услуги во 2022 година

Во 2022 година, **со решение на Агенцијата за пошти беа укинати следните даватели на поштенски услуги:**

1.Ин Тајм Пост ДООЕЛ Скопје
2.ДелЦо ДООЕЛ Скопје
3.М Достава ДООЕЛ Скопје

По **поднесена нотификација за престанок** на обезбедување на поштенски услуги, статусот на даватели на поштенски услуги го изгубија следните правни субјекти:

4.Бизнис Пошта ДООЕЛ Битола
5.Градско Карго ДООЕЛ Битола
6.Сити Пошта ДООЕЛ Скопје
7.МГС Деливери ДООЕЛ Скопје
8.ХЕЛЛО ПОСТ ДООЕЛ Скопје
9.Бате Пере Експрес ДООЕЛ Скопје
10.Нарачај ДОО Скопје

Во 2020 и 2021 година, 12 правни субјекти го изгубија статусот на даватели на поштенски услуги и беа избришани од Регистарот (по 6 годишно), и вклучително со 2022 година, вкупно 22 правни субјекти го изгубија статусот на даватели на поштенски услуги.

Слика бр. 6. Број на даватели кои го изгубиле Општото овластување – споредбено 2020, 2021 и 2022 година



5.4. Влез на поштенскиот пазар

Во 2022 година, Агенцијата за пошти постапуваше по 7 нотификации поднесени од правни субјекти за влез на пазарот на поштенски услуги или за промена на обезбедување поштенски услуги.Од **7-те поднесени нотификации** во 2022 година, Агенцијата за пошти издаде вкупно **5 Општи овластувања за обезбедување на поштенски услуги**, и со **решение отфрли 2 нотификации** бидејќи подносителите во текот на постапката се откажаа од барањето.

Издадени 5 Општи овластувања за обезбедување на поштенски услуги.

Со решение отфрлени 2 нотификации бидејќи подносителите во текот на постапката се откажаа од барањето.

Од 5-те издадени Општи овластувања за обезбедување на поштенски услуги:

- **3 беа издадени на нови старт-ап компании** кои го стекнаа статусот на даватели за обезбедување на поштенски услуги,
- **2** беа издадени на постоечки даватели на поштенски услуги **за промена со обезбедување на поштенски услуги.**

Во 2020 година, Агенцијата за пошти постапуваше по 14 нотификации поднесени од правни субјекти за влез на пазарот на поштенски услуги или за промена на обезбедување на поштенски услуги, додека во 2021 година, постапуваше по 23 нотификации.

Слика бр. 7. Постапување по нотификации – споредбено 2020, 2021 и 2022 година

Во 2022 година беше забележано намалување на интересот на правните субјекти за влез на поштенскиот пазар. Оваа констатација произлезе од анализата на примените нотификации од нови правни субјекти и нотификациите за престанок на обезбедување на поштенски услуги кои беа поднесени од лиценцирани даватели на поштенски услуги.

Во 2020 година, на 6 правни субјекти им беше издадено Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги, во 2021 година издадени беа 8 Општи Овластувања за обезбедување на поштенски услуги.

Додека, во 2022 година, Агенцијата има лиценцирано само 3 нови даватели на поштенски услуги.

Само за илустрација, бројот на издадени Општи овластувања за обезбедување на поштенски услуги во 2022 година беше идентичен со бројот забележан во 2012 година. Најмал интерес за влез на поштенскиот пазар беше забележан во 2011 година кога Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги им беше издадено само на 2 правни субјекти.

Слика бр. 8. Број на издадени Општи овластувања за обезбедување на поштенски услуги на нови даватели

Агенцијата за пошти во 2022 година изработи **„Анализа на постапката за лиценцирање, трендот за влез на поштенскиот пазар и причините за излез од пазарната трка“**[5], во која се содржани подетални информации за горенаведените постапки.

[5] Анализа на постапката за лиценцирање, трендот за влез на поштенскиот пазар и причините за излез од „пазарната трка“ | Агенција за пошти (ap.mk)

6. Степен на усогласеност со обврските за обезбедување на универзалната услуга на давателот на универзална услуга

Во согласност со надлежностите за следење на универзалната услуга, со цел да се осигура дека на територијата на Република Северна Македонија истата се обезбедува континуирано и без прекин, по принципите на достапност, фрекфенција на достава и континуитет, квалитет, регулирани цени, вид на услуги и пратки, Агенцијата за пошти во 2022 година продолжи со активности за прибирање податоци за анализа, со посебен акцент на состојбата по укинувањето на рестриктивните мерки од страна на државата, во првата половина од 2022 година.

Бидејќи аспектите за оценка на степенот на усогласеност со обврските беа сеопфатни, активностите на регулаторот се однесуваа на прибирање релевантни податоци за постојната состојба со евентуалните продолжени затворања, промени во мрежата, неодобрени исклучоци и отстапувања во обезбедување на универзалната услуга во внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај.

Исто така се анализираа и модалитетите на флексибилност во обезбедувањето на услугите од опфатот на универзална услуга кои ги практикуваше давателот на универзална услуга АД „Пошта на Северна Македонија“ Скопје.

Агенцијата за пошти во 2022 година го нотира и штрајкот на вработените кај давателот на универзална услуга АД „Пошта на Северна Македонија“ Скопје, кој по претходна најава, се одржа на 14.04.2022 година, по што беше ставен во мирување.

По повод штрајкот, на барање на АД „Пошта на Северна Македонија“, Агенцијата за пошти на 12.04.2022 година изготви и достави писмено мислење за прецизирање на член 49 став 1 од ЗПУ кој се однесува на видови услуги и пратки кои давателот е должен да ги обезбедува за време на штрајк. Стручните мислења и експертизата од регулаторот беа во насока на превенирање на евентуалните штети за корисниците и утврдување на одговорност за штетата.

7. Следење на одржливоста на универзалната услуга

Обврската за исполнување на пропишана фрекфентност на универзалната услуга (секој работен ден, пет пати во неделата) заедно со одржувањето на квалитетот на услугите на одредено ниво, се едни од клучните барања и карактеристики на универзалната како услуга од јавен интерес, чие исполнување Агенцијата за пошти постојано го следи.

Неусогласеноста на работењето на давателот на универзалната услуга по однос на овие барања, Агенцијата за пошти ја нотираше во записник по извршен редовен надзор.

Познавајќи ги националните околности, но и контекстот на европската перспектива која наложува единствен пазар со услуги со одреден квалитет, Агенцијата оцени дека се исполнети условите давателот на универзална услуга да ги прецизира и јасно дефинира класите на поштенските услуги во внатрешен поштенски сообраќај (најпрво за писмата). *Дефинирањето на класите според брзина/време потребно за услугата од почеток до крај, ќе се утврди на начин што ќе воспостави и именува една, две или повеќе класи на стандардна пошта, со рокови.*

Во таа насока, Агенцијата предложи дефинирањето на класите на поштенските услуги во внатрешен поштенски сообраќај да се направи со измена на Номенклатурата на услуги од универзалната услуга од 09.01.2020 година[6]. Агенцијата оцени деко со тоа се прави прв чекор кон подобрување на обезбедување на универзалната услуга, и во таа насока во текот на 2023 година се планирани повеќе регулаторни мерки и активности.

Имајќи во предвид дека АД „Пошта на Северна Македонија“ нема дефинирано стандардни класи на поштенски услуги, (во пракса обезбедува само една недефинирана класа на стандардни услуги за писма), Агенцијата за пошти даде задолженија на АД „Пошта на Северна Македонија“ до февруари 2023 година оперативно да ги воспостави дефинираните класи на пошта според критериум брзина на услугата.

[6] http://ap.mk/ap.mk/resource/legislativa/Nomenklatura_na_UPu(SV).pdf

8. Следење на развојот на конкуренцијата во поштенскиот сектор

Агенцијата за пошти во 2022 година започна со активноста за следење и анализа на оние даватели на поштенски услуги за кои имаше сознанија дека од одредени причини престануваат со обезбедување на поштенски услуги. На дел од давателите им беа дадени насоки за начинот и постапката за престанок на важност на Општото Овластување за обезбедување на поштенски услуги. Додека, кај одредени даватели на поштенски услуги беше извршен увид на лице место, пришто беа констатирани неправилности за кои беа преземени одредени активности за укинување на Општите овластувања за обезбедување на поштенски услуги.

Активноста ќе продолжи и во следниот период со следење и консултации за работењето, за оние даватели на поштенски услуги за кои има сознанија дека имаат потешкотии во работењето и/или сакаат да престанат со обезбедување поштенски услуги поради непрофитабилно работење и др.

Исто така, во 2022 година Агенцијата започна со активности кои се однесуваа на прибирање информации и податоци за тоа како се развива конкуренцијата од давателите кои обезбедуваат поштенски услуги во внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај во однос на:

1. состојбата и промените во мрежните модели на лиценцираните даватели на поштенски услуги;
2. пристап во мрежи на други даватели на поштенски услуги, вклучително и на давателот на универзална услуга, како и за други интермодални услуги;
3. правниот статус на договорните пошти и поштари vs самостојна поштенска дејност во рамки на мрежа на франшизи организирани од лиценцирани даватели на поштенски услуги.

Само за илустрација: Одговорите од некои даватели на поштенски услуги кои беа/се со добар раст и препознатлив пазарен удел во поштенската услука - пакети, дека дејноста ја вршат без воопшто да поседуваат мрежа на објекти и свои вработени низ градовите во Република Северна Македонија, за Агенцијата преставува/ше индикатор за поопширни проверки и анализа за модалитетите и трендовите на развој на конкуренцијата во следниот период.

9. Финансирање на работата на Агенцијата

9.1. Издадени решенија за годишен надоместок за 2022 година

По усвојувањето на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2022 година, од страна на Собранието на Република Северна Македонија, започнувајќи од април 2022 година **Агенцијата за пошти издаде Решенија за годишен надоместок за 2022 година, за 45 даватели на поштенски услуги.Вредноста на поенот за 2022 година изнесуваше 482,1958 денари** и на таа вредност се пресметуваше годишниот надоместок за 2022 година за секој од давателите на поштенски услуги.

Заклучно со 31.10.2022 година, Агенцијата за пошти издаде вкупно **42 заклучоци за бројот на поени за давателите на поштенски услуги за пресметување на годишниот надоместок за 2023 година**. До крајот на декември 2022 година, 7 од давателите на поштенски услуги го изгубија статусот и беа избришани од Регистарот на лиценци на Агенцијата за пошти, и постапките за тие 7 даватели беа запрени.

Врз основа на Извештајот со збирен преглед на доставени Извештаи, вкупниот обем на пазарот на поштенски услуги за 2022 година и пресметаните поени бр.03-17/47 од 31.10.2022 година (и измената од 17.11.2022 година), беше пресметан вкупниот број на поени на поштенскиот пазар во Република Северна Македонија за 2023 година, кој изнесува **53.280 поени**.

Комисијата на Агенцијата за пошти врз основа на поединечно утврдениот број на поени за секој од давателите на поштенски услуги, донесе Одлука за определување на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок за 2023 година бр.02-249/7 од 28.11.2022 година, која беше определена да изнесува 469, 2192 денари. На таа вредност на поенот ќе се вршат пресметувањата на Годишниот надоместок за 2023 година за секој давател на поштенски услуги, вклучително и за АД „Пошта на Северна Македонија“.

Постапките за издавање Решенија за годишен надомест се водат континуирано во текот на годината, соодветно на издадените Општи овластувања за обезбедување на поштенски услуги.

9.2. Наплата на решенија за годишен надоместок

Состојбата со годишниот надоместок за 2022 година на 31.12.2022 година покажа дека 39 даватели на поштенски услуги ја имаа подмирено обврската по основ на решение за годишен надоместок, 5 даватели ја немаа подмирено обврската по основ на решение за годишен надоместок и за нив беа поведени постапки за присилно извршување (за 2 даватели -постапките беа завршени и извршени, додека за 3 даватели сеуште се водат постапки за присилно извршување). Додека давателот на универзална услуга АД „Пошта на Северна Македонија“ има платено дел или 48,92 % од главниот долг[7], односно заклучно со 31.12.2022 година АД „Пошта на Северна Македонија“ останува да должи главен долг во висина од 12.259.790,оо денари или 51,08 % од обврската по Решението за годишен надоместок за 2022 година УП 1 бр.02-52/2022 издадено од Агенцијата за пошти во мај 2022 година.

Слика бр. 9. Состојба - заклучно со 31.12.2022 година



Од вкупниот број на даватели на поштенски услуги кои што во целост ја подмирија обврската по основ на годишен надоместок за 2022 година:

- 14 платиле во законскиот рок;

[7] До одржување на состанокот на Комисијата на Агенцијата за пошти на 28.03.2023 година, АД „Пошта на Северна Македонија“ должи главен долг во висина 7.759.790, оо денари или 32% од обврската по Решението за годишен надоместок за 2022 година

- 25 платиле доброволно, но по истек на рокот, и
- за 2 даватели беше наплатено во постапка на присилно извршување.
- за 3 даватели постапките за присилно извршување се во тек и нема наплата;
- давателот на универзална услуга има подмирено дел од годишниот надоместок.

Слика бр.10. Даватели на поштенски услуги кој ја подмириле законската обврска по основ на годишен надоместок за 2022 година



9.3Постапки за Присилно извршување и судски постапки

Во текот на 2022 година беа поведени **11 постапки за присилно извршување** од кои 6 за главен долг со камата, 5 постапки за наплата на камата за задоцнети плаќања на обврски од минати години. Од нив **5 се завршени и наплатени целосно**, а за **другите 6 беа спроведени блокади на сметките.**

Завршени постапки

Во текот на 2022 година Агенцијата за пошти поведе и заврши 3 постапки за присилно извршување против АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје, за наплата на Решение за годишен надоместок за 2021 година и за камати за задоцнето плаќање на Решенија од 2019 и 2020 година. Постапките И.бр.45/22, И.бр. 47/22 и И.бр.46/22 завршија целосно на 04.03.2022 година, со трансфер на сите наплатени средства од сметката на должникот на сметката на Агенцијата. На овој начин од должникот присилно беа наплатени

вкупно 9.415.012,00 денари, за главен долг и камати за задоцнето плаќање на годишен надоместок заклучно со 2021 година.

Агенцијата за пошти поведе и ја заврши постапката за присилно извршување против давателот на поштенски услуги POSTBOX ДООЕЛ Прилеп за наплата на Решение за годишен надоместок за 2022 година. Постапката целосно заврши на 23.11.2022 година.

Агенцијата за пошти поведе и ја заврши постапката за присилно извршување против давателот на поштенски услуги СИТИ ПОШТА ДООЕЛ Скопје за наплата на Решение за годишен надоместок за 2022 година. Постапката целосно заврши на 24.11.2022 година.

Постапки во тек

За 6 постапки за присилно извршување заклучно со 31.12.2022 година се уште немаше наплата.

Агенцијата за пошти во текот на месец мај 2022 се откажа од натамошно водење и ги повлече Барањата за извршување во 11 предмети бидејќи должниците беа избришани како правни субјекти од Трговскиот регистар на Централниот Регистар на Република Северна Македонија.

Оттука, бројот на активни предмети кои се водат пред извршители за присилна наплата на обврските по Решенија за годишен надомест, на крајот од 2022 година изнесува вкупно 19, заедно со 13-те предмети кои беа поведени во претходните години и за кои сеуште нема наплата.

9.3. Судски прекршочни постапки

Во **текот на 2022 година** Агенцијата за пошти **поведе 3 првостепени прекршочни** постапки пред надлежен Кривичен суд во Скопје за утврдување одговорност и соодветно санкционирање на прекршителите на ЗПУ и **2 второстепени постапки** по жалба на првостепените пресуди до Апелациониот суд во Скопје. **Заедно со претходно поднесените од 2020 година и 2021 година, во текот на 2022 се водеа вкупно 7 прекршочни судски постапки од кои :** 4 во прв степен (од кои 1 предмет беше завршен и пресудата е правосилна) и 3 предмети во второстепена постапка по жалба од Агенцијата,

Агенцијата за пошти поднесе жалби до Апелациониот суд во Скопје за 3 предмети *(за констатирани прекршоци за недозволено вршење поштенска дејност,*

односно за обезбедување поштенски услуги без Општо овластување издадено од страна на Агенцијата за пошти) поради висината на изречените глоби

Во тој контекст, Агенцијата за пошти писмено реагираше до Претседателот на Кривичниот суд Скопје со свои забелешки за благото санкционирање од страна на Судот на прекршителите на ЗПУ кои вршат поштенски услуги без Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги издадено од Агенцијата за пошти, за кои овластените лица за надзор на Агенцијата за пошти констатирале прекршоци при вршење на надзор кај правните субјекти.

9.4. Управни постапки пред Агенцијата

Во 2022 година, Агенцијата за пошти постапуваше по **81 предмети во управна постапка** (80 започнати во 2022 година и 1 предмет пренесен од 2021 година), и сите беа завршени до крај на 2022 година.

По однос на начинот на поведување, најголем број од постапките односно 65 беа поведени по службена должност, додека 17 беа поведени по барање од заинтересирани субјекти (за добивање/одземање, промена на Општо овластување, приговори од корисници и информации од јавен карактер), од кои:

1. 45 постапки беа со предмет Решение за годишен надоместок;
2. 17 постапки беа од надлежноста за лиценцирање;
3. 12 постапки беа со предмети по извршени надзори за кои се изготвени записници;
4. 4 постапки беа пренесени во друг вид постапка;
5. 2 постапки беа поведени по управен приговор од корисници на поштенски услуги, и
6. 1 постапка од областа на информации од јавен карактер.

Слика бр. 11. Начинот на поведување на управни постапки

10. Надзор

Агенцијата за пошти како независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, во согласност со надлежностите предвидени во ЗПУ, врши надзор над спроведување на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Врз основа на член 73 став 3 од ЗПУ, директорката на Агенцијата за пошти донесе Годишен извештај за вршење на надзор кој е составен дел на Годишниот извештај за работа за 2022 година на Агенцијата за пошти.Годишниот извештај за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2022 година[8] ги сумира активностите кои се превземени согласно

Годишната програма за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2022 година бр.01-278/1 од 07.12.2021 година, во насока на вршење на надзор над спроведување на одредбите на овој закон, прописите и другите општи акти донесени врз основа на него, а особено врз:

- пристапот до универзалната услуга;
- квалитетот на обезбедување на универзалната услуга;
- обезбедување пристап до поштенската мрежа;
- примена на цените на универзалната услуга;
- имплементација на сите акти донесени од страна на Агенцијата;
- над други работи утврдени со ЗПУ и над прописите и другите општи акти донесени врз основа на ЗПУ.

Во Годишната програма за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2022 година беа планирани 8 редовни надзори и сите беа реализирани. Во 2022 година извршени се **5 вонредни надзори**.

[8] Годишен извештај за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2022 година | Агенција за пошти (ap.mk)

Слика бр.12. Споредбено: Редовни надзори во 2020 година, 2021 година и 2022 година



Слика бр.13. Споредбено:Вонредни надзори 2020 година, 2021 година и 2022 година

ПОГЛАВЈЕ 2

ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

11. Право на поднесување на претставки и приговори до Агенцијата

Агенцијата за пошти е посветена на заштита на правата на корисниците на поштенските услуги и подигнување на свеста за нивните права и обврски како и да ги поттикне давателите на поштенски услуги на транспарентно работење. Еден од основните приоритети на Агенцијата за пошти и во 2022 година беше комуникацијата со корисниците на поштенските услуги, а сè со единствена цел - да ги заштити и да им овозможи остварување на нивните кориснички права.

Согласно ЗПУ, физичките и правните лица имаа можност да поднесат претставки и управни приговори до Агенцијата за пошти кои се однесуваа на услугите кои ги нудат давателите на поштенски услуги, како и на нивната работа.

Во текот на 2022 година, Агенцијата за пошти, одговараше по поднесоците, информираше, насочуваше и успеа да остане достапна за сите корисници на поштенски услуги на кои им беа потребни информации и насоки за натамошно постапување.

Во 2022 година во Агенцијата беа примени и евидентирани вкупно **29 претставки и 2 управни приговори** од корисници на поштенски услуги, по кои Агенцијата за пошти постапи соодветно и во законски пропишаните рокови.

11.1. Претставки

Претставките беа евидентирани во Уписникот за предметите по предлози и претставки. Начинот на поднесување на претставките беше во писмена форма на адреса на Агенцијата за пошти или електронски на официјалните е-маил адреси (info@ap.mk и kabinet@ap.mk) и усно на записник во просториите на Агенцијата за пошти.

Во 2022 година, 11 корисници поднесоа претставки на службените електронски адреси на Агенцијата за пошти, користејќи во електронскиот начин на поднесување, 16 корисници на писмен начин поднесоа претставки, додека 2 корисници поднесоа претставки усно со сочинување на записник.

Од вкупниот број на поднесени претставки, 22 беа поднесени од физички лица, а 7 од правни лица. Повеќето од подносителите, односно 18 беа во својство на примачи на пратки, а останатите 11 како испраќачи.

Слика бр. 1 Подносители на претставки и начин на поднесување





Во 2022 година, најголем дел од претставките, односно 9, се однесуваа за услугите на давателот на универзалната услуга АД „Пошта на Северна Македонија“.

Во претставките, корисниците се жалеа на доставата на пратки - конкретно за недоставување на препорачани пратки, прекин на достава на поштенски пратки подолг временски период, како и бараа надомест на штета за губење на пратки. Агенцијата ги презеде сите потребни активности и во соработка со давателот на универзалната услуга во законски пропишаниот рок соодветно им одговори на подносителите.

Додека, 7 претставки се однесуваа за услугите на давателот на поштенски услуги „ХЕЛЛО ПОСТ ДООЕЛ СКОПЈЕ“, и во нив корисниците се жалеа на начинот на достава на нотарските платни налози, обезбедувањето на поштенската услуга, непрофесионален однос, неисплатени откупнини како и неможноста да стапат во контакт со давателот.

Понатаму, останатите 13 претставки беа поднесени за услугите на други даватели на поштенски услуги („МГС ДЕЛИВЕРИ ДООЕЛ СКОПЈЕ“ „ДХЛ ЕКСПРЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ“, „КАРГО ЕКСПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Битола“, „ВИП ПОШТА ДООЕЛ СКОПЈЕ“, „ЕКО ЛОГИСТИК СЕРВИС ДООЕЛ СКОПЈЕ“, „ПОСТ ЕКСПРЕС МАКЕДОНИЈА“, „БАЛКАН ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС“, меѓу кои и еден нелиценциран давател на поштенски услуги „POSTMAN AND LOGISTICS“). Како најчест основ за поднесување беше евидентиран несоодветната достава на пратки, начинот на вршење на доставата на нотарски платен налог, оштетување на пратки, неисплатена откупнина и сл.

Слика бр. 2. Број на поднесени претставки кај давателите на поштенски услуги

.

Во законски пропишаниот рок, Агенцијата соодветно одговори по сите претставки, даде соодветни препораки и прецизни насоки за остварување на правото за поднесување на рекламации кај давателите на поштенски услуги.

Слика бр. 3. Споредбено: Број на поднесени претставки



11.2. Управни приговори

Во 2022 година, Агенцијата за пошти постапуваше по 2 управни приговори.

Претставка поднесена од корисник на поштенски услуги беше пренесена во управна постапка за што беше донесено Решението **УПІ бр.02-53** со кое барањето на подносителот беше **одбиено.** (Предметната пратка била препорачана пратка за која во член 4 од ЗПУ јасно е дефинирано дека тоа е услуга со која паушално се гарантира против ризици од губење, ограбување или оштетување на пратка со која на испраќаќот на негово барање му се обезбедува доказ за достава на пратката на примачот).

По Управниот приговор **УПІ бр.02-57** беше донесено Решение со кое барањето на подносителот беше **одбиено.** (Давателот на поштенски услуги одговорил на поднесена рекламација и презел одговорност за настанатата штета, пришто го известил подносителот за одобрениот износ за обештетување и начинот на кој бил формиран износот).

Бројот на примени и евидентирани претставки и управни приговори од страна на корисниците на поштенски услуги, укажа на фактот дека за одредени проблеми со доставата, соработката на корисниците со давателите придонесе за решавање на истите и од таа причина не беа поднесени голем број на претставки до Агенцијата за пошти.

Слика бр. 4. Споредбено: Број на поднесени управни приговори



11.3. Писмена комуникација со корисници

Покрај претставките и приговорите кои се евидентираат во Уписник за предметите по преставки и предлози, Агенцијата оствари и писмена комуникација со **60 граѓани**, кои како корисници на поштенски услуги бараа информации од различен карактер.

Информациите се однесуваа на начините за поднесување на рекламации, известуваа за нередовни достави на пратки на домашните адреси, пријавуваа онлајн измами од социјални мрежи, бараа информации за цените на пратки во меѓународен сообраќај, за статусот на пратки, време на достава, контактни информации за даватели, информираа за доцнењето на исплатата на откунини.

Евидентирани беа и **телефонски повици** од граѓани-корисници на поштенски услуги кои ја информираа Агенцијата за нередовни достави на пратки на куќните адреси, онлајн измами од социјални мрежи, бараа информации за начините на поднесување на рекламации, како и за неможноста да стапат во контакт со одредени даватели со цел да добијат информација за статусот на пратките и откупнините.

Без разлика на начинот на кој се обраќаа корисниците, Агенцијата за пошти на ефикасен начин одговори на нивните барања и им даде соодветни насоки кои се однесуваат на нивните прашања.

11.4. Брошура „Транспарентност при обезбедување на поштенски услуги”[9].

Агенцијата за пошти изработи електронска брошура **Транспарентност при обезбедување на поштенски услуги** која на лесен и разбирлив начин ја објаснува важноста на информациите за корисниците на поштенските услуги кои се однесуваат на видовите и цените на услугите кои се нудат, начинот и роковите на достава, рекламациоиите постапки, информации за контакти и сл.

Транспарентното работење на давателите на поштенски услуги е тренд кој придонесува за градење на позитивна перцепција кај корисниците на поштенските услуги, кој на долг рок гради доверба и лојалност кон брендот на компаниите.

Оваа брошура е добар водич и потсетник за давателите на поштенски услуги кои поседуваат Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги од Агенцијата за пошти, од причина што во неа се забележани причините за нужноста од транспарентното работење од кориснички аспект.

[9] Транспарентност при обезбедување на поштенски услуги.pdf (ap.mk)

ПОГЛАВЈЕ 3

АНАЛИЗА И СЛЕДЕЊЕ НА ПАЗАРОТ

12. Анализа на пазарот на поштенските услуги

Во насока на спроведување на своите надлежности во делот на имплементирање на политиките за регулирање на пазарот со воспоставување на ефективна конкуренција, Агенцијата за пошти континуирано го следи пазарот на поштенски услуги со прибирање, проверка, систематизирање и анализирање на податоците од аспект на обем на поштенските пратки, вид на услуги и приходи.

Агенцијата за пошти и во 2022 година остана доследна на големиот исчекор и во европски рамки, и на праксата која ја воспостави во 2021 година, двапати годишно да се презентирааат Статистички извештаи. На тој начин се овозможува навремено согледување на резултатите од работењето на поштенскиот пазар и навремено планирање на идните активности на сите чинители на пазарот.

Статистичките податоци се клучни, за се развие подобар систем на регулација и да се креираат соодветни политики кои ќе бидат реални и ќе се базираат на вистинската слика за поштенскиот сектор.

Имајќи во предвид дека Извештаите за обезбедување на поштенските услуги давателите ги пополнуваат за период од 1 јануари до 31 јуни, а истите се доставуваат до 1 септември во тековната година, односно за период од 1 јули до 31 декември за тековната година до 01 март наредната година, во 2022 година беа изготвени:

Статистички извештај за поштенските активности во Република Северна Македонија за 2021 година[10], и истиот беше презентиран на јавниот состанок на Агенцијата за пошти во јуни 2022 година, и,

Статистички извештај за поштенските активности во Република Северна Македонија за 2022 година[11] – прво полугодие, и истиот беше презентиран на јавниот состанок на Агенцијата за пошти во декември 2022 година.

12.1. Статистички извештај за поштенските активности во 2021 година

Бројот на вработени во поштенскиот сектор во 2021 година кај давателите на поштенски услуги изнесуваше 3.412 лица, од кои 2.192 вработени во АД „Пошта на Северна Македонија“, додека останатите 1.220 вработени кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар, пришто беше констатирано намалување за 1,3 % во однос на 2020 година (поради бројот на намалување на вработени кај давателот на универзална услуга).

Табела 1: Вкупен број на вработени во поштенскиот сектор

	2021 година
АД „Пошта на Северна Македонија“	2,192
Даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар	1,220
Вкупно	3,412

[10] Статистички извештаи за поштенските услуги | Агенција за пошти (ap.mk)
[11] Статистички извештаи за поштенските услуги | Агенција за пошти (ap.mk)

Табела 2: Преглед на вработени во поштенскиот сектор (2016-2021 година)

	2016 година	2017 година	2018 година	2019 година	2020 година	2021 година
АД „Пошта на Северна Македонија“	2,343	2,244	2,141	2,107	2,275	2,192
Даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар	495	711	836	830	1,183	1,220
Вкупно	2838	2955	2977	2937	3458	3412

Бројот на вработени во АД „Пошта на Северна Македонија“ во 2021 година беше намален во однос на 2020 година за околу 3.6%, а додека бројот на вработени кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар беше зголемен за околу 3,1% во однос на 2020 година.

Графикон 1: Движење на број на вработени лица на пазарот на поштенските услуги (2016-2021 година)

Обемот на поштенскиот пазар во Република Северна Македонија во 2021 година изнесувал 37,616,911 поштенски пратки што преставуваше намалување од 6,6% во споредба со 2020 година.

Табела 3: Вкупен обем на поштенскиот пазар 2016/2021 година

	2016 година	2017 година	2018 година	2019 година	2020 година	2021 година
АД „Пошта на Северна Македонија“	42,627,144	38,061,355	35,374,684	35,945,788	34,462,011	30,559,811
Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар	2,571,484	2,533,241	3,650,629	5,142,443	5,809,170	7,057,100
Вкупен обем	**45,188,628**	**40,594,596**	**39,025,313**	**41,088,231**	**40,271,181**	**37,616,911**

Во текот на 2021 година АД „Пошта на Северна Македонија“ остварила вкупен обем од 30.559.811 поштенски пратки, што означува намалување од 11.3% во однос на 2020 година. Споредбено со неколку години наназад, беше забележано опаѓање на бројот на пратките за кореспонденција (освен во 2019 година, кога се забележува благо зголемување), што се должеше на промена на побарувачката и користењето на традиционалната поштенска услуга - писмо.

Табела 4: Обем на пратки за кореспонденција –писма кај АД „Пошта на Северна Македонија“ (2016-2021 година)

	2016 година	2017 година	2018 година	2019 година	2020 година	2021 година
Вкупен обем остварен од услуги во рамки на универзална услуга	42,254,502	37,783,638	35,110,492	35,654,670	34,191,957	30,286,075
Пратки за кореспонденција	39,905,018	35,895,950	33,357,187	33,509,674	32,300,552	27,507,749

Писма	39,814,249	35,809,522	33,262,315	33,413,939	32,270,772	27,452,545
Обични писма	34,916,319	31,157,263	27,683,036	27,605,542	26,931,099	21,612,652
Препорачани писма	4,728,462	4,445,212	5,353,904	5,609,983	5,172,061	5,683,567
Вредносни писма	169,468	207,046	287,987	198,414	167,612	156,326

Од вкупно остварениот обем на поштенски услуги во АД „Пошта на Северна Македонија“ во 2021 година, 90% беа остварени од услугите за обезбедување на пратките за кореспонденција, а од нив 78,5% за обичните писма.

АД „Пошта на Северна Македонија“ остварениот обем на поштенските услуги најмногу го генерираше од обезбедување на услугите во внатрешен поштенски сообраќај и тоа значителни 82,6%.

Во 2021 година беше забележено зголемување на обемот на пакетите кај АД „Пошта на Северна Македонија“ во однос на 2020 година и тоа за 43%. Зголемување на обемот на пакетите беше во чекор со трендовите и сè поголемата побарувачка на онлајн услугите. Со оглед дека АД „Пошта на Северна Македонија“ имаше опаѓање на овие услуги наназад во годините, ова зголемување значеше дека давателот на универзалната услуга беше насочен кон воведување на нови услуги согласно побарувачката на пазарот.

Табела 5: Број на пакети – АД „Пошта на Северна Македонија“ 2016 -2021 година

	2016 година	2017 година	2018 година	2019 година	2020 година	2021 година
	112.229	110.488	88.481	111.886	90.662	129.840

Во 2021 година кај давателите на поштенските услуги беше забележано зголемување во сегментот – пакети. Сè поголемата побарувачка за онлајн

услугите и развојот на е-трговија се рефлектираше најмногу кај услугата пакети. Развојот на платформите кои нудеа услуги на пазарот во форма на онлајн нарачки го зголеми учеството на давателите на пазарот, особено во делот на пакетите.

Обемот на пакети кај давателите на поштенските услуги во 2021 година бележеше зголемување од 38,7%, во однос на 2020 година.

Табела 6: Обезбедување на услугата – пакети кај даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар – 2016/2021 година

	2016 година	2017 година	2018 година	2019 година	2020 година	2021 година
Пакети	968.383	1,170.554	1.254.526	2.153.277	3.391.864	4.703.100

Давателите на слободниот пазар околу 99% од обемот го остварија во внатрешен сообраќај, од кои 27.6.% беа од пратките за кореспонденција и 66.7% од услугата пакети.

Графикон 2: Обем на пратки за кореспонденција и пакети кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар - (2016/2021 година)



Во 2021 година бројот на рекламации кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар беше зголемен за 29%. Најголем дел од рекламациите беа поднесени за оштетени или изгубени поштенски пратки.

Табела бр. 7. Податоци за безбедност и рекламации за поштенски пратки кај давателите на поштенски услуги



Статистичкиот извештај за поштенските активности во Република Северна Македонија за 2021 година е достапен на следниот линк https://ap.mk/mk/statisticki-izvestai-postenski-uslugi.

12.2. Статистички извештај за поштенските активности за 1 -во полугодие 2022 година

Навременото и точното доставување на податоците од страна на давателите на поштенски услуги дава целосна и вистинита слика на пазарот.

Ненавременото или воопшто не доставување на податоци од одредени даватели, креира недоволно точна слика за развој на пазарот, кој во одреден случај може да покаже и намалување на одредени услуги на пазарот и создавање на крива перцепција за развој на пазарот, но и за развој на одредени чинители на пазарот.

Во првото полугодие на 2022 година, 4 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар не доставија пополнети Извештаи. Притоа, Агенцијата за пошти укажа на можни промени при следни анализи на податоците односно при изработка на анализи во кои е опфатен подолг период, односно цела тековна година.

Табела 1: Податоци за обем на поштенски пратки

	2021 прво полугодие	2022 прво полугодие
АД „Пошта на Северна Македонија“	14,741,246	14,476,048
Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар	3,422,356	3,608,876
Вкупен обем	**18,163,602**	**18,084,924**

Врз основа на добиените податоци беше забележано намалување на вкупниот обем за првото полугодие во 2022 година. Намалувањето на обемот во однос на истиот период во 2021 година изнесуваше околу 0,43 % .

Графикон 1. Остварен обем кај даватели на поштенски услуги



Графикон 2. Удел на даватели на поштенски услуги на пазарот



Во првото полугодие на 2022 година беше забележано зголемување на уделот на пазарот на давателите на поштенски услуги на слободниот пазар за 1.12 % во однос на првото полугодие на 2021 година.

Кај давателот на универзална услуга забележано беше намалување на скоро сите услуги, и тоа во рамките на универзалната услуга за околу 2%.

Во првото полугодие на 2022 година, давателот на универзална услуга забележа намалување на обемот на пакети за околу 3% во однос на првото полугодие на 2021 година.

Имајќи предвид дека поштенскиот пазар се менуваше како во обем, така и во однос на понудата и користењето на услуги, а се заради поголемото користење на е -трговијата и можностите кои се нудат на пазарот, неопходно беше давателите на поштенски услуги своето работење да го насочуваа кон услугата пакети.

Графикон 3: Вкупен обем на пакети



Давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаа зголемување на обемот за околу 5,5% и зголемување на пратките за коресподенција за околу 8%.

Зголемување на пакетските услуги за 18,4 % беше резултат на големата понуда на онлајн услугите и нивното користење од страна на корисниците.

Табела 2. Обем на поштенски пратки кај даватели на поштенски услуги на слободен пазар

	2021 прво полугодие	2022 прво полугодие
ВИДОВИ ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ		
Вкупен обем на поштенски пратки	3,422,356	3,608,876
1. **Пратки за коресподенција**	873,940	943,872
2. **Директна пошта**	189,642	3,400
3. **Пакети**	2,251,273	2,664,504
4. **Печатени работи**	97608	500

Целиот **Статистички извештај за поштенските активности во првото полугодие од 2022 година е достапен на следниот линк** https://ap.mk/mk/statisticki-izvestai-postenski-uslugi.

12.3. Истражување на потребите на корисници на поштенските услуги

Агенцијата за пошти во последниот квартал од 2022 година, во рамки на активностите за следење и анализа на пазарот спроведе преку независна компанија „Истражување на потребите на корисниците на поштенските услуги“[12].

Основен предмет и цел на истражувањето беше проценка на потребите на корисниците на поштенските услуги. **Истражувањето даде одговор и**

[12] https://ap.mk/mk/istrazuvanja-zadovolstvo

проценка колку обезбедувањето на поштенските услуги од страна на давателите на поштенските услуги ги задоволува потребите на корисниците.

Истражувањето беше реализирано со квантитативна истражувачка методологија односно користени беа истражувачките техники: интервјуа лице-в-лице, телефонски интервјуа и веб - засновани/онлајн интервјуа.

Истражувањето опфати 600 лица од кои 180 физички корисници од урбани, рурални и тешко достапни населени места, и 420 правни лица од мали, средни и големи претпријатија.

Целиот текст на Истражувањето е достапен на следниот линк: https://ap.mk/mk/istrazuvanja-zadovolstvo.



ПОГЛАВЈЕ 4

ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

13.Човечки ресурси

Агенцијата за пошти и во 2022 година продолжи со планско развивање, одржување и задржување на професионален и мотивиран човечки потенцијал, како и со рационално користење на знаењата, компетициите и искуствата на вработените за остварување на своите адлежностите.

Заклучно со 31.12.2022 година бројот на вработени во Агенцијата за пошти изнесуваше вкупно 16, од кои 15 вработени со статус на административни службеници, 1 работник ангажиран на определено време преку Агенција за привремени вработувања Мотиви и директор.

Во рамките на постапката за оценување на административните службеници беше спроведено полугодишно интервју на сите административни службеници вработени во Стручната служба на Агенција за пошти во законскиот рок од 15 - 31 мај 2022 година. Во последниот квартал од 2022 година, во законски рок, беше спроведена постапката за оценување на 14 административни службеници во Агенција за пошти од вкупно 15, бидејќи 1 административен службеник го користеше правото на платено отсуство.

Во 2022 година Агенцијата постапуваше по повеќе предмети кои се однесуваа на правата од работен однос на вработените (годишни одмори и надоместоци

на плати - (решенија, извештај и распоред), евиденција за отсуство/присуство, извештаи за платен список, извештаи со податоци за стаж на вработените од ПИОМ, и други предмети).

13.1. Стручно усовршување на вработените во Агенцијата

Агенцијата остана посветена на процесот на развој на своите вработени и во 2022 година продолжи да инвестира во нивното стручно усовршување и оспособување, преку кои обезбеди развој на неопходните знаења и вештини за извршување на работните задачи според висок професионален стандард.

Во 2022 година, имајќи го предвид целокупното опкружување, Агенцијата за пошти реализира значителен дел од предвидениот Годишен план за обуки за 2022 година.

Обуките на кои учествуваа вработените од Агенција за пошти беа реализирани согласно Годишниот план за обуки на вработените на Агенција за пошти за 2022 година.

Во 2022 година, беа реализирани 40 учества на вработени на 13 обуки.

Област на стручно усовршување	Број на вработени кои учествувале на обуката
Советување за изготвување на годишна сметка и финансиски извештаи за 2021 година	1
Изготвување на годишна сметка, финансиските извештаи и даночните биланси и други прописи за 2021 година (КПУ 1/2022)".	1
Менаџмент со јавни набавки во услови на променливи пазарни цени	2
Отворени прашања во примената на Законот за општата управна постапка	4
Јавните набавки во услови на независност и криза	2
Насоки за примена на ЗОУП, најчести предизвици во практична примена и осврт на потребите и причините за измени и дополнувања	7

Задолженијата на офицерот за заштита на лични податоци согласно новиот закон за ЗЛП”	2
84-та средба на правници во организација на Здружение на правници на Република Северна Македонија	2
„Колку ја познаваме и ја почитуваме правната регулатива за канцеларско и архивско работење“	1
„Дигитален маркетинг“	1
„Mail transport challenges and solutions starts“ -вебинар организиран од UPU и IATA	2
тим-билдинг - Решавање на проблемите и градење на доверба во тимот	10
„Перење пари –Соработка на нотаријатот со државните органи“	3

Учеството на вработените на овие настани за стручно усовршување по организациони единици во Агенцијата може да се види на следната слика:

13.2. Градење на тимски дух и создавање на добра работна средина

Во текот на 2022 година, Агенцијата го поттикнуваше тимскиот дух кај вработените и вложуваше во позитивна работна атмосфера, со цел вработените да постигнат поголеми и подобри резултати кога тимски работат на секојдневните работни предизвици и кога заедно донесуваат одлуки. Тргнувајќи од фактот дека тимбилдингот преставува збир на различни видови на активности кои се насочени кон решавање на проблемите и градење на доверба во тимот, во декември се организираше дводневна тимска обука за вработените во Агенцијата на тема „ Улогата на комуникацијата во градење на

тимот и тимски настани“ која беше дизајнирана да ја подобри вербалната и невербалната комуникација на тимот.

13.3. Плати и надоместоци на плати

Со цел да ја зајакне работата во надлежност на Директоратот за заштита на правата на корисниците и односи со јавноста и Директоратот за следење и анализа на пазарот, притоа почитувајќи го и уставниот принцип за еднаква и правична застапеност на сите етнички заедници, Агенцијата за пошти го зголеми својот тим со две нововработени лица и тоа преку:

- Постапка за вработување за административен службеник на неопределено време, на работно место - соработник за решавање спорови, која беше спроведена со јавен оглас бр. 362/2022 преку Агенција за администрација.
- Постапка за вработување за работник на определено време, по претходно дадена согласност од Комисијата на Агенцијата за пошти за работно место – соработник за универзална услуга, која беше спроведена преку Агенција за привремени вработувања.
- Воедно, во 2022 година беа реализирани 2 распоредувања на административни службеници кои беа предвидени со Годишниот план за вработување на Агенцијата за пошти. Имено, со Решенија за распоредувања и утврдување на број на бодови за основна плата од 01.07.2022 година, Агенцијата за пошти на 2 вработени на неопределено време во Стручната служба, со статус на административни службеници од мај 2016 година на ниво Г01, им го призна дополнително стекнатото образование и соодветно ги распореди на работни места на ниво В04, со звање помлад соработник, согласно член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020).

13.4. Плата, надоместоци на плата и други надоместоци, одмори и отсуства

Во 2022 година, Агенцијата за пошти редовно и навреме исплатуваше плата и надоместоци за вработените (административни службеници, лица ангажирани на определено време), директорот и членовите на Комисијата.

Согласно член 56 од Колективниот договор на Агенцијата за пошти беше исплатен регрес за годишен одмор за 2022 година врз основа на претходно донесена Одлука за исплата на регрес за годишен одмор бр.04-176/1 од 22.07.2021 година, и поединечни Решенија за исплата на регрес за сите вработени во Агенцијата.

Врз основа на Одлука бр. 02-284/1 од 27.12.2022 година и Одлука број 02-286/3 од 29.12.2022 година, беше исплатен и додаток на платата во висина утврдена согласно Колективниот договор за сите вработени во Агенцијата за пошти.

13.4.1. Годишни одмори

Во текот на 2022 година Агенцијата за пошти постапуваше по барањата на вработените за користење на годишниот одмор за 2021 (заклучно со 30 јуни 2022 година) и за 2022 година.

14. Систем за менаџмент со квалитет - МКС EN ISO 9001:2015

Агенцијата за пошти за прв пат се здоби со сертификат МКС EN ISO 9001:2015, **со кој се потврди дека го применува системот за менаџмент со квалитет согласно барањата на стандардот.**Активностите на Агенцијата за пошти беа проверени согласно барањата на стандардот и со тоа се потврди дека институцијата ги исполнува барањата на соодветниот стандард и очекуваните резултати во врска со исполнувањето на барањата на клиентите и релевантни закони и прописи со цел да се зголеми задоволството на клиентите, процесите на интерната проверка и преиспитувањето на раководството.

Усогласеноста на системот за управување беше потврдена преку извршената проверка од страна на сертификациското тело ИНТЕРЦЕРТ ДООЕЛ Скопје. Притоа, беше констатирано дека опсегот на сертификација е соодветен на работните активности на организацијата и истиот беше потврден. Со тоа се потврди заложбата на Агенцијата за пошти која со своето професионално и одговорно работење, останува посветена на потребите на поштенскиот пазар, одржлива регулација на поштенските услуги, како и заштита на правата на корисниците.

ПОГЛАВЈЕ 5

СОРАБОТКА

15. Меѓународна соработка

Заради зајакнување на сопствените капацитети за ефикасна примена на ЕУ регулативата во областа на поштенските услуги, Агенцијата за пошти продолжи да разменува искуства со релевантните меѓународни регулаторни тела и институции за поштенска регулација заради унапредување на своето работење.

Учество во работата на Европски комитет за поштенска регулација (CERP)

Во рамките на активностите на Европскиот комитет за поштенска регулација (ЦЕРП), од страна на претставниците на Агенцијата, се следеа предлозите за активности поврзани со актуелните политики за поддршка на Украина, на поштенските работници и инфраструктура на Украинската пошта. Освен на оваа тема, помеѓу земјите членки на ЦЕРП се разгледуваа и дискутираа и други стратешки документи во подготовка на претстојниот пленарен состанок на ЦЕРП, кој се одржа на 28 и 29.06.2022 година, во Мадрид, Шпанија.

На **31.03.2022 година**, се одржа онлајн состанок на работната група УПУ на ЦЕРП на која се дискутираше за правните аспекти на состојбата со мерките /рестрикциите кои Пост Норд ги презела кон Руската и Белоруска пошта, од аспект на УПУ актите и праксата на ЕУ земјите членки за рестрикции во поштенскиот сообраќај за време на воени конфликти и природни катастрофи.

Учество во работата на Група на Европски регулатори за поштенски услуги (ЕРГП)

Во рамките на активностите на Групата за европски регулатори за поштенски услуги (ЕРГП), Агенцијата за пошти како членка – набљудувач ја подржа иницијативата на ЕРГП со која се упати апел до давателите на поштенските услуги да ги намалат, односно укинат таксите кои ги наплатуваат за испраќање на пакети, вклучувајќи ги и поединечните поштенски пратки, кои содржат лекови и хуманитарна помош за Украина.

Агенцијата за пошти преку свои претставници учествуваше на следните активности:

Работни групи на ЕРГП

Работна група за одржливост - Sustainability Work Group

Во рамките на работната група се работеше на реализација на Програмата за 2022 година преку подготовка и одговарање на прашалник на тема - еколошка одржливост во поштенскиот сектор. Заради оскудните информации кај сите европски регулаторни тела на темата која во 2021 за првпат се појави на агендата на ЕРГП, и Агенцијата за пошти со цел прибирање на информации за состојбите во поштенски сектор во Република Северна Македонија оствари соработка со неколку домашни даватели на поштенски услуги.

На 08. и 09.09.2022 година во Будимпешта, Унгарија, работната група го одржа својот 4-ти состанок, на кој се разгледуваше Предлог - Извештајот на за

работата на групата, како и Планот на натамошни активности и задачи. Целите и активностите на работната група за Одржливост беа засновани врз Извештајот на ЕРГП за Зелениот договор во поштенскиот сектор од 2021 година; извештаите во поштенскиот сектор и праксата на давателите, вклучително и резултатите од студијата на Европската Комисија за анализа на влијанието на транспортот и доставата на пакети кои потекнуваат од е -трговија врз загадувањето на воздухот и емисиите на CO2. Целта на работата на групата беше во насока на изнаоѓање на одржливи мерки за намалување на емисиите на CO2, почиста достава и градска достава без емисии имплементирани од давателите, со осврт на некои добри практики.

Работна група за прекугранична достава на пакети на ЕРГП - Cross Border Parcel Delivery Work Group

Во рамките на работната група се одржа неколку состаноци на кои се собираа и анализираа податоци за квалитетот и прекуграничната достава на пакети, доставени од регулаторните тела, во форма на пополнети прашалници.

Работна група за регулаторна рамка - Regulatory Framework Work Group

Во месец февруари и март 2022 година, се одржаа онлајн состаноци на работната група на кои се дискутираше за правните аспекти на онлајн платформите, примената на Поштенската Директива, одржливоста на универзалната услуга и слично.

Пленарни состаноци - Plenary meetings

- Од 24 до 25 ноември 2022 година во Барцелона, Шпанија се одржа 23 –от Пленарен состанок на ЕРГП. На пленарниот состанок се усвои Програмата за работа за 2023 година, која ги даде задачите на ЕРГП за следната година во согласност со стратешките столбови поставени со новата Среднорочна стратегија на ЕРГП за период од 2023 до 2025 година и тоа: (1) Повторно разгледување на поштенскиот сектор и регулаторната рамка во однос на одржливоста на животната средина и дигитализацијата; (2) Промоција на конкурентен единствен поштенски

пазар на ЕУ во контекст на зголемени достави на пратки од е-трговија и (3) Зајакнување на крајните корисници и обезбедување универзална услуга ориентирана кон корисниците.

Во рамки на процесот на спроведување на реформите за трговија и конкурентност во земјите на ЦЕФТА- Централноевропски договор за слободна трговија во чиј состав влегуваат земјите Република Северна Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Молдавија, Црна Гора, Србија и УНМИК (во име на Косово), а усвоен во декември 2019 година, во согласност со барањата при процесот на приближување кон Европската Унија, беа одржани неколку состаноци со претставници на земјите членки во функција на изготвување на заедничка Одлука за заеднички договор за слободна трговија на услуги за пренос на пакети помеѓу земјите членки на ЦЕФТА.

Учество во работата на Светскиот Поштенски Сојуз (СПС)

Од страна на СПС беше доставен Прашалник кој се однесуваше на проширување на Сојузот и достапноста до услугите на сите даватели на поштенски услуги, а не само на назначените даватели на универзалната услуга. Имајќи во предвид дека се подготвува измена на обврските по универзалната услуга (*тема која е широко дискутирана на сите состаноци и низ сите документи се со цел да се редефинираат обврските согласно потребите на корисниците*), во прашалникот беа дадени одговори согласно искуството и анализите произлезени од работењето на Агенцијата за пошти.

Агенцијата за пошти преку свои преставници учествуваше на следните активности:

Сесии на Советот за администрација (СА)

1.Во период од 16 до 20.05.0222 година, во Берн, Швајцарија, претставници од Агенцијата за пошти присуствуваа на првата сесија на СА, со која претседаваше новото претседателство на Советот, избрано по Конгресот одржан во Абиџан, Брегот на слоновата коска во 2021 година. Во рамки на сите

работните состаноци, сите поткомитети на СА ги презентираа активностите за 2022 година, планирани во согласност со Стратегијата и усвоените конгресни документи од Абиџан. На 20.05.2022 година се одржа и пленарната сесија на која се усвоија предложените планови и документи.

2.Во период од 23 до 28 октомври 2022 година во Берн, Швајцарија се одржа 2-та сесија на СА при СПС за 2022 година.

Во рамките на состаноците на Комитетите во рамките на СА, беа разгледани повеќе документи кои се однесуваат на поштенската регулатива, отварањето на Сојузот кон приватните актери во поштенскиот сектор, Стратегијата на Сојузот за период 2026 – 2029 година, и истите беа одобрени од страна на СА. На пленарната сесија, од страна на земјите членки на СА, Саудиска Арабија беше изгласана за земја домаќин на Вонредниот Конгрес на Светскиот Поштенски Сојуз, кој ќе се одржи во октомври 2023 година.

Конференција на СПС

1.На 19.05.2022 година се одржа Конференција на СПС за поштенска регулатива, на која учествуваа претставници од поштенските оператори, регулаторите и Владите на која се дискутираше за регулаторните промени потребни за одржливост на поштите во услови на промени на пазарот.

Во заклучоците на Конференција, генералниот директор на СПС г-дин. Метоки нагласи: *„Сите сме запознаени со предизвиците со кои се соочуваат поштенските субјекти од крајот на минатиот век. Овие предизвици создадоа потреба од мултилатерализам со цел да се решат нови прашања и конфликти, како и воспоставување на современи регулаторни рамки и реформа на поштенскиот сектор“*. Надоврзувајќи се на заклучоците од Конференцијатана СПС, заменикот на генералниот директор г-дин. Освалд, истакна дека *„Од оваа конференција навистина треба да заклучиме дека дефинициите на поштенскиот пазар се стари повеќе од 25 години. Сега универзалната услуга и нејзината одржливост се под закана на условите на пазарот кои што рапидно се менуваат од многу аспекти, па дури и дека самата одржливост на универзалната услуга е закана сама по себе“.*

2.Во организација на Меѓународното биро при СПС, на 27 октомври 2022 година се одржа и Конференција за поштенската регулатива на која учествуваа

носителите на одлуки на највисоко ниво од владите, регулаторните тела, назначените оператори, меѓународните организации како и пошироките чинители во поштенскиот сектор (WPSPs), на која се разменија мислења за ангажманот на приватните актери во работата на СПС и нивниот пристап до производите и услугите на Сојузот.

Во рамки на „Проектот за спречување на нелегална трговија на мало оружје, муниција и експлозивни материи преку поштенски пратки“ на Канцеларијата на обединетите Нации за Дрога и криминал – UNODC, на 28 септември 2022 година, во Белград, Србија, се одржа регионален состанок на кој присуствуваа и преставници на Агенцијата за пошти. Заклучоците од состанокот беа во насока на продолжување и продлабочување на натамошната соработка на сите чинители во сузбивање на вакви нелегални активности.

На **30.03.2022 година**, во организација на Европската Комисија се одржа онлајн работилница на која беа презентирани резултатите од „***Студијата за проценка и анализа на влијанието на патниот транспорт и доставата на пакети од е-трговијата, врз загадувањето на воздухот и емисиите на CO2“*** *(Study to assess and analyse the impact of e-commerce driven transport and parcel delivery on air pollution and CO2 emissions).* Воедно, беа направени подготовки за собирање на податоци за студијата „***Главен развој во поштенскиот сектор од 2017-2021 година“*** *(Main Developments in the Postal Sector 2017-2021).*

На 29 септември 2022 година, во организација на Европската Комисија, во Брисел, Белгија, се одржа работилница на која беше презентирана студијата „Главните случувања во поштенскиот сектор за периодот од 2017- 2021 година“, изработена од страна на консултантската агенција Copenhagen Economics.

На 24 ноември 2022 година, во организација на Европската Комисија се одржа јавна работилница каде се дискутираше за иднината на универзалната услуга во контекст на големо намалување на обемот во традиционалните поштенски услуги и експанзија на пакетите поради е-трговијата и новите потрошувачки навики кои започнаа со пандемијата.

Во период од 17 до 20 октомври 2022 година во Франфург, Германија се одржа саемот **POST EXPO 2022,** на кој беа претставени најновите и најиновативни технологии на светските поштенски индустрии. Во рамките на POST EXPO 2022 се одржа и конференција на која свои излагања имаа експерти од поштенските оператори, курирските компании, од компаниите за логистика, како и компаниите чија дејност е развој и имплементација на најновите технолошки решенија за автоматизација и достава.

Еден од главните настани на POST EXPO 2022 беше одржувањето на **Светскиот форум на лидери**, организиран од страна на СПС, на кој лидерите во поштенскиот сектор од целиот свет имаа можност за дискусија за најновите трендови и најважни случувања во секторот, во насока на модернизација на поштенските услуги. На Parcel + POST EXPO и Светскиот форум на лидери присуствуваа и членови на Комисијата на Агенција за пошти.

Во периодот од 1-ви до 3-ти јуни 2022 година беше одржана првата онлајн сесија од TAIEX проектот за подобрување на капацитетите на Агенцијата за пошти во делот на анализа на пазарот и мерењето на квалитет на поштенските услуги со експерти од Националната Комисија за конкуренција и пазар на Шпанија (регулаторно тело од областа на поштенските услуги) и од Министерството за транспорт, мобилност и урбани работи на Кралството Шпанија.

Во рамките на тридневната сесија од страна на шпанските експерти беа дадени препораки за хармонизација на законодавството со одредбите на ЕУ Директивата 67/97/ЕС, беа споделени практични искуства од имплементацијата на Регулативата за меѓународната достава на пакети во Шпанија. Воедно, беа презентирани методологијата и начинот за подготовка на годишен извештај, квалитетот на универзалната услуга, како и за мерењето на квалитет на поштенските услуги.

- На 09-ти и 10-ти јуни 2022 година беше одржана втората онлајн сесија од TAIEX проектот за подобрување на капацитетите на Агенцијата за пошти во делот на анализа на пазарот и мерењето на квалитет на поштенските

услуги со експерти од националниот давател на поштенски услуги La Post France.

Во рамките на втората сесија од страна на француските експерти беше презентирана законската рамка за собирање и анализа на податоци за поштенските услуги, како и формата на прашалниците за поштенски податоци кои давателите на поштенските услуги имаат обврска да ги доставуваат до француското регулаторно тело (ARCEP), и методологијата на собирање на статистички податоци од страна на националниот давател на поштенски услуги La Poste France. Воедно, од страна на експертите беа споделени практични искуства од имплементацијата на Регулативата за меѓународната достава на пакети во Франција.

На сесиите учествуваа вработени во Агенцијата за пошти и преставници на давателот на универзалната услуга АД „Пошта на Северна Македонија“.

Со реализација на втората сесија беше финализирана и 5-та Компонента од Твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за пошти“ која не беше реализирана во предвидената временска рамка, заради пандемијата предизвикана од Ковид 19. Со реализација на 5-та Компонента, во целост беше заокружен Твининг проектот (кој започна во декември 2018 година, а заврши во јуни 2020 година).

16. Соработка со домашни институции

Агенцијата за пошти продолжи со соработката со релевантните институции заради унапредување на работењето и исполнување на своите законски обврски и надлежности.

Проектот за реформа на јавната администрација на МИОА во својот завршен извештај беше разгледуван и од Стручната служба на Агенцијата за пошти, по однос на точките кои се однесуваат на планираната реформа за регулаторните тела. Писмените забелешки за реорганизација и планираното кратење на надлежностите на независната позиција на поштенскиот регулатор, Агенцијата за пошти писмено ги испрати до повеќе надлежни институции на почетокот на април 2022 година и тоа: Министерството за администрација и информатичко општество, Министерството за транспорт и врски,

Секретаријатот за европски прашања и Делегацијата на Европската Унија во Скопје.

Во насока на продолжување и продлабочување на соработката, контунуирано беа одржувани состаноци со преставници на АД „Пошта на Северна Македонија“.

На 15.06.2022 година во просториите на Агенција за пошти се одржа состанок со претставници од Асоцијација за е-трговија на Македонија на кој се дискутираше за сивата економија во е-трговијата. Состанокот беше во насока на започнување на меѓуинституционална соработка за надминување на проблемот со сивата економија во е-трговија и нерегистрираните Facebook/Instagram продавачи, како и превземање на одредени активности по однос на ова прашање. Од состанокот произлегоа заклучоци и тоа: да се зајакне обврската на давателите на поштенски услуги за задолжително внесување на адресните податоци на испраќачите со цел корисниците да можат своите рекламации за пратките на соодветна адреса да ги испраќаат, а воедно со цел да се намали нелегалната трговија, да не се прават нарачки преку нерегистрирани трговци каде измамите се сè позачестени.

Агенцијата за пошти соработуваше и со Државниот завод за статистика преку пополнување и испраќање на редовни извештаи.

Агенцијата за пошти како дел од системот за превенција, соработуваше и со Управата за финансиско разузнавање. Во врска со законската обврска согласно Законот за спречување пари и финансирање тероризам до **Управата за финансиско разузнавање**, Агенцијата за пошти достави Евиденција за извршени инспекциски надзори од Агенција за пошти за 2021 година број 03-52/2 од 03.02.2022 година и Годишен план за вршење надзор за 2022 година од областа на спречување перење пари и финансирање број 03-53/2 од 03.02.2022 година.

Агенцијата за пошти учествуваше на работен состанок на кој беше презентиран новиот Закон за воздухопловство од страна на **Агенцијата за цивилно воздухопловство**. Заради одредени недоречености во предлог текстот на Законот за воздухопловство, на почетокот на март, Агенцијата за пошти писмено ги упати своите забелешки на Законот.

На барање на **Комисијата за транспорт, врски и екологија, по однос на прашањето** за приватизацијата на АД „Пошта на Северна Македонија“,

Агенцијата за пошти достави информација до Собранието на Република Северна Македонија. Во одговорот на барањето, Агенцијата истакна дека не располага со официјални информации, за почетокот и/или текот на постапката за приватизација на давателот на универзалната услуга.

По повод укинувањето на резервираната област и ценовниот монопол востановен во корист на АД „Пошта на Северна Македонија“, Агенцијата за пошти соработуваше со **повеќе државни институции** во насока на стручна помош поврзана со изработка на техничките спецификации за постапките за јавни набавки, кои институциите за прв пат ќе ги спроведуваат, поради либерализацијата на пазарот.

Согласно Барањето на податоци за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и податоци за половата структура и степенот на образование од **Народен правобранител**, Агенција за пошти достави допис бр.04-46/2 од 28.01.2022 и пополнета EXCEL табела со податоци за вработени во Агенција за пошти.

За потребите на **Државниот завод за Статистика**, Агенцијата за пошти навремено доставуваше одговори на анкетите за слободни работни места,

16.1. Меморандум за соработка со Комисијата за заштита на конкуренција

Директорката на Агенцијата за пошти, м-р Билјана Аврамоска Ѓореска и претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата, проф. д-р Владимир Наумовски склучија **Меморандум за соработка**.

Со потпишување на овој Меморандум, двете институции ја изразија подготвеноста за соработка на полето на заштита на конкуренцијата, со цел унапредување и помагање во развојот на конкуренцијата на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија, поаѓајќи од значењето на поштенскиот пазар за економијата на државата, а особено од поволностите кои произлегуваат од конкуренцијата за крајните корисници.

ПОГЛАВЈЕ 6

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

17. Следење и контрола на процесот на воведување на систем на посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга

Имплементацијата на системот за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите е во директна корелација со надлежностите на Агенцијата за регулирање на цените на универзалната услуга, регулирање на цените за пристап до поштенската мрежа, пресметување на нето трошоците за универзалната услуга и спречување на внатрешното субвенционирање на други услуги кои ги обезбедува давателот на универзалната услуга со приходите остварени од обезбедување на универзалната услуга.

Во текот на 2022 година, Агенцијата за пошти во согласност со своите надлежности превзема активности за унапредување на регулативата, како и унапредување на условите и можностите за реализација на обврската за имплементација на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите од страна на давателот на универзалната услуга. За таа цел користени беа искуствата од другите регулаторни тела, како и искуствата и препораките добиени од работните групи во рамките на Европскиот комитет за поштенска регулација (ЦЕРП) и Групата на европски регулатори за поштенски услуги (ЕРГП) во рамките на Европската комисија. Исто така, согласно препораките добиени од реализираниот Твининг

проектот за „Јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти во согласност со Поштенската директива на ЕУ“ Агенцијата изврши анализа на постојната регулатива за посебно сметководство и во следниот период ќе предложи решенија за измени во регулативата, со цел истата да биде соодветна на условите на поштенскиот пазар во Република Северна Македонија и на можностите кај давателот на универзалната услуга, што би резултирало со побрза имплементација на соодветен систем за посебно сметководство кај давателот на универзалната услуги.

Процесот на имплементација на систем за посебно сметководство започна во 2011 година, кога давателот на универзалната услуга до Агенцијата за пошти достави „Елаборат за утврдување на критериумите за алокација на вкупните трошоци и вкупните приходи“, изготвен од давателот на универзалната услуга и надворешна специјализирана компанија. Доставениот Елаборат беше евалуиран од страна на Агенцијата за пошти и врз основа на активностите и добиените сознанија од евалуацијата, Агенцијата за пошти изработи Мислење за доставениот Елаборат за утврдување на критериумите за алокација на вкупните трошоци и вкупните приходи и истото беше доставено до давателот на универзалната услуга. Во Мислењето беа наведени позитивните аспекти и недоследностите на доставениот Елаборат и понудени беа решенија за надминување на истите и градење на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците на давателот на универзална услуга кој ќе одговори на барањата на Правилникот за водење на посебно сметководство на давателот на универзалната услуга[13] и препораките на Поштенската директива и кој треба да добие позитивно мислење од независна ревизорска куќа.

Давателот на универзалната услуга, треба да преземе активности за надминување на недостатоците на предложениот Елаборат како и активности во насока на имплементирање на препораките од Твининг проектот и да предложи Систем за посебно сметководство и алокација на трошоците кој ќе одговори на барањата на ЗПУ, Правилникот и препораките на Поштенската

[13] Правилник за начинот на водење на посебно сметководство на давателот на универзална услуга | Агенција за пошти (ap.mk)

директива и кој треба да добие позитивно мислење од независна ревизорска куќа.

Во таа насока, беа формирани работни групи од стручни лица вработени кај давателот на универзалната услуга и Агенцијата за пошти, чија работа во следниот период треба да резултира со предлог систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите, како и со измени на регулативата која се однесуваа на оваа прашање.

Целосната имплементација на системот за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга ќе се реализира по одобрувањето на системот од страна на независна ревизорска куќа и врз основа на тоа, по добиена согласност од Агенцијата за пошти.

18. Состојбата на Компезацискиот Фонд за финансирање на универзалната услуга

Нето трошоците за универзалната услуга се пресметуваат како разлика меѓу трошоците на давателот на универзалната услуга направени со обврските за универзалната услуга и трошоците кои давателот би ги реализирал без обврските за универзалната услуга (симулација), имајќи ги во предвид и сите нематеријални и материјални предности на давателот од обезбедувањето на универзалната услуга.

Давателот на универзалната услуга има право на надоместок на споменатите нето трошоци, за чие остварување поднесува барање со пресметка на нето трошоците, поткрепена со финансиски извештај и сметководствени информации базирани на ревидиран годишен извештај за претходната година, не подоцна од 31 март во тековната година.

За обезбедување на финансиските средства за финансирање на нето трошоците за универзалната услуга, Агенцијата за пошти формира компензациски фонд со отворање на посебна жиро сметка, кој се состои од средства кои се обезбедуваат од давателите на поштенски услуги кои остваруваат минимум бруто приход утврден од Агенцијата (задолжени даватели).

Воспоставувањето и функционирањето на компензацискиот фонд, како фонд од кој би се финансирала универзалната услуга под услови и на начин утврдени со ЗПУ и Методологијата на утврдување на нето трошоците на давателот на универзалната услуга и нивното пресметување, е директно поврзано со воведување на систем за посебно сметководството и алокација на трошоците и приходите кај давателот на универзалната услуга. Имено, главен извор на податоците и информациите кои се користат при пресметката на нето трошоците е системот за посебно сметководство, од каде може да се утврдат трошоците за поединечните услуги и фази од обезбедувањето на универзалната услуга, како и приходите и трошоците за деловните единици.

Со оглед на фактот дека заклучно со 31.12.2022 година АД „Пошта на Северна Македонија“, како давател на универзална услуга, немаше поднесено барање за остварување на правото за надоместок на нето трошоците и нема имплементирано систем за посебно сметководство за утврдување на нето трошоците што настанале со обезбедувањето на универзалната услуга, не беа исполнети основните претпоставки за воспоставување и функционирање на компензацискиот фонд.

Овој модел на финансирање, односно надоместување на нето трошоците на универзалната услуга со формирање на компензациски фонд е во согласност со Поштенската директива, меѓутоа скоро и да не се користи во пракса кај земјите од Унијата. Оттука, Агенцијата за пошти во 2022 година, работеше на изнаоѓање на друг модел за финансирање на универзалната услуга кој би бил посоодветен на условите на поштенскиот пазар во нашата земја, кој би можел да се имплементира во пракса и би дал реални резултати кои би биле од помош за давателот во обезбедувањето на обврските на универзалната услуга. Притоа, како најсоодветен модел за финансирање на универзалната услуга беше истакнат моделот на државна помош за надоместување на нето трошоците на давателот на универзалната услуга, кој има широка примена во земјите од Европската Унија. За имплементирање на новиот модел, потребни се законски измени кои ќе бидат иницирани од страна на Агенцијата за пошти во текот на 2023 година.

19. Јавни набавки

На почетокот на 2022 година беше изработен и донесен Годишниот план за Јавни набавки на Агенција за пошти за 2022 година со Одлука од Комисијата на Агенцијата за пошти број 02-41/5 од 28.01.2022 година и истиот беше објавен на системот ЕСЈН, во законскиот рок.

Спроведени постапки за јавни набавки согласно Годишниот План за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за пошти

Врз основа на Годишниот план за јавни набавки бр. 02-41/6 од 28.01.2022 година, Агенцијата за пошти ги реализираше следните јавни набавки:

1.	Постапка бр. 05-105/1 од 08.04.2022 година	Набавка на канцеларски материјали и тонери

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (**месец**): Февруари

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: /Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката

ОБЈАВЕН ОГЛАС: бр. 06089/2022 преку ЕСЈН од 08.04.2022 година

ВКУПНА ВРЕДНОСТ (**без ДДВ**): 84.746,00 денари

ЈАВНО ОТВОРАЊЕ: 15.04.2022 година

ИЗВЕШТАЈ: 17.05.2022 година

ПОНУДУВАЧИ:

За дел I канцеларски материјали:

1. Друштво за производство, промет и услуги ОФИС ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
2. ***Друштво за производство,трговија и услуги ЕКОС ДООЕЛ увоз-извоз Тетово***
3. ***Друштво за производство, трговија и услуги ГРАФОТЕКС ДОО увоз-извоз Скопје***

4. ***Друштво за внатрешна и надворешна трговија ТОЗ-МК ДОО Скопје***
5. ***Друштво за трговија и услуги ЕУРО ОФИС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје***
6. ***Друштво за производство,транспорт,трговија и услуги ДОНИКА ПЛУС ХОЛДИНГ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово***

За дел II тонери:

1. Трговско друштво за промет и услуги БИРОТЕХНИКА-МА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје
2. Друштво за производство, промет, трговија и услуги ТРИНИКС ДООЕЛ Скопје
3. Друштво за производство,трговија и услуги ЕКОС ДООЕЛ увоз-извоз Тетово
4. Трговско друштво за трговија и услуги ОКСА СОЛУШНС ДООЕЛ Скопје
5. Друштво за производство, трговија и услуги ГРАФОТЕКС ДОО увоз-извоз Скопје
6. Друштво за програмирање, услуги и трговија АЛ ГО СИСТЕМИ ДООЕЛ Скопје
7. Друштво за производство, промет и услуги ОФИС ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
8. Друштво за производство, промет и инженеринг на информативни системи МП КОМПЈУТЕРИ ДОО Скопје

ОДЛУКА за поништување на постапката, дел I канцелариски материјали.

ОДЛУКА за избор на најповолна понуда дел II тонери - Трговско друштво за промет и услуги БИРОТЕХНИКА-МА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје - 26.600,00 денари.

2.	**Постапка бр. 05-108/1 од 11.04.2022**	**Набавка на стоки кафе, вода, и безалкохолни пијалоци**

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Април

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката

ОБЈАВЕН ОГЛАС: бр. 06224/2022 преку ЕСЈН од 11.04.2022 година
ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ): 40.000,00 денари
ЈАВНО ОТВОРАЊЕ: 18.04.2022 година
ИЗВЕШТАЈ: 17.05.2022 година
ПОНУДУВАЧИ за набавка на стоки кафе, вода, и безалкохолни пијалоци:

1. Друштво за производство,трговија и услуги РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз Кочани
2. Друштво за производство и трговија на големо и мало ЛИБРА 96 ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
3. Друштво за производство, трговија и услуги КИНЕТИК ГРУП ДООЕЛ експорт

импорт Скопје

ОДЛУКА за избор на најповолна понуда - Друштво за производство, трговија и услуги РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз Кочани- 34.370,50 денари.

3.	**Постапка бр. 05-109/1 од 11.04.2022**	**Набавка на услуги за тековно одржување на хигиена и чистење на канцеларии**

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Март

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката

ОБЈАВЕН ОГЛАС: бр. 06234/2022 преку ЕСЈН од 11.04.2022 година

ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ): 101.695,00 денари

ЈАВНО ОТВОРАЊЕ: 19.04.2022 година

ИЗВЕШТАЈ: 16.05.2022 година

ПОНУДУВАЧИ за набавка на услуги за тековно одржување на хигиена и чистење на канцеларии:

1. Друштво за трговија и услуги СТЕД-КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје
2. Друштво за производство,трговија,посредување и услуги БАПАЛ Благој ДООЕЛ експорт-импорт,Скопје
3. Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги ЛАНД-СЕРВИС ДООЕЛ Скопје
4. Друштво за хигиенско-технички услуги ТЕХНО-ЧИСТ ДОО Скопје
5. Друштво за трговија и услуги СПИДЕР ГРУП ДООЕЛ Скопје
6. Друштво за производство, трговија и услуги ПЕРПЕТУУМОБИЛЕ КЛИНИНГДООЕЛ Скопје
7. Друштво за трговија и услуги КЛИНЕР ДООЕЛ Скопје

ОДЛУКА за поништување на постапката.

4.	**Постапка бр. 05-138/1 од 15.06.2022**	**Набавка на услуги за тековно одржување на хигиена и чистење на канцеларии**

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Март

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката

ОБЈАВЕН ОГЛАС: бр. 09283/2022 преку ЕСЈН од 01.06.2022 година

ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ): : 101.695,00 денари

ЈАВНО ОТВОРАЊЕ: 09.06.2022 година

ИЗВЕШТАЈ: 14.06.2022 година

ПОНУДУВАЧИ за набавка на услуги за тековно одржување на хигиена и чистење на канцеларии:

1. Друштво за трговија и услуги СТЕД-КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје
2. Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги ЛАНД-СЕРВИС ДООЕЛ Скопје
3. Друштво за производство, трговија и услуги ПЕРПЕТУУМОБИЛЕ КЛИНИНГ ДООЕЛ Скопје
4. Друштво за трговија и услуги СПИДЕР ГРУП ДООЕЛ Скопје
5. Друштво за производство,трговија,посредување и услуги БАПАЛ Благој ДООЕЛ експорт-импорт,Скопје
6. Друштво за услуги и трговија БИГОР КЛИНИНГ ДООЕЛ Скопје

ОДЛУКА за избор на најповолна понуда - Друштво за производство, трговија, посредување и услуги БАПАЛ Благој ДООЕЛ експорт-импорт,Скопје - 100.000,00 денари.

5.	**Постапка бр. 05-144/1 од 03.06.2022**	**Набавка на канцеларски материјали**

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Февруари

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката

ОБЈАВЕН ОГЛАС: бр. 09659/2022 преку ЕСЈН од 06.06.2022 година

ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ): 58.140,00 денари

ЈАВНО ОТВОРАЊЕ: 14.06.2022 година

ИЗВЕШТАЈ: 16.06.2022 година

ПОНУДУВАЧИ за канцеларски материјал:

1. Друштво за производство, промет и услуги ОФИС ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
2. Друштво за производство,трговија и услуги ЕКОС ДООЕЛ увоз-извоз Тетово
3. Друштво за внатрешна и надворешна трговија ТОЗ-МК ДОО Скопје

ОДЛУКА за избор на најповолна понуда канцеларски материјал - Друштво за

производство, промет и услуги ОФИС ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје - 58.110,00 денари.

6.	Постапка бр. 05-137/1 од 30.05.2022	**Набавка на компјутерска опрема**

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Април

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката

ОБЈАВЕН ОГЛАС НА: бр. 10390/2022 од 17.06.2022 година

ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ): 171.429,00 денари

ЈАВНО ОТВОРАЊЕ: 27.06.2022 година

ИЗВЕШТАЈ: 04.07.2022 година

ПОНУДУВАЧИ за Набавка на компјутерска опрема:
Нема

ОДЛУКА за поништување на постапката.

7.	Постапка бр. 05-175/1 од 22.07.2022	**Набавка на услуга за резервација и испорака на авионски билети**

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Август

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката

ОБЈАВЕН ОГЛАС: бр. 12357/2022 преку ЕСЈН од 22.07.2022 година

ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ): Сукцесивна набавка за период од две години. 2022 - 922.500,00 денари, 2023 - 922.500,00 денари, вкупно1.845.000,00 денари.

ЈАВНО ОТВОРАЊЕ: 09.08.2022 година

ИЗВЕШТАЈ: 18.08.2022 година

ПОНУДУВАЧИ набавка на услуга за резервација и испорака на авионски билети:

1. Друштво за туризам, трговија и услуги ФИБУЛА ЕР ТРАВЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје

ОДЛУКА за избор на најповолна понуда - Друштво за туризам, трговија и услуги ФИБУЛА ЕР ТРАВЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје - 1.845.000,00 денари.

8.	Постапка бр. 05-188/1 од 08.08.2022	**Набавка на репрезентативен материјал-печатени предмети и сродни производи**

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Октомври

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката

ОБЈАВЕН ОГЛАС: бр. 13438/2022 преку ЕСЈН од 11.08.2022 година

ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ): 61.000,00 денари

ЈАВНО ОТВОРАЊЕ: 02.09.2022 година

ИЗВЕШТАЈ: 07.09.2022 година

ПОНУДУВАЧИ за набавка на репрезентативен материјал-печатени предмети и сродни производи:

1. Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници-Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани

ОДЛУКА за поништување на постапката.

9.	**Постапка бр. 05-202/1 од 13.09.2022**	**Набавка на репрезентативен материјал-печатени предмети и сродни производи**

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Октомври

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката

ОБЈАВЕН ОГЛАС: бр. 15290/2022 преку ЕСЈН од 14.09.2022 година

ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ): 61.000,00 денари

ЈАВНО ОТВОРАЊЕ: 21.09.2022 година

ИЗВЕШТАЈ: 27.09.2022 година

ПОНУДУВАЧИ за набавка на репрезентативен материјал - печатени предмети и сродни производи:

1. Друштво за внатрешна и надворешна трговија ТОЗ-МК ДОО Скопје
2. Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници-Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани

ОДЛУКА за избор на најповолна понуда - Друштво за внатрешна и надворешна трговија ТОЗ-МК ДОО Скопје - 59.950,00 денари.

10.	**Постапка бр. 05-219/1 од 13.10.2022**	**Набавка на услуги за истражување на пазарот - истражување за потребите на корисниците на универзалната услуга**

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Септември

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката

ОБЈАВЕН ОГЛАС: бр. 17361/2022 преку ЕСЈН од 14.10.2022 година

ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ): 153.390,00 денари

ЈАВНО ОТВОРАЊЕ: 21.10.2022 година

ИЗВЕШТАЈ: 31.10.2022 година

ПОНУДУВАЧИ за Набавка на услуги за истражување на пазарот - истражување за потребите на корисниците на универзалната услуга:

1. Друштво за маркетингшко истражување ИПСОС ДООЕЛ Скопје
2. Друштво за истражувања на пазарот јавното мислење и статистички анализи СЕГМЕНТС РЕСЕАРЦХ ДООЕЛ Скопје

ОДЛУКА за избор на најповолна понуда - Друштво за истражувања на пазарот јавното мислење и статистички анализи СЕГМЕНТС РЕСЕАРЦХ ДООЕЛ Скопје - 153.390,00 денари.

11.	**Постапка бр. 05-225/1 од 21.10.2022**	**Набавка на хотелски и угостителски услуги-Хотелско сместување за вработените за време на тим билдинг**

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Август

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката

ОБЈАВЕН ОГЛАС: 18148/2022 преку ЕСЈН од 27.10.2022 година

ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ): 81.300,00 денари

ЈАВНО ОТВОРАЊЕ: 07.11.2022 година

ИЗВЕШТАЈ: 11.11.2022 година

ПОНУДУВАЧИ за Набавка на хотелски и угостителски услуги-Хотелско сместување за вработените за време на тим билдинг:

1. Друштво за трговија, превоз, туризам и услуги АПЕКС ФОР ДООЕЛ експорт-импорт Скопје

ОДЛУКА за избор на најповолна понуда - Друштво за трговија, превоз, туризам и услуги АПЕКС ФОР ДООЕЛ експорт-импорт Скопје - 81.300,00 денари.

12.	**Постапка бр. 05-226/1 од 21.10.2022**	**Набавка на компјутерска опрема**

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Април

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката

ОБЈАВЕН ОГЛАС: бр. 18556/2022 преку ЕСЈН од 03.11.2022 година

ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ): 171.000,00 денари

ЈАВНО ОТВОРАЊЕ: 10.11.2022 година

ИЗВЕШТАЈ: 16.11.2022 година

ПОНУДУВАЧИ за набавка на компјутерска опрема:

1. Друштво за производство,трговија,инженеринг и услуги ИДС-КОМ ДООЕЛ Експорт-Импорт Куманово
2. Друштво за производство,инженеринг.консалтинг и услуги ДОАЈЕН ДАТА СИСТЕМ Мирослав ДООЕЛ експорт-импорт Скопје

ОДЛУКА за избор на најповолна понуда - Друштво за производство, трговија, инженеринг и услуги ИДС-КОМ ДООЕЛ Експорт-Импорт Куманово - 167.950,00 денари.

13.	**Постапка бр. 05-235/1 од 02.11.2022**	**Услуги за сертификација на систем за управување со квалитет согласно стандардот ISO 9001:2015**

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Февруари

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката

ОБЈАВЕН ОГЛАС: бр18645/2022 преку ЕСЈН од 03.11.2022 година

ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ): Сукцесивна набавка за период од три години. 2022 - 61.000,00 денари 2023 - 61.000,00 денари 2024 - 61.000,00 денари, вкупно 183.000,00 денари.

ЈАВНО ОТВОРАЊЕ: 11.11.2022 година

ИЗВЕШТАЈ: 17.11.2022 година

ПОНУДУВАЧИ за услуги за сертификација на систем за управување со квалитет согласно стандардот ISO 9001:2015:

1. Друштво за услуги ИНТЕРЦЕРТ ДООЕЛ Скопје
2. Друштво за едукација, тренинг и истражување АМ ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје
3. МКС-Македонско трговско друштво за сертификација и оценување-ДОО Скопје

MQS-Macedonian trade company for certification and Assessment-DOO Skopje

ОДЛУКА за избор на најповолна понуда - Друштвото за услуги ИНТЕРЦЕРТ ДООЕЛ Скопје - 180.000,00 денари.

14.	Постапка бр. 05-236/1 од 04.11.2022	**Набавка на услуги за ревизија на финансиски извештаи**

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Октомври

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката

ОБЈАВЕН ОГЛАС: бр. 19122/2022 преку ЕСЈН од 10.11.2022 година

ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ): 305.084,00 денари, 2023-152.542,00 и 2024-152.542,00 денари

ЈАВНО ОТВОРАЊЕ: 18.11.2022 година

ИЗВЕШТАЈ: 28.11.2022 година

ПОНУДУВАЧИ за набавка на услуги за ревизија на финансиски извештаи:

1. Друштво за ревизија КРЕСТОН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
2. Друштво за ревизија и бизнис консалтинг А&БА ГРОУП ДООЕЛ Скопје
3. Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
4. Друштво за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ - ПАВЛЕСКА ДОО Скопје
5. Друштво за ревизија, процена и финансиски консалтинг ЕЛИТ ДООЕЛ Скопје

ОДЛУКА за избор на најповолна понуда - Друштво за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ - ПАВЛЕСКА ДОО Скопје - 160.000,00 денари.

15.	Постапка бр. 05-251/1 од 22.11.2022	**Набавка на канцелариски мебел**

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Септември

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката

ОБЈАВЕН ОГЛАС: бр. 20205/2022 преку ЕСЈН од 24.11.2022 година

ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ): 60.000,00 денари

ЈАВНО ОТВОРАЊЕ: 01.12.2022 година

ИЗВЕШТАЈ: 06.12.2022 година

ПОНУДУВАЧИ за Набавка на канцелариски мебел:

1. Друштво за трговија и услуги СОЛАС-ЕКС-ИМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
2. Друштво за производство, трговија и услуги УНИМАК ДОО увоз-извоз Штип
3. Друштво за производство,трговија и услуги МЕБЕЛ ГОДИМЕНТО увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп
4. Производно,трговско и услужно дрштво КАРАТ-М Љупчо ДООЕЛ експорт-импорт Скопје

ОДЛУКА за избор на најповолна понуда - Друштво за производство, трговија и услуги УНИМАК ДОО увоз-извоз Штип - 34.000,00 денари.

16.	**Постапка бр. 05-251/1 од 22.11.2022**	**Набавка на софтверски пакети и информатички системи**

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Април

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката

ОБЈАВЕН ОГЛАС: бр. 20614/2022 преку ЕСЈН од 29.11.2022 година

ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ): 51.600,00 денари

ЈАВНО ОТВОРАЊЕ: 06.12.2022 година

ИЗВЕШТАЈ: 13.12.2022 година

ПОНУДУВАЧИ за набавка на софтверски пакети и информатички системи:

1. Друштво за трговија и услуги ГРАНДИСИМА ДООЕЛ Скопје
2. Друштво за производство,трговија,инженеринг и услуги ИДС-КОМ ДООЕЛ Експорт-Импорт Куманово

ОДЛУКА за избор на најповолна понуда - Друштво за производство, трговија, инженеринг и услуги ИДС-КОМ ДООЕЛ Експорт-Импорт Куманово - 51.100,00 денари.

17.	/	Набавка на консултантски (советодавни) услуги - проверка на методологија за посебно сметководство и алокација на трошоци

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Септември

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: **не беше реализирана** поради фактот што давателот на универзалната услуга нема преземено иницијатива, односно нема поднесено предлог систем за посебно сметководство кој треба да одговори на барањата на регулативата и кој треба да добие позитивно мислење од независна ревизорска куќа ангажирана од Агенцијата за пошти.

18.	/	Набавка на патнички автомобил

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Март / Септември

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: **не е реализирана** поради анти - кризните мерки за рационализација на трошоците во јавниот сектор (забрана за започнување на постапки за набавка на возила, по препорака на Владата на Република Северна Македонија)

19.	/	Набавка за услуги за осигурување е сукцесивна со договор за период од 2 година

20.	/	Образовна услуга за стручно оспособување и усовршување на вработените во Агенцијата – тим билдин е реализирана со договор за авторски хонорар во износ од 20.000, оо денари

Агенцијата за пошти изработи Извештај за спроведени постапки за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за пошти бр. 01-280/1 од 26.12.2022 година[14] и истиот е јавно достапен на веб страницата на Агенцијата.

20. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Агенцијата за пошти, согласно член 23 од ЗПУ, своето работење го финансира од средства остварени од приходите од надоместоците од давателите на поштенски услуги и од донации, заеми и друга финансиска и

[14] Извештај за спроведени постапки за јавни набавки согласно Годишниот План за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за пошти.pdf (ap.mk)

техничка помош. Вредно е да се напомене дека Агенцијата за пошти има целосна финансиска независност, како еден од основните предуслови за успешно функционирање како независно регулаторно тело кое врши јавни овластувања утврдени со закон. Имено, Агенцијата за пошти во 2022 година, во најголем дел, се финансираше од надоместоците од давателите на поштенски услуги согласно член 23 од ЗПУ.

Врз основа на добиено писмено Известување од Министерството за финансии со архивски број 07-48746/1 од 19.12.2008 година, кое се однесува на одредбите согласно кои треба да се води сметководството, Агенцијата за пошти го заснова своето сметководствено и финансиско работење, признавањето на приходите и расходите, проценката на билансните позиции и изготвувањето на финансиските и сметководствените извештаи, на Законот за сметководство на непрофитни организации, Правилникот за сметководство на непрофитни организации, Правилникот за Сметковниот план и билансите на непрофитните организации,Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план на непрофитните организации, Законот за данокот на добивка, Законот за персоналниот данок на доход и други прописи кои го уредуваат финансиското работење на Агенцијата.

√Од презентираните финансиски извештаи за 2022 година се гледа коректното работење на Агенцијата за пошти која своите активности ги извршува според претходно добро предвидени цели, организирани ресурси и јасни визии.Финансиското работење се темели на потребите и мисијата на Агенцијата за пошти кои се во функција на остварување на целите и обврските кои произлегуваат од ЗПУ.

Во прилог презентирани се следните извештаи:

- Финансиски извештај за 2022 година;
- Извештај за извршување на финансискиот план за 2022 година;
- Споредбени показатели на реализирани приходи и расходи за 2022 година и 2021 година;
- Образложение за Финансискиот извештај за 2022 година, Извештај за извршување на финансискиот план за 2022 година и Споредбените

показатели на реализирани приходи и расходи за 2022 година и 2021 година;

- Биланс на состојба за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година;
- Биланс на приходите и расходите за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година;
- Белешка за распоредување на резултатот за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година;
- Даночен биланс за непрофитни организации за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година;
- Посебни податоци за државна евиденција за непрофитните организации (Образец ДЕ);
- Структура на приходите по дејности (СПД - Рекапитулар);
- Финансиски извештаи за годината која завршува на 31.12.2022 година со Извештај на независниот ревизор.

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА

1. Приходи

Конто	Опис на Конто	Реализиран износ 2022 година
1	2	4
72	**Приходи од камати и позитивни курсни разлики**	**4,201,444.00**
720	**Приходи од камати**	**4,201,285.00**
72002	Приходи од камати-даватели на поштенски услуги	4,201,285.00
721	**Приходи од позитивни курсни разлики**	**159.00**
72101	Приходи од позитивни курсни разлики	159.00
75	**Сопствени приходи**	**19,872,295.00**
750	**Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги**	**19,872,295.00**
75001	Сопствени приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги	19,872,295.00
76	**Други приходи**	**232,768.00**
760	**Други приходи**	**232,768.00**
7600	Други приходи	232,768.00
77	**Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година**	**1,863,998.00**
770	**Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година**	**1,863,998.00**
77001	Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година	1,863,998.00
7	ВКУПНО ПРИХОДИ	**26,170,505.00**

2. Расходи

Конто	Опис на Конто	Реализиран износ 2022 година
1	2	4
40	МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА	2,400,162.00
400	**Потрошени материјали**	**212,364.00**
40000	Потрошено гориво	20,514.00
40001	Потрошени канцелариски материјали	79,124.00
40003	Други административни материјали	10,657.00
40004	Други потрошени материјали	37,434.00
40010	Потрошена вода	5,342.00
40011	Други комунални услуги-ѓубретарина	13,596.00
40012	Весници и списанија	0.00
40013	Стручна литература	23,700.00
40021	Ситен инвентар	21,997.00
401	**Потрошена енергија**	**639,757.00**
40100	Кондиционирање (греење, ладење)	339,000.00
40102	Електрична енергија	300,757.00
403	**Други услуги**	**385,241.00**
40301	Пошта	20,081.00
40304	Регистрација и испитување на возило	4,671.00
40305	Телефон и телефакс	38,824.00
40306	Услуги за копирање, печатење и издавање	18,346.00
40307	Службен весник	15,500.00
40308	Надомест за паркинг простор	25,000.00
40309	Чистење на деловни простории	87,229.00

40313	Други услуги (изнајмување, дезинфекција и сл.)	66,522.00
40310	Поправка и одржување на компјутерска опрема	47,928.00
40314	Поправка и сервисирање на возила	16,820.00
40315	Поправка и одржување на останата опрема	1,840.00
40318	Поправка и одржување на софтвер за сметководство	42,480.00
404	**Превозни-транспортни услуги**	**19,060.00**
40401	Превозни-транспортни услуги	19,060.00
405	**Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација**	**179,640.00**
40501	Издатоци за репрезентација	179,640.00
408	**Наемнини**	**964,100.00**
40801	Наемнини за канцелариски простор	964,100.00
41	ДРУГИ РАСХОДИ	6,481,115.00
410	**Провизија за платен промет**	**35,504.00**
41000	Провизија за платен промет	34,758.00
41001	Провизија за купопродажба на девизи	746.00
412	**Премии за осигурување**	**59,686.00**
413	**Дневници за службени патувања и патни трошоци**	**1,228,279.00**
414	**Надоместоци на трошоци на работници**	**667,512.00**
415	**Негативни курсни разлики**	**290.00**
416	**Членарини**	**4,291.00**
417	**Интелектуални и други услуги**	**4,400,276.00**
41701	Други услуги-хост за интернет страна	0.00
41790	Други услуги (фотограф, монтажа и сл.)	23,250.00
41791	Други услуги - превод	3,717.00
41710	Надомест за Комисија - тековна година	2,786,296.00

41712	Надомест по договор	136,000.00
41716	Надомест на трошоци на членови на Комисијата - тековна година	57,484.00
41721	Ревизија на финансиски извештаи	98,530.00
41722	Консултантски услуги	139,580.00
41723	Услуги за истражување на пазарот	306,390.00
41734	Обуки за стручно усовршување	101,106.00
41735	Услуги за привремени вработувања	747,923.00
418	**Останати други расходи**	**85,277.00**
41801	Други расходи (огласи, стандарди, извршители и сл.)	85,127.00
41820	Камата за придонеси и даноци од плата	107.00
41826	Камата за задоцнето плаќање	43.00
44	КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА	**313,591.00**
440	**Средства за градежни објекти-уредување и адаптација**	**42,825.00**
441	**Средства за опрема**	**270,766.00**
4410	Средства за мебел	40,120.00
4410	Средства за компјутерска опрема	176,991.00
4410	Средства за компјутерски софтвер	53,655.00
4410	Средства за патничко возило	0.00
46	ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ	**16,261,823.00**
460	**Вкалкулирани плати**	**16,261,823.00**
4600	Основни плати	10,699,995.00
4600	Придонеси од плати	5,561,828.00
47	ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ	**430,724.00**
470	**Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот**	**430,724.00**

47001	Персонален данок - Надомест за Комисија - тековна година	309,589.00
47003	Персонален данок - Комисија (надомест на трошоци) - тековна година	6,382.00
47004	Персонален данок - Договор	15,110.00
47006	Персонален данок - други исплати	99,643.00
4	**ВКУПНО РАСХОДИ**	**25,887,415.00**

останати расположливи средства	**283,090.00**

ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2022 ГОДИНА

1. Приходи

Конто	Опис на Конто	Планиран износ 2022 година	Реализиран износ 2022 година	Споредбен показател на планиран со реализиран износ
1	2	3	4	5=4/3*100
72	**Приходи од камати и позитивни курсни разлики**	**4,900,000.00**	**4,201,444.00**	**85.74%**
720	**Приходи од камати**	**4,895,000.00**	**4,201,285.00**	**85.83%**
72002	Приходи од камати-даватели на поштенски услуги	4,895,000.00	4,201,285.00	85.83%
721	**Приходи од позитивни курсни разлики**	**5,000.00**	**159.00**	**3.18%**
72101	Приходи од позитивни курсни разлики	5,000.00	159.00	3.18%
75	**Сопствени приходи**	**26,000,000.00**	**19,872,295.00**	**76.43%**
750	**Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги**	**26,000,000.00**	**19,872,295.00**	**76.43%**
75001	Сопствени приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги	26,000,000.00	19,872,295.00	76.43%
76	**Други приходи**	**900,000.00**	**232,768.00**	**25.86%**
760	**Други приходи**	**900,000.00**	**232,768.00**	**25.86%**
7600	Други приходи	900,000.00	232,768.00	25.86%
77	**Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година**	**5,500,000.00**	**1,863,998.00**	**33.89%**

770	**Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година**	**5,500,000.00**	**1,863,998.00**	**33.89%**
77001	Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година	5,500,000.00	1,863,998.00	33.89%
7	ВКУПНО ПРИХОДИ	37,300,000.00	26,170,505.00	70.16%

2. Расходи

Конто	Опис на Конто	Планиран износ 2022 година	Реализиран износ 2022 година	Споредбен показател на планиран со реализиран износ
1	2	3	4	5=4/3*100
40	МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА	2,796,000.00	2,400,162.00	85.84%
400	**Потрошени материјали**	**383,000.00**	**212,364.00**	**55.45%**
40000	Потрошено гориво	72,000.00	20,514.00	28.49%
40001	Потрошени канцеларискиматеријали	100,000.00	79,124.00	79.12%
40003	Други административни материјали	20,000.00	10,657.00	53.29%
40004	Други потрошени материјали	40,000.00	37,434.00	93.59%
40010	Потрошена вода	15,000.00	5,342.00	35.61%
40011	Други комунални услуги-ѓубретарина	16,000.00	13,596.00	84.98%
40012	Весници и списанија	10,000.00	0.00	0.00%
40013	Стручна литература	50,000.00	23,700.00	47.40%
40021	Ситен инвентар	60,000.00	21,997.00	36.66%

401	**Потрошена енергија**	**640,000.00**	**639,757.00**	**99.96%**
40100	Кондиционирање (греење, ладење)	339,000.00	339,000.00	100.00%
40102	Електрична енергија	301,000.00	300,757.00	99.92%
403	**Други услуги**	**583,000.00**	**385,241.00**	**66.08%**
40301	Пошта	45,000.00	20,081.00	44.62%
40304	Регистрација и испитување на возило	10,000.00	4,671.00	46.71%
40305	Телефон и телефакс	40,000.00	38,824.00	97.06%
40306	Услуги за копирање, печатење и издавање	30,000.00	18,346.00	61.15%
40307	Службен весник	20,000.00	15,500.00	77.50%
40308	Надомест за паркинг простор	51,000.00	25,000.00	49.02%
40309	Чистење на деловни простории	120,000.00	87,229.00	72.69%
40313	Други услуги (изнајмување, дезинфекција и сл.)	91,000.00	66,522.00	73.10%
40310	Поправка и одржување на компјутерска опрема	48,000.00	47,928.00	99.85%
40314	Поправка и сервисирање на возила	61,000.00	16,820.00	27.57%
40315	Поправка и одржување на останата опрема	24,000.00	1,840.00	7.67%
40318	Поправка и одржување на софтвер за сметководство	43,000.00	42,480.00	98.79%
404	**Превозни-транспортни услуги**	**25,000.00**	**19,060.00**	**76.24%**
40401	Превозни-транспортни услуги	25,000.00	19,060.00	76.24%
405	**Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација**	**180,000.00**	**179,640.00**	**99.80%**
40501	Издатоци за репрезентација	180,000.00	179,640.00	99.80%
408	**Наемнини**	**985,000.00**	**964,100.00**	**97.88%**
40801	Наемнини за канцелариски простор	985,000.00	964,100.00	97.88%

41	ДРУГИ РАСХОДИ	9,362,000.00	6,481,115.00	69.23%
410	**Провизија за платен промет**	**58,000.00**	**35,504.00**	**61.21%**
41000	Провизија за платен промет	48,000.00	34,758.00	72.41%
41001	Провизија за купопродажба на девизи	10,000.00	746.00	7.46%
412	**Премии за осигурување**	**60,000.00**	**59,686.00**	**99.48%**
413	**Дневници за службени патувања и патни трошоци**	**1,500,000.00**	**1,228,279.00**	**81.89%**
414	**Надоместоци на трошоци на работници**	**700,000.00**	**667,512.00**	**95.36%**
415	**Негативни курсни разлики**	**6,000.00**	**290.00**	**4.83%**
416	**Членарини**	**5,000.00**	**4,291.00**	**85.82%**
417	**Интелектуални и други услуги**	**6,730,000.00**	**4,400,276.00**	**65.38%**
41701	Други услуги-хост за интернет страна	20,000.00	0.00	0.00%
41790	Други услуги (фотограф, монтажа и сл.)	72,000.00	23,250.00	32.29%
41791	Други услуги - превод	301,000.00	3,717.00	1.23%
41710	Надомест за Комисија - тековна година	3,055,000.00	2,786,296.00	91.20%
41712	Надомест по договор	180,000.00	136,000.00	75.56%
41716	Надомест на трошоци на членови на Комисијата - тековна година	75,000.00	57,484.00	76.65%
41721	Ревизија на финансиски извештаи	100,000.00	98,530.00	98.53%
41722	Консултантски услуги	812,000.00	139,580.00	17.19%
41723	Услуги за истражување на пазарот	362,000.00	306,390.00	84.64%
41734	Обуки за стручно усовршување	250,000.00	101,106.00	40.44%
41735	Услуги за привремени вработувања	1,503,000.00	747,923.00	49.76%
418	**Останати други расходи**	**303,000.00**	**85,277.00**	**28.14%**
41801	Други расходи (огласи, стандарди, извршители и сл.)	300,000.00	85,127.00	28.38%

41820	Камата за придонеси и даноци од плата	2,500.00	107.00	4.28%
41826	Камата за задоцнето плаќање	500.00	43.00	8.60%
44	**КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА**	**1,632,000.00**	**313,591.00**	**19.22%**
440	**Средства за градежни објекти-уредување и адаптација**	**120,000.00**	**42,825.00**	**35.69%**
441	**Средства за опрема**	**1,512,000.00**	**270,766.00**	**17.91%**
4410	Средства за мебел	71,000.00	40,120.00	56.51%
4410	Средства за компјутерска опрема	180,000.00	176,991.00	98.33%
4410	Средства за компјутерски софтвер	61,000.00	53,655.00	87.96%
4410	Средства за патничко возило	1,200,000.00	0.00	0.00%
46	**ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ**	**23,000,000.00**	**16,261,823.00**	**70.70%**
460	**Вкалкулирани плати**	**23,000,000.00**	**16,261,823.00**	**70.70%**
4600	Основни плати	15,110,000.00	10,699,995.00	70.81%
4600	Придонеси од плати	7,890,000.00	5,561,828.00	70.49%
47	**ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ**	**510,000.00**	**430,724.00**	**84.46%**
470	**Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот**	**510,000.00**	**430,724.00**	**84.46%**
47001	Персонален данок - Надомест за Комисија - тековна година	340,000.00	309,589.00	91.06%
47003	Персонален данок - Комисија (надомест на трошоци) - тековна година	8,500.00	6,382.00	75.08%
47004	Персонален данок - Договор	20,000.00	15,110.00	75.55%
47006	Персонален данок - други исплати	141,500.00	99,643.00	70.42%
4	**ВКУПНО РАСХОДИ**	**37,300,000.00**	**25,887,415.00**	**69.40%**

останати расположливи средства	**0.00**	**283,090.00**

Споредбени показатели на реализирани приходи и расходи за 2022 и 2021 година

1. Приходи

Конто	Опис на Конто	Реализиран износ 2022 година	Реализиран износ 2021 година	споредбен показател на реализиран износ (%)
1	2	3	4	5=3/4*100
72	Приходи од камати и позитивни курсни разлики	4,201,444.00	45,805.00	9172.46%
720	Приходи од камати	4,201,285.00	45,805.00	9172.11%
721	Приходи од позитивни курсни разлики	159.00	0.00	
75	Сопствени приходи	19,872,295.00	22,154,738.00	89.70%
750	Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги	19,872,295.00	22,154,738.00	89.70%
76	Други приходи	232,768.00	10,041.00	2318.18%
760	Други приходи	232,768.00	10,041.00	2318.18%
77	Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година	1,863,998.00	2,173,277.00	85.77%
770	Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година	1,863,998.00	2,173,277.00	85.77%
7	ВКУПНО ПРИХОДИ	26,170,505.00	24,383,861.00	107.33%

2. Расходи

Конто	Опис на Конто	Реализиран износ 2022 година	Реализиран износ 2021 година	споредбен показател на реализиран износ (%)
1	2	3	4	5=3/4*100
40	МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА	2,400,162.00	2,332,741.00	102.89%
400	Потрошени материјали	212,364.00	222,033.00	95.65%
401	Потрошена енергија	639,757.00	430,000.00	148.78%
403	Други услуги	385,241.00	312,710.00	123.19%
404	Превозни - транспортни услуги	19,060.00	0.00	
405	Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација	179,640.00	403,959.00	44.47%
408	Наемнини	964,100.00	964,039.00	100.01%
41	ДРУГИ РАСХОДИ	6,481,115.00	5,072,999.00	127.76%
410	Провизија за платен промет	35,504.00	34,752.00	102.16%
412	Премии за осигурување	59,686.00	56,597.00	105.46%
413	Дневници за службени патувања и патни трошоци	1,228,279.00	145,413.00	844.68%
414	Надоместоци на трошоци на работници	667,512.00	528,231.00	126.37%
415	Негативни курсни разлики	290.00	0.00	
416	Членарини	4,291.00	4,062.00	105.64%
417	Интелектуални и други услуги	4,400,276.00	4,136,779.00	106.37%
418	Останати други расходи	85,277.00	167,165.00	51.01%
44	КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА	313,591.00	688,019.00	45.58%

440	Средства за градежни објекти-уредување и адаптација	42,825.00	319,620.00	13.40%
441	Средства за опрема	270,766.00	368,399.00	73.50%
46	ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ	16,261,823.00	13,860,047.00	117.33%
460	Вкалкулирани плати	16,261,823.00	13,860,047.00	117.33%
47	ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ	430,724.00	354,510.00	121.50%
470	Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот	430,724.00	354,510.00	121.50%
4	ВКУПНО РАСХОДИ	25,887,415.00	22,308,316.00	116.04%

останати расположливи средства	283,090.00	2,075,545.00

Во врска со Финансискиот Извештај за 2022 година, Извештајот за извршување на Финансискиот план за 2022 година и Споредбените показатели на реализираните приходи и расходи за 2022 и 2021 година на Агенцијата за пошти, Ви го презентираме следното образложение за приходните и расходните ставки одделно:

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

1. РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ

Агенцијата за пошти во 2022 година реализираше приходи во вкупен износ од 26.170.505 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 70,16% и поголема реализација во однос на 2021 година за 7,33%. Одделно по ставки се реализирани следниве приходи:

- **Приходите од камати и позитивни курсни разлики (конто 720 и 721)** се реализирани во износ од 4.201.444 денари (85,74% од планираниот износ во Финансискиот план за 2022 година и за 4.155.639 денари повеќе од реализираниот износ во 2021 година). Оваа ставка опфаќа приходи од камати за задоцнето плаќање на давателите на поштенските услуги и приходи од позитивни курсни разлики при девизното работење на Агенцијата. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на реализираниот износ во 2021 година е резултат на фактот што во 2022 година се наплатени побарувањата за камати за задоцнето плаќање од давателите на поштенски услуги, пред се од давателот на универзалната услуга, кои се однесуваат и на 2019 и на 2020 година.
- **Контото 750 – Сопствени приходи – приходи од годишен надомест од давателите на поштенски услуги** е реализирано во износ од 19.872.295 денари, што претставува реализација на планираниот износ во Финансискиот план за 2022 година од 76,43% и помала реализација во однос на 2021 година за 10,30%. Оваа приходна ставка вклучува Приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги за тековната година во износ од 14.593.139 денари и Приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги за претходните години во износ од 5.279.156 денари. Помалата реализација во однос на 2021 година е

резултат на фактот што давателот на универзалната услуга не ги исполни во целост обврските кон Агенцијата за пошти за годишниот надоместок за 2022 година.

- **Другите приходи - конто 760** се со реализација од 232.768 денари, (25,86% од планираниот износ во Финансискиот план за 2022 година и за 222.727 денари повеќе од реализираниот износ во 2021 година). Во 2022 година оваа ставка опфаќа приходи од надоместоци од осигурителни компании за надоместување на штета на опремата и мебелот предизвикана од временска непогода и надоместување на штета на патничкото возило. Исто така, оваа ставка вклучува и надоместување на патните трошоци за службени патувања кои се на товар на организаторот, односно Групата на европски регулатори на поштенски услуги (ЕРГП). Вредно е да се истакне дека во 2022 Агенцијата нема добиено никаква донација или финансиска поддршка за своето работење.
- **Контото 770 - Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** е реализирано во износ од 1.863.998 денари, што претставува реализација на планираниот износ во Финансискиот план за 2022 година од 33,89% и помала реализација во однос на 2021 година за 14,23%. Средствата од оваа приходна ставка претставуваат нереализирани средства од 2021 година кои се пренесуваат како приход во 2022 година врз основа на член 23 од ЗПУ. Овие средства се користат за основните финансиски потреби на Агенцијата во текот на првите месеци од годината, додека не се наплатат тековните надоместоци од давателите на поштенските услуги.

2. РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ

Агенцијата за пошти во 2022 година реализираше расходи во вкупен износ од 25.887.415 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 69,40% и поголема реализација во однос на 2021 година за 16,04%. Одделно по ставки се реализирани следниве расходи:

- **Потрошени материјали (конто 400)** во износ од 212.364 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 55,45% и помала реализација во однос на 2021 година за 4,35%. Оваа расходна ставка

вклучува трошоци за гориво за службените возила на Агенцијата, канцелариски материјали, вода, комунални услуги, стручна литература за потребите на работењето, ситен инвентар и други потрошени и административни материјали. Помалата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2021 година е резултат на помалите трошоци за ситен инвентар и стручна литература во 2022 година.

- **Потрошена енергија (конто 401)** во износ од 639.757 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 99,96% и поголема реализација во однос на 2021 година за 48,78%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за кондиционирање (греење-ладење) и трошоци за електрична енергија за деловните простории на Агенцијата за пошти кои се наоѓаат во Градскиот Трговски Центар во Скопје. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2021 година се должи на значително поголемите трошоци за електрична енергија, како резултат на зголемените цени на истата.
- Расходи за **други услуги (конто 403)** реализирани во износ од 385.241 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 66,08% и поголема реализација во однос на 2021 година за 23,19%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за поштенски услуги, интернет и фиксна телефонија за потребите на редовното работење, регистрација и надомест за паркинг простор на службените возила на Агенцијата, трошоци за копирање, печатење и издавање, расходи за поправка, сервис и одржување на опремата на Агенцијата, расходи за годишна претплата на Службен весник на Република Северна Македонија и други услуги (изнајмување, чистење на деловните простории и сл.). Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2021 година е резултат на поголемите трошоци за копирање, печатење и издавање, поголемите трошоци за чистење на деловните простории, поголемите трошоци за поправка и сервисирање на компјутерска опрема и поголемите трошоци за изнајмување на простории за јавни седници.
- **Превозни – транспортни услуги (конто 404)** во износ од 19.060 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 76,24% и поголема реализација во однос на 2021 година за 100%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за превоз од/до аеродром во врска со службените патувања во странство кои се реализираат со авионски превоз.

Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2021 година е резултат на фактот што во 2021 година немаше реализација на оваа расходна ставка поради многу малиот број на реализирани службени патувања.

- **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација (конто 405)** во износ од 179.640 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 99,80% и помала реализација во однос на 2021 година за 55,53%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за угостителски услуги, трошоци за храна, пијалаци и средства за хигиена, трошоци за репрезентативни подароци, како и трошоци за печатење на репрезентативен материјал. Сите овие се трошоци за претставување на Агенцијата пред учесниците во поштенскиот сектор како и презентирање и информирање на јавноста за постоењето на Агенцијата и нејзините надлежности и работење, во насока на подигнување на јавната свест за поштенските услуги и унапредување на правата на корисниците на истите. Во текот на 2022 година беа организирани голем број на средби и состаноци со заинтересираните страни од поштенскиот сектор. Помалата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2021 година е резултат на фактот што во текот на 2022 година немаше реализација на веб банер кампањи (изработка на анимирано видео и веб банер).
- **Расходи за наемнини (конто 408)** реализирани во износ од 964.100 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 97,88% и еднаква реализација во однос на 2021 година. Оваа расходна ставка вклучува расходи за наемнини за деловните простории на Агенцијата во Градскиот Трговски Центар во Скопје.
- **Провизија за платен промет (конто 410)** во износ од 35.504 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 61,21% и поголема реализација во однос на 2021 година за 2,16% или 752 денари. Оваа расходна ставка вклучува расходи за банкарски провизии за платен промет и купопродажба на девизи за службени патувања во странство. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2021 година е резултат на поголемите трошоци за провизија за купопродажба на девизи, поради поголемиот број на реализирани службени патувања во странство во однос на 2021 година.

- **Премии за осигурување (конто 412)** во износ од 59.686 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 99,48% и поголема реализација во однос на 2021 година за 5,46%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за осигурување на деловните простории, опремата, службените возила и трошоци за колективно осигурување од незгода на вработените во Агенцијата за пошти. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2021 година е резултат на поголемите трошоци за осигурување на ново набавената опрема.
- Расходите за **дневници за службени патувања и патни трошоци (конто 413)** се реализирани во износ од 1.228.279 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 81,89% и поголема реализација во однос на 2021 година за 744,68%. Оваа расходна ставка вклучува расходи за авио билети, сместување, дневници и други споредни расходи поврзани со службените патувања на вработените во Агенцијата. Имено, вработените во Агенцијата активно учествуваат на состаноците и работните групи организирани од Европскиот Комитет за поштенска регулација (ЦЕРП), во работните активности на Групата на европски регулатори за поштенски услуги (ЕРГП) и во работата на Административниот совет и стратешките конференции во рамките на Светскиот поштенски Сојуз (UPU) како и на други предвидени состаноци во земјата и странство. Исто така, на оваа расходна ставка се вклучени и трошоците направени за службени патувања во земјата (обуки, надзор кај даватели на поштенски услуги и сл.).

  Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2021 година е резултат на фактот што во 2021 година беа реализирани мал обем од планираните службени патувања, односно најголем дел од состаноците беа откажани или се одржаа онлајн како резултат на Ковид 19 пандемијата.
- **Надоместоци на трошоци на работници (конто 414)** во износ од 667.512 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 95,36% и поголема реализација во однос на 2021 година за 26,37%. Оваа расходна ставка вклучува надоместоци на вработените предвидени во колективниот договор на Агенцијата за пошти (регрес за годишен одмор, јубилејна награда, помош за смрт, елементарни непогоди и сл.). Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2021 година

е резултат на фактот што во 2022 година, освен редовните надоместоци, дополнително беа исплатени надоместоци за помош за смрт на член на семејство на двајца вработени во Агенцијата.

- **Негативни курсни разлики (конто 415)** во износ од 290 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 4,83% и поголема реализација во однос на 2021 година за 100%. Оваа расходна ставка вклучува расходи кои се јавуваат при купопродажба на девизи за службените патувања во странство. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2021 година е резултат на фактот што во 2021 година немаше реализација на оваа расходна ставка поради многу малиот број на реализирани службени патувања.
- Расходи за **членарини (конто 416)** во износ од 4.291 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 85,82% и поголема реализација во однос на 2021 година за 5,64%. Оваа ставка вклучува расходи за членарина на Агенцијата во Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2021 година е поради фактот што Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија го зголеми износот на членарината за 2022 година.
- Расходи за **интелектуални и други услуги (конто 417)** реализирани во износ 4.400.276 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 65,38% и поголема реализација во однос на 2021 година за 6,37%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за надоместоците на членовите на Комисијата на Агенцијата во согласност со Одлуката за определување на месечниот надоместок и надоместокот на другите трошоци на членовите на Комисијата, ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата од страна на надворешен и независен ревизор, расходи за консултантски услуги, расходи за истражување на пазарот, надомест по договор за дело за потребите на редовното работење на Агенцијата, расходи за обуки за стручно усовршување согласно Законот за административни службеници, расходи за привремени вработувања ангажирани преку Агенција за привремени вработувања и други услуги (хост за интернет страна, превод, фотографирање, монтажа). Поголемата реализација во однос на 2021 година се должи на поголемите трошоци за услуги за истражување на потребите на корисниците на универзалната

услуга, за обуки за стручно усовршување, за консултантски услуги за имплементација на стандардот ИСО 9001, за интелектуални услуги по договор, како и поголемите трошоци за месечните надоместоци на членовите на Комисијата на Агенцијата како резултат на зголемувањето на просечната исплатена нето плата во Република Северна Македонија.

- **Останатите други расходи (конто 418)** се реализирани во износ од 85.277 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 28,14% и помала реализација во однос на 2021 година за 48,99%. Оваа расходна ставка вклучува расходи за објавување на огласи, набавка на стандарди, трошоци за присилна наплата на побарувања, камати за придонеси и даноци од плати и камати за задоцнето плаќање, како и останати расходи кои не се опфатени со другите расходни групи.
- **Средствата за градежни објекти – уредување и адаптација – конто 440** се реализирани во износ од 42.825 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 35,69% и помала реализација во однос на 2021 година за 86,60%. Оваа расходна ставка вклучува реализирани трошоци за доуредување и адаптација на новите деловни простории на Агенцијата за пошти. Помалата реализација во однос на 2021 година, се должи на фактот што во 2022 година се изврши доуредување на новите деловни простории на Агенцијата, кои беа земени под наем во 2020 година и реновирани во 2020 и 2021 година.
- **Средствата за опрема (конто 441)** се реализирани во износ од 270.766 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 17,91% и помала реализација во однос на 2021 година за 26,50%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за набавка на компјутерска опрема (компјутери и принтери), набавка на компјутерски софтвер и набавка на канцелариски мебел.
- **Расходите за плати и надомести на плати (конто 460)** се реализирани во износ од 16.261.823 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 70,70% и поголема реализација во однос на 2021 година за 17,33%. Согласно Колективниот договор на Агенцијата за пошти основната плата на вработените во Агенцијата се пресметува како производ на бројот на бодови за секое работно место во групата на работни места и вредноста на бодот за пресметување на основната плата утврдена со Одлука на Комисијата на Агенцијата за пошти и одобрена од

страна на Собранието на Република Северна Македонија. Поголемиот износ на оваа расходна ставка е резултат на измените на Колективниот договор на Агенцијата за пошти, како и на поголемиот број на вработени во 2022 во однос на 2021 година.

- **Расходите за даноци и придонеси кои не зависат од резултатот (конто 470)** се реализирани во износ од 430.724 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 84,46% и поголема реализација во однос на 2021 година за 21,50%. Оваа расходна ставка вклучува расходи за данок на личен доход за надоместокот на Комисијата на Агенцијата, данок на личен доход за надоместоците за користење на сопствено возило во службени цели кои се исплаќаат на Комисијата на Агенцијата, данок на личен доход за надоместоците по основ на договор на дело, данок на личен доход за надоместоците исплатени согласно Колективен договор и други исплати. Поголемиот износ на оваа расходна ставка е резултат на поголемиот износ на данок на личен доход за месечните надоместоци на членовите на Комисијата на Агенцијата и поголемиот износ на данок на личен доход за договор на дело и надоместоците исплатено согласно Колективниот договор на Агенцијата за пошти.

Врз основа на Финансискиот Извештај за 2022 година, Извештајот за извршување на финансискиот план за 2022 година и Споредбените показатели на реализираните приходи и расходи за 2022 и 2021 година на Агенцијата за пошти може да се констатира дека во 2022 година Агенцијата за пошти реализираше приходи во вкупен износ од 26.170.505 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 70,16% и поголема реализација во однос на 2021 година за 7,33% и расходи во вкупен износ од 25.887.415 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 69,40% и поголема реализација во однос на 2021 година за 16,04%.

На расходната страна може да се забележи помала реализација во однос на 2021 година кај следните расходни ставки:

- Конто 401 – Потрошени материјали за 4,35%;
- Конто 405 – Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација за 55,53%;
- Конто 418 – Останати други расходи за 48,99%;

- Конто 440 - Средства за градежни објекти и адаптација за 86,60%, и
- Конто 441 – Средства за опрема за 26,50%.

➡Поголема реализација на расходната страна, во 2022 година во однос на реализацијата во 2021 година, може да се забележи кај следните расходни ставки:

- Конто 401 – Потрошена енергија за 48,78%, како резултат на значително поголемите трошоци за електрична енергија, што се должи на зголемените цени на истата;
- Конто 403 – Други услуги за 23,19%, како резултат на поголемите трошоци за копирање, печатење и издавање, поголемите трошоци за чистење на деловните простории, поголемите трошоци за поправка и сервисирање на компјутерска опрема и поголемите трошоци за изнајмување на простории за јавни седници;
- Конто 404 – Превозни – транспортни услуги за 100%, како резултат на фактот што во 2021 година немаше реализација на оваа расходна ставка поради многу малиот број на реализирани службени патувања;
- Конто 410 – Провизија за платен промет за 2,16% или 752 денари, како резултат на поголемите трошоци за провизија за купопродажба на девизи, поради поголемиот број на реализирани службени патувања во странство во однос на 2021 година;
- Конто 412 – Премии за осигурување за 5,46%, како резултат на поголемите трошоци за осигурување на ново набавената опрема;
- Конто 413 – Дневници за службени патувања и патни трошоци за 744,68%, како резултат на фактот што во 2021 година беа реализирани мал обем од планираните службени патувања, односно најголем дел од состаноците беа откажани или се одржаа онлајн како резултат на Ковид 19 пандемијата;
- Конто 414 – Надоместоци на трошоци на работници за 26,37%, поради фактот што во 2022 година, освен редовните надоместоци, дополнително беа исплатени надоместоци за помош за смрт на член на семејство на двајца вработени во Агенцијата;

- Конто 415 – Негативни курсни разлики за 100%, како резултат на фактот што во 2021 година немаше реализација на оваа расходна ставка поради многу малиот број на реализирани службени патувања;
- Конто 416 – Членарини за 5,64%, поради фактот што Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија го зголеми износот на членарината за 2022 година;
- Конто 417 – Интелектуални и други услуги за 6,37%, поради поголемите трошоци за услуги за истражување на потребите на корисниците на универзалната услуга, за обуки за стручно усовршување, за консултантски услуги за имплементација на стандардот ИСО 9001, за интелектуални услуги по договор, како и поголемите трошоци за месечните надоместоци на членовите на Комисијата на Агенцијата како резултат на зголемувањето на просечната исплатена нето плата во земјата.
- Конто 460 – Вкалкулирани плати за 17,33%, како резултат на измените на Колективниот договор на Агенцијата за пошти, како и на поголемиот број на вработени во 2022 во однос на 2021 година, и
- Конто 470 – Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот за 21,50%, како резултат на поголемиот износ на данок на личен доход за месечните надоместоци на членовите на Комисијата на Агенцијата и поголемиот износ на данок на личен доход за договор на дело и надоместоците исплатено согласно Колективниот договор.

На расходната ставка Наемнини – Конто 408 реализиран е еднаков износ во однос на 2021 година.

21/02/2023, 11:36 Поднесување Годишни Сметки преку Веб - Централен Регистар на Република Северна Македонија

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 05-63/1
15.02. 2023 год.
СКОПЈЕ

ЕМБС: 06381049
Целосно име: Агенција за пошти Скопје
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2022

Биланс на приходи и расходи

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
201	- - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210)	2.332.741,00			2.400.162,00
202	- - Потрошени материјали	222.033,00			212.364,00
203	- - Потрошена енергија	430.000,00			639.757,00
204	- - Други услуги	312.710,00			385.241,00
205	- - Превозни и транспортни услуги				19.060,00
206	- - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација	403.959,00			179.640,00
209	- - Наемнини	964.039,00			964.100,00
211	- - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221)	5.072.999,00			6.481.115,00
212	- - Провизија за платен промет	34.752,00			35.504,00
214	- - Премии за осигурување	56.597,00			59.686,00
215	- - Дневници за службено патување	145.413,00			1.228.279,00
216	- - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните	528.231,00			667.512,00
217	- - Негативни курсни разлики				290,00
218	- - Членарини	4.062,00			4.291,00
219	- - Други расходи	4.303.944,00			4.485.553,00

222	- - КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223+224+225)	688.019,00			313.591,00
223	- - Средства за градежни објекти	319.620,00			42.825,00
224	- - Средства за опрема	368.399,00			270.766,00
230	- - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232)	13.860.047,00			16.261.823,00
231	- - а) Вкалкулирани плати	13.860.047,00			16.261.823,00
233	- - Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот	354.510,00			430.724,00
235	- - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234)	22.308.316,00			25.887.415,00
236	- - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235	2.075.545,00			283.090,00
237	- - Даноци, придонеси и други давачки од добивката	211.547,00			188.723,00
238	- - Остварен нето вишок-добивка (236-237)	1.863.998,00			94.367,00
239	- - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252	24.383.861,00			26.170.505,00
243	- - Приходи од камати и позитивни курсни разлики	45.805,00			4.201.444,00
246	- - Сопствени приходи	22.154.738,00			19.872.295,00
247	- - Други приходи	10.041,00			232.768,00
248	- - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година	2.173.277,00			1.863.998,00
250	- - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249	24.383.861,00			26.170.505,00
252	- - ВКУПНО (250+251)=239	24.383.861,00			26.170.505,00
438	- - Број на работници	16,00			17,00

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
1	- - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009)	529.444,00	7.011.134,00	6.317.526,00	693.608,00

2	- - НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА	11.743,00	1.349.313,00	1.288.622,00	60.691,00
3	- - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007)	517.701,00	5.661.821,00	5.028.904,00	632.917,00
6	- - Опрема	397.277,00	3.385.939,00	2.881.345,00	504.594,00
7	- - Други материјални средства	120.424,00	2.275.882,00	2.147.559,00	128.323,00
10	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024)	11.327.791,00	13.527.914,00		13.527.914,00
11	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017)	354.248,00	55.303,00		55.303,00
12	- - Жиро сметка	315.547,00	45.555,00		45.555,00
13	- - Благајна	38.701,00	9.748,00		9.748,00
19	- - КУПУВАЧИ	10.587.197,00	12.756.410,00		12.756.410,00
20	- - ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ	106.998,00	70.197,00		70.197,00
22	- - ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА		45.983,00		45.983,00
23	- - ПОБАРУВАЊА ЗА ПОВЕЌЕ ПЛАТЕНИ ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ	145.614,00			
24	- - АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (025+026+027)	133.734,00	600.021,00		600.021,00
27	- - Други активни временски ограничувања	133.734,00	600.021,00		600.021,00
28	- - МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОИЗВОДИ И СТОКИ (029 до 034)		1.483.274,00	1.483.274,00	0,00
31	- - Ситен инвентар		1.483.274,00	1.483.274,00	
42	- - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041)	11.857.235,00	22.022.322,00	7.800.800,00	14.221.522,00
44	- - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА	482.404,00			585.568,00
45	- - Деловен фонд	482.404,00			585.568,00
46	- - РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА	47.040,00			108.040,00
51	- - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКІ (052 ДО 061)	843.953,00			1.677.136,00
53	- - б) Добавувачи	628.577,00			934.626,00
54	- - в) Обврски спрема државата за даноци и придонеси и други обврски	211.547,00			237.109,00

55	- - г) краткорочни финансиски обврски	3.829,00			3.714,00
56	- - Други краткорочни обврски				501.687,00
62	- - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065)	10.483.838,00			11.850.778,00
63	- - Пасивни временски разграничувања пресметани и однапред наплатени приходи	7,00			7,00
64	- - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година	1.863.998,00			94.367,00
65	- - Други пасивни временски разграничувања	8.619.833,00			11.756.404,00
69	- - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068)	11.857.235,00			14.221.522,00

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
633	- - Набавна вредност на останат нематеријален имот	940.449,00			1.135.172,00
634	- - Ревалоризација на останат нематеријален имот	141.068,00			214.141,00
635	- - Исправка на вредност на останат нематеријален имот	1.069.774,00			1.288.622,00
636	- - Сегашна вредност на останат нематеријален имот (< или = АОП 002 од БС)	11.743,00			60.691,00
643	- - Набавна вредност на превозни средства	1.014.705,00			1.166.911,00
644	- - Ревалоризација на превозни средства	152.206,00			231.049,00
645	- - Исправка на вредност на превозни средства	1.166.911,00			1.397.960,00
647	- - Набавна вредност на информациска и телекомуникациска опрема)	252.394,00			290.253,00
648	- - Ревалоризација на информациска и телекомуникациска опрема	37.859,00			57.470,00
649	- - Исправка на вредност на информациска и телекомуникациска опрема	258.998,00			318.461,00

650	- - Сегашна вредност на информациска и телекомуникациска опрема(< или = АОП 006 од БС)	31.255,00			29.262,00
651	- - Набавна вредност на компјутерска опрема)	1.950.130,00			2.260.814,00
652	- - Ревалоризација на компјутерска опрема	292.521,00			413.754,00
653	- - Исправка на вредност на компјутерска опрема	2.027.189,00			2.220.234,00
654	- - Сегашна вредност на компјутерска опрема(< или = АОП 006 од БС)	215.462,00			454.334,00
673	- - Помош за вработените (< или = на АОП 216 од БПР)	38.027,00			172.512,00
674	- - Јубилејни награди(< или = на АОП 216 од БПР)	40.204,00			
676	- - Издатоци за повремени и привремени работи (< или = на АОП 219 од БПР)	72.500,00			136.000,00
680	- - Плати(< или = на АОП 231 од БПР)	9.129.161,00			10.699.995,00
681	- - Придонеси на плати(< или = на АОП 231 од БПР)	3.880.823,00			4.553.309,00
682	- - Даноци на плати(< или = на АОП 231 од БПР)	850.063,00			1.008.519,00
686	- - Приходи од камати(< или = на АОП 243 од БПР)	45.805,00			4.201.285,00
687	- - Приходи од позитивни курсни разлики (< или = на АОП 243 од БПР)				159,00
695	- - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот	15,00			16,00

Распоредување на резултатот

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
351	- - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА	1.863.998,00			94.367,00
353	- - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352)	1.863.998,00			94.367,00
358	- - ѓ) Дел за пренос во наредната година	1.863.998,00			94.367,00

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
2548	- 84.13 - Управување и давање помош за поуспешно деловно работење				26.170.505,00

Потпишано од:

Goran Ignatovski

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 05-63/1
15.02 2023 год.
СКОПЈЕ

ДАНОЧЕН БИЛАНС
на непрофитни организации

ДБ-НП/ВП

Единствен даночен број	4030008037257
Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт	AGENCIJA ZA PO[TI SKOPJE KEJ 13-TI NOEMVRI/GTC K.2 . ZG.4/L.2 СКОПЈЕ-ЦЕНТАР
Телефон	02/312-107
е-пошта	kabinet@ap.mk

Датум и број на прием: 21/02/2023 11:33:28
2102231701 11

Даночен период: од 01/01/2022 до 31/12/2022

Рок за поднесување: 28/02/2023

Исправка на ДБ-НП/ВП: Број

ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЈНОСТА

Опис на дејност	Шифра НАЦЕ	84.13	Назив НАЦЕ	Управување и давање помош за поуспешно деловно работење
Организационен облик	Шифра	04.1	Назив на организационен облик	Агенција

А. УТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД НА НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ

		АОП	
I.	**ПРИХОДИ ОД ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ**		
1.	Приходи од продажба на производи и стоки	01	0
2.	Приходи од услуги	02	0
3.	Приходи од кирии и закупнини	03	0
4.	Сопствени приходи	04	19872295
II.	**ВКУПНИ ПРИХОДИ ОД ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ (збир од АОП 01 до 04)**	05	19872295
III.	**НАМАЛУВАЊЕ НА ПРИХОДОТ ЗА 1.000.000 денари (член 4-а од Законот за данокот на добивка)**	06	1000000
IV.	**ВКУПНИ ПРИХОДИ ПО НАМАЛУВАЊЕ (реден број II - III)**	07	18872295
V.	**ГОДИШЕН ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД (IV* 1%)**	08	188723

ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

Назив / Име и презиме	Горан	Игнатовски	
ЕДБ / ЕМБГ	0710982450052	Датум на пополнување	21/02/2023 11:32:14
Својство	Сметководител	Потпис	

ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ

Име и презиме	Горан	Игнатовски	
ЕМБГ	0710982450052	Датум на пополнување	21/02/2023 11:33:28
Својство	Сметководител	Потпис	Електронски потпишана

Податоци за обработката

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШ
Бр. 02-65/4
20.02.2023 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став 1 алинеја 7 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија" 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 275/2019, 150/2021 и 227/2022), Комисијата како орган на Агенцијата за пошти на состанокот одржан на 20.02.2023 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА ЗА 2022 ГОДИНА

Член 1

СЕ ОДОБРУВА Годишната сметка за 2022 година на Агенцијата за пошти.

Член 2

Годишната сметка за 2022 година како составен дел од Годишниот Извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2022 година, се доставува до Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 12 став 2 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија" 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" 275/2019, 150/2021 и 227/2022).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

Бр. 02-65/4
Скопје, 20.02.2023 година

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Комисија,
Борче Груевски, претседател

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

За годината која завршува на 31 декември 2022

Со извештај на независниот ревизор

Скопје, март 2023

СОДРЖИНА

Извештај на независниот ревизор i - ii
Финансиски извештаи на Агенцијата за пошти Скопје за годината што завршува на 31 Декември 2022 година
Биланс на приходи и расход.....1
Биланс на состојба 2
Белешки кон финансиските извештаи.....3 - 17

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ - СКОПЈЕ
Примено: 16.03.2023

Орг. Един.	Бр.	Прилог	Вредност
05	53/15	/	/

Друштво за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ – ПАВЛЕСКА ДОО - Скопје
Ул. Даме Груев бр.5/1 Скопје,
тел/фах: 02/311-85-85
www.kprevizija.com.mk, kprevizija@gmail.com

Друштво за ревизија
КОЈЗАКЛИЕВ-ПАВЛЕСКА ДОО
Бр. 03-18
16.3 2023 год
СКОПЈЕ

Извештај на независниот ревизор

До Комисијата на Агенцијата за пошти Скопје

Ние, Друштвото за ревизија Којзаклиев – Павлеска ДОО Скопје, извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Агенцијата за пошти Скопје, (во понатамошен текст Агенцијата), кои што ги вкучуваат Билансот на состојба заклучно со 31 декември 2022 година, Билансот на приходи и расходи за периодот 01 јануари 2022 до 31 декември 2022 како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

Одговорност на раководството за финанските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија за непрофитни организации и интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди применети во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања, да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјални погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резулатат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективно презентирање на финансиските извештаи на Агенцијата, за да обликува ревизорски постапки кои се соодветни на околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на инетрната контрола на Агенцијата. Ревизијата исто така вклучува и оценка на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

(продолжува)

Друштво за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ – ПАВЛЕСКА ДОО - Скопје
Ул. Даме Груев бр.5/1 Скопје,
тел/фах: 02/311-85-85
www.kprevizija.com.mk, kprevizija@gmail.com

До Комисијата на Агенцијата за пошти Скопје (продолжение)

Мислење

Според наше мислење, финансиските извештаи даваат вистинска и објективна слика на финансиската состојба на Агенцијата пошти Скопје заклучно со 31 декември 2022 година, како и на нејзината финансиска успешност за годината која што завршува тогаш, во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија за непрофитни организации.

Скопје, 16 март 2023 година

Овластен ревизор
Јорданчо Којзаклиев

Друштво за ревизија
Којзаклиев – Павлеска ДОО
Скопје

Друштво за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ - ПАВЛЕСКА ДОО Скопје

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

Агенција за пошти Скопје

Финансиски извештаи 31 декември 2022

Биланс на приходи и расходи
За годината што завршува на 31 декември 2022

	Белешка	2022 во 000 денари	2021 во 000 денари
Приходи			
Приходи од надоместоци од давателите на поштенски услуги	4	19,872	22,155
Приходи од камати и позитивни курсни разлики	5	4.201	46
Приходи од други извори	6	233	10
Пренесен дел од вишок на приходи од претходна година		1,864	2,173
		26,170	**24,384**
Расходи			
Материјални расходи и услуги	7	(2,400)	(2,333)
Други расходи	8	(6,481)	(5,073)
Капитални расходи	9	(314)	(688)
Плати и надомест на плати	10	(16,262)	(13,860)
Даноци и придонеси независни од резултатот	11	(430)	(354)
		(25,887)	**(22,308)**
Вишок на приходи - добивка пред оданочување		**283**	**2,076**
Данок од добивка	12	(189)	(212)
Вишок на приходи - добивка по оданочување		**94**	**1,864**

Белешките содржани на страниците од 3 до 17 се составен дел од овие финансиски извештаи

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Агенцијата на ден 20 февруари 2023 година и се потпишани во негово име од страна на:

Горан Игнатовски
Раководител на директорат за финансии, сметководство

Билјана Аврамоска - Ѓореска
Директорка

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

Агенција за пошти Скопје

Финансиски извештаи 31 декември 2022

Биланс на состојба
со состојба на 31 декември 2022

	Белешка	2022 во 000 денари	2021 во 000 денари
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Нематеријални средства	13	61	12
Материјални средства	14	633	517
		694	**529**
Тековни средства			
Парични средства	15	55	354
Побарувања	16	12,873	10,840
АВР	17	600	134
Залихи		-	-
		13,528	**11,328**
ВКУПНО СРЕДСТВА		**14,222**	**11,857**
КАПИТАЛ И ОБВРСКИ			
Капитал	18		
Деловен фонд		586	482
Реваловризациони резерви		108	47
		694	**529**
Обврски			
Обврски кон добавувачи	19	935	629
Обврски спрема државата	20	237	211
Други краткорочни обврски	21	505	4
ПВР	22	11,757	8,620
		13,434	**9,464**
Пренесен дел од вишок на приходи во наредна година		94	1,864
ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ		**14,222**	**11,857**

Белешките содржани на страниците од 3 до 17 се составен дел од овие финансиски извештаи

Горан Игнатовски
Раководител на директорат за финансии и сметководство

Билјана Аврамоска - Ѓореска
Директорка

Белешки кон финансиските извештаи
1 . Основни податоци за Агенцијата

Агенцијата за пошти Скопје (во понатамошниот текст Агенцијата) претставува независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, која е основана како самостојно и непрофитно правно лице и врши јавни овластувања утврдени со Законот за поштенските услуги.

Агенцијата работи согласно *Законот за поштенските услуги* („Службен Весник на Република Македонија" број 9/2008, 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018 и 27/2019 и Службен Весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 150/2021 и 227/22), а започна со работа на 15 јули 2008 година.

Агенцијата е запишана во Централниот Регистар на Република Македонија со единствен матичен број на субјектот 6381049 и со дејност согласно Решението од Централен Регистар со шифра 84.13 – Уредување и давање помош за поуспешно работење.

Седиштето на Агенцијата е во Скопје на улица Кеј 13-ти Ноември бр. ГТЦ кат2/зграда 4-влез 1 локал 2.

Агенцијата има статус на правно лице со јавни овластувања кои се утврдени со Законот за поштенските услуги, подзаконски акти, Статутот на Агенцијата и други општи акти.

Органи на Агенцијата се Комисија и Директор. Комисијата е составена од Претседател и четири члена кои се именувани со Одлука за именување на членови на Комисијата на Агенцијата за пошти од страна на Собранието на Република Северна Македонија. Со Агенцијата управува и раководи директорката г-ѓа Билјана Аврамоска - Ѓореска.

Основни цели и надлежности на Агенцијата се регулирани со Законот на поштенските услуги и Статутот на Агенцијата за пошти. Агенцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија.

2. Основа за подготовка на финансиските извештаи

Агенцијата финансиските извештаи ги подготвува во согласност со применливите законските прописи, а се однесуваат на работењето на непрофитните организации, и тоа:

1. Законот за сметководство на непрофитни организации (Службен Весник на Република Македонија број 24/2003, 80/2005, 17/2011 и 154/2015 и Службен Весник на Република Северна Македонија број 122/21),
2. Правилникот за сметководство на непрофитните организации (Службен Весник на Република Македонија број 42/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011),
3. Правилник за Сметковниот план и билансите на непрофитните организации (Службен Весник на Република Македонија број 117/2005 и 11/2006),
4. Правилник за содржината и формата на одделните сметки во Сметковниот план на непрофитните организации (Службен Весник на Република Македонија број 117/2005).

Финансиските извештаи се изготвени со примена на методот на набавна вредност и принципот на континуитет во работењето.

Белешки кон финансиските извештаи

2. Основа за подготовка на финансиските извештаи (продолжение)

Во изготвувањето на финансиските извештаи Агенцијата ги применува сметководствените политики кои се обелоденети во белешка 3. Сметководствените политики конзистентно се применувани во текот на деловната година, како и во претходната година.

Денарот претставува официјална валута на известување. Износите содржани во финансиските извештаи на Агенцијата, како и во објаснувачките белешки кон финансиските извештаи се прикажани во македонски денари.

Финансиските извештаи на Агенцијата се изготвени на единечна основа, обезбедувајќи информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите, добивките и загубите презентирани во:

- Билансот на состојбата на ден 31.12.2022 година,

- Билансот на приходите и расходите во периодот од 01 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година,

- Преглед на значајни сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Главни квалитативни карактеристики на информациите во финансиските извештаи се:

- разбирливост – да бидат лесно разбирливи за корисниците;
- релевантност – да можат да влијаат врз економските одлуки на корисниците;
- веродостојност – верно да ги претставуваат трансакциите и
- споредливост на податоците од годишната сметка на Агенцијата од различни пресметковни периоди како и споредливост со финансиските извештаи на други правни субјекти.

3. Сметководствени политики

Сметководствените политики се специфични принципи, основи, правила и практики усвоени од страна на Агенцијата при подготвувањето и презентирањето на финансиските извештаи.

Сметководствените политики претставуваат основа при вреднувањето, мерењето, презентирањето и објавувањето на ставките во финансиските извештаи на Агенцијата кои се применувани конзистентно во текот на деловната година, како и во претходната година.

Деловните промени се евидентираат во деловните книги согласно домашната законска регулатива. Сметководствената евиденција се води во рамките на Агенцијата.

3.1. Признавање на приходи и расходи

Признавањето на приходите и расходите се врши со примена на методот на готовинска основа.

Според методот на готовинска основа приходите се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположливи кога се остварени (платени) во пресметковниот период или во рок од 30

Белешки кон финансиските извештаи

3. Сметководствени политики

3.1. Признавање на приходи и расходи (продолжение)

дена по истекот на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Според методот на готовинска основа, расходите се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале доколку се платени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на периодот под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период. Расходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно.

3.2. Класификација на средствата и обврските

Средствата и обврските кои се очекува да бидат ефектуирани или подмирени за 12 месеци по датумот на билансот на состојба, се класифицираат како тековни. Средствата и обврските кои се очекува да бидат ефектуирани или подмирени во период подолг од 12 месеци по датумот на билансот на состојба се класифицираат како нетековни.

3.2.1. Нематеријални и материјални седства

Во нематеријални и материјални средства се класифицираат средствата што:

- се држат за остварување на дејноста и
- се очекува да се користат повеќе од еден финансиски период

Во нематеријални средства се вклучуваат непаричните средства кои може да се идентификуваат и немаат физичка содржина.

Материјалните и нематеријалните средства се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност претставува фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до ставањето на средството во употреба. Капиталните подобрувања, обновувања и поправки кои го продолжуваат животниот век на средството се капитализираат. На 31 декември средствата се прикажуваат по нивната сегашна вредност (набавната вредност намалена за акумулираната амортизација).

Материјалните и нематеријалните средства се амортизираат по праволиниска метода со примена на пропишаните стапки од Номенклатурата на средствата за амортизација, согласно Правилникот за сметководство на непрофитните организации. Пресметката на амортизацијата се врши поединечно, односно за секое средство поодделно во рамките на групите пропишани во Правилникот, се додека вредноста на нетековните средства не биде во целост амортизирана. Средствата се амортизираат од моментот кога се ставаат во употреба, односно од првиот ден од наредниот месец кога се набавени. Пресметанта амортизација се евидентира на товар на деловниот фонд.

Материјалните средства чија поединечна вредност е пониска од 300 евра во денарска противвредност се класифицираат како ситен инвентар кој се отпишува еднократно, независно од корисниот век на употреба. Отписот на ситниот инвентар се евидентира на товар на деловниот фонд.

Белешки кон финансиските извештаи

3. Сметководствени политики

3.2.1. Нематеријални и материјални седства (продолжение)

Пропишаните годишни стапки на амортизација што се користат за одделни недвижности, опрема и нематеријалните средства се:

Нематеријални средства	20 %
Недвижности	2,5 – 10 %
Опрема	10 – 20 %
Мебел	10 – 12 %
Транспортни средства	15 %

Материјалните и нематеријалните средства се ревалоризираат периодично со примена на официјални коефициенти за ревалоризација пресметани врз база на податоците за пораст на цените на индустриските производи. Ефектот на ревалоризацијата на материјалните и нематеријалните средства како и ефектот на ревалоризацијата на амортизацијата се книжи во корист на ревалоризациони резерви.

3.2.2. Залихи

Залихите се состојат од ситен инвентар во употреба, амбалажа и авто гуми. Залихите се евидентират според набавната вредност, која ги опфаќа сите трошоци за набавка и другите трошоци кои се направени за доведување на залихите во нивната сегашна состојба. Со нивното ставање во употреба се врши целосен отпис на нивната вредност.

3.2.3. Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од парични средства: во благајна, на трансакциски сметки и вредносни картички. Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се прикажуваат во номинален износ, а во странска валута по средниот курс на денот на билансирањето. Трансакциите изразени во странски валути се евидентираат според девизниот курс на денот на трансакцијата. Курсните разлики се искажуваат како приходи или расходи во Билансот на приходи и расходи.

3.2.4. Побарувања

Побарувањата се состојат од побарувања од купувачи, побарувања од државата, вработените, активни временски разграничувања и останати побарувања.

Побарувањата од купувачите се признаваат и евидентираат по издадено Решение за годишен надоместок пресметани согласно Законот и Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок.

Белешки кон финансиските извештаи

3. Сметководствени политики

3.2.5. Обврски

Агенцијата ќе признае обврска во Билансот на состојба кога ќе прими средства или друга материјална корист.

При почетното признавање, обврските се мерат по нивната објективна вредност, зголемена за трансакциските трошоци директно поврзани за нивното издавање. Објективната вредност е еднаква на средствата примени во замена за превземените обврски.

Обврските кон добавувачи, се признаваат врз основа на реализација на склучените договори или фактура. Мерењето на обврските се врши според нивната номинална/договорна вредност утврдена во договорот.

Сите краткорочни обврски, кои нема да бидат презентирани во некоја друга позиција во рамките на активата на Билансот на состојба се искажуваат во позицијата останати краткорочни обврски. Оваа позиција ги вклучува обврските кон вработените, обврски за примени аванси, обврски кон државата за даноци и придонеси, обврски за однапред наплатени приходи и останати обврски.

3.2.6. Обврски за данок на добивка

Данокот на добивка се пресметува и плаќа согласно применливата законската регулатива за непрофитни организации. Даночната основица се утврдува врз основа на вкупните приходи од вршење стопанска дејност, намалени за ослободување во износ од 1 милион денари, со примена на стапка од 1%.

3.2.7. Настани по датумот на известување

Настаните по датумот на известување кои обезбедуваат дополнителни информации во врска со состојбата на субјектот на денот на известување (настани за кои може да се врши корегирање) се содржани во финансиските извештаи.

Настаните по датумот на известување за кои не може да се врши корегирање во финансиските извештаи се прикажуваат во белешките во случај кога се материјално значајни.

3.2.8. Неизвесности

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Агенцијата. Неизвесните обврски не се признаваат во финансиските извештаи туку само се обелоденуваат.

Белешки кон финансиските извештаи

3. Сметководствени политики

3.2.9. Користени проценки

Подготвувањето на финансиските извештаи, бара примена на одредени сметководствени проценки како и расудувања од раководството во процесот на примена на сметководствените политики. Најзначајна употреба на расудување и проценки, се однесуваат на објективната вредност на побарувањата и обврските, застареност на залихите, употребниот век на недвижностите, опремата и нематеријалните средства, врз основа на информациите достапни на датумот на обелоденувањето на финансиските извештаи. Ефектите од промените во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на деловниот фонд во периодот на промената.

3.2.10. Промена на сметководствени политики и корекции на грешки

Сметководствените политики се применуваат од период во период на конзистентна основа. Сметководствената политика се менува доколку тоа е условено со измена на законската регулатива.

По исклучок, промена на сметководствените политики може да се направи доброволно, ако се процени дека новата сметководствена политика води кон подобра презентација на случувањата и позициите во финансиските извештаи. За промените во сметководствените политики одлучува Комисијата.

При ретроспективна промена на сметководствена политика, ентитетот ја применува новата сметководствена политика на компаративните информации за претходните периоди до најраниот датум кога тоа е изводливо, исто како новата сметководствена политика да била применета отсекогаш. Кога е непрактично да се одредат ефектите на поединечните периоди на промена во сметководствената политика на компаративните информации за еден или повеќе презентирани периоди, Агенцијата ја применува новата сметководствена политика на сметководствените вредности на средствата и обврските на почетокот на најраниот период за кој е изводлива ретроспективна примена, што пак може да биде тековниот период и ги прави соодветните корекции на почетното салдо на секоја засегната компонента на деловниот фонд за тој период.

Агенцијата ретроспективно ја исправа материјалната грешка од претходен период во првиот финансиски период одбран за објавување, откако истата била откриена, така што:

- повторно ги прикажува компаративните износи за претходниот презентиран период(и) кога грешката се појавила или
- доколку грешката се појавила пред да биде презентиран најраниот претходен период, повторно ги прикажува почетните салда на средствата, обврските и главнината за најраниот презентиран период.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

Агенција за пошти Скопје

Белешки кон финансиските извештаи

4. Приходи од надоместок за надзор

	во 000 денари 2022	во 000 денари 2021
Приходи од годишен надоместок за тековна година	14,526	18,793
Приходи од годишен надоместок за тековна година – присилна наплата преку извршител	67	4
Приходи од годишен надоместок за претходни години	-	3,334
Приходи од годишен надоместок за претходни години – присилна наплата преку извршител	5,279	23
Приходи од годишен надоместок за претходни години –наплата преку стечајна постапка	-	1
ВКУПНО	**19,872**	**22,155**

Приходите од надоместок за надзор се пресметани по основ на Законот за поштенските услуги и Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок.

5. Приходи од камати и позитивни курсни разлики

	во 000 денари 2022	во 000 денари 2021
Приходи од казнени камати од давателите	43	43
Приходи од казнени камати од давателите – присилна наплата преку извршител	4,158	3
ВКУПНО	**4,201**	**46**

Приходите од казнени камати од давателите на поштенски услуги се пресметани согласно Законот за облигационите односи и врз основа на доставени Каматни листи за казнена камата за ненавремено плаќање на годишниот надоместок од страна на давателите на поштенските услуги.

6. Приходи од други извори

	во 000 денари 2022	во 000 денари 2021
Други приходи	233	10
ВКУПНО	**233**	**10**

Другите приходи во 2022 година се приходи од надомест на штета од осигурителни компании за штети на возило, мебел и опрема на Агенцијата во износ од 187 илјади денари и приходи од надомест на патни трошоци за службено патување од страна на Европската група на поштенски регулатори во износ од 46 илјади денари. Другите приходи во 2021 година се приходи од враќање на претходно исплатени средства за авионски билет за службено патување кое е откажано поради Ковид 19.

Белешки кон финансиските извештаи
7. Материјални расходи и услуги

	во 000 денари 2022	во 000 денари 2021
Потрошени материјали	212	222
Потрошена енергија	640	430
Други услуги	385	313
Транспортни услуги	19	-
Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација	180	404
Наемнини	964	964
ВКУПНО	**2,400**	**2,333**

Ставката потрошени материјали за 2022 година се однесува на расходи направени за потрошен канцелариски материјал во износ од 79 илјади денари (2021 – 66 илјади денари), потрошено гориво во износ од 20 илјади денари (2021 – 11 илјади денари), вода и комунални услуги во износ од 19 илјади денари (2021 – 18 илјади денари), ситен инвентар во износ од 22 илјади денари (2021 – 56 илјади денари), стручна литература во износ од 24 илјади денари (2021 – 31 илјади денари) и други трошоци во износ од 48 илјади денари (2021 – 40 илјади денари).

Во ставката потрошена енергија за 2022 година се вклучени расходите за кондиционирање (греење и ладење) во износ од 339 илјади денари (2021 – 315 илјади денари) и потрошена електрична енергија во износ од 301 илјади денари (2021 – 115 илјади денари).

Ставката други услуги за 2022 година се однесува на расходи направени за поштенски услуги во износ од 20 илјади денари (2021 – 25 илјади денари), регистрација и паркинг на службени возила во износ од 30 илјади денари (2021 – 29 илјади денари), фиксна телефонија и интернет во износ од 39 илјади денари (2021 – 35 илјади денари), печатење на материјали во износ од 18 илјади денари (2021 – 0 денари), поправка, сервис и одржување на опрема во износ од 66 илјади денари (2021 – 62 илјади денари), службен весник во износ од 16 илјади денари (2021 – 16 илјади денари), поправка и одржување на софтвер за сметководство во износ од 42 илјади денари (2021 – 43 илјади денари), чистење на деловни простории во износ од 87 илјади денари (2021 – 67 денари) и други трошоци во износ од 67 илјади денари (2021 – 36 илјади денари).

Во ставката транспортни услуги за 2022 година се вклучени расходи за превоз (такси) од и до аеродром при реализација на службените патувања во странство во износ од 8 илјади денари (2021 – 0 денари) и расходи за превоз при реализација на обуката за градење на тим на вработените во Агенцијата во износ до 11 илјади денари (2021 – 0 денари).

Во ставката издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација за 2022 година се вклучени расходите за угостителски услуги во износ од 41 илјади денари (2021 – 38 илјади денари), расходите за храна и пијалоци во износ од 46 илјади денари (2021 – 39 илјади денари), расходите за подароци во износ од 44 илјади денари (2021 – 29 илјади денари), расходите за печатени материјали за репрезентација во износ од 49 илјади денари (2021 – 8 илјади денари) и расходите за веб банер рекламна кампања во износ од 0 денари (2021 – 290 илјади денари).

Ставката наемнини за 2022 година се однесува на расходи направени за наем на деловен - канцелариски простор во износ од 964 илјади денари (2021 – 964 илјади денари).

Белешки кон финансиските извештаи

8. Други расходи

	во 000 денари 2022	во 000 денари 2021
Провизија на платен промет	35	35
Премии за осигурување	60	57
Дневници за службено патување и патни трошоци	1,228	145
Надоместоци на трошоци на работници и граѓани	668	528
Негативни курсни разлики	-	-
Членарини	4	4
Други расходи	4,486	4,304
ВКУПНО	**6,481**	**5,073**

Трошоците за службено патување во 2022 година се однесуваат на расходи за сместување во странство во износ од 577 илјади денари (2021 – 57 илјади денари), дневници за службено патување во странство во износ од 165 илјади денари (2021 – 17 илјади денари), расходи за сместување во земјата во износ од 84 илјади денари (2021 – 2 илјади денари), дневници за службено патување во земјата во износ од 32 илјади денари (2021 – 17 илјади денари), споредни расходи поврзани со службените патувања во износ од 60 илјади денари (2021 – 8 илјади денари) и патни расходи во износ од 310 илјади денари (2021 – 44 илјади денари).

Ставката надоместоци на трошоци на работници и граѓани за 2022 година се однесува на расходи за регрес на годишен одмор за вработените во Агенцијата и расходи за финансиска помош за смрт на член на семејно домаќинство, согласно Колективниот договор на Агенцијата за пошти.

Ставката надоместоци на трошоци на работници и граѓани за 2021 година се однесува на расходи за регрес на годишен одмор за вработените во Агенцијата и расходи за помош за штета од елементарна непогода-пожар и расходи за јубилејна награда, согласно Колективниот договор на Агенцијата за пошти.

Ставката други расходи за 2022 година се однесува на:
- исплата на надоместоците за членовите на Комисијата на Агенцијата во износ од 2,844 илјади денари (2021 – 2,557 илјади денари) пресметани согласно Одлуката за определување на месечниот надоместок и другите трошоци на членовите на Комисијата на Агенцијата, донесена од Комисијата,
- Услуги за привремени вработувања во износ од 748 илјади денари (2021 – 1,112 илјади денари),
- Консултантски услуги во износ од 140 илјади денари (2021 – 55 илјади денари),
- Надомест по договор за дело во износ од 136 илјади денари (2021 – 73 илјади денари),
- Обуки за стручно усовршување во износ од 101 илјади денари (2021 – 86 илјади денари),
- Ревизија во износ од 99 илјади денари (2021 – 98 илјади денари),
- Истражување на пазарот во износ од 306 илјади денари (2021 – 0 денари),
- Хост за веб страна во износ од 0 денари (2021 – 16 илјади денари),
- Систематски преглед на вработените во износ од 0 денари (2021 – 41 илјади денари),
- Објавување на огласи за вработување и јавни набавки во износ од 51 илјади денари (2021 – 106 илјади денари),
- Услуги за превод во износ од 4 илјади денари (2021 – 37 илјади денари),
- Трошоци за извршители и нотари во износ од 33 илјади денари (2021 - 15 илјади денари) и
- други расходи во износ од 24 илјада денари (2021 – 108 илјади денари).

Белешки кон финансиските извештаи

9. Капитални расходи

	во 000 денари 2022	во 000 денари 2021
Средства за уредување и адаптација на деловен простор	43	320
Средства за опрема	271	368
ВКУПНО	**314**	**688**

Во 2022 година се направени расходи за адаптација и доуредување на новите деловни простории на Агенцијата во износ од 43 илјади денари, а набавена е и компјутерска опрема во износ од 177 илјада денари, мебел во износ од 40 илјади денари и компјутерски софтвер во износ од 54 илјади денари.
Во 2021 година се направени расходи за адаптација и доуредување на новите деловни простории на Агенцијата во износ од 320 илјади денари, а набавена е и компјутерска опрема во износ од 157 илјада денари, мебел во износ од 146 илјади денари и прочистувачи на воздух во износ од 29 илјади денари.

10. Плати и надомест на плати

	во 000 денари 2022	во 000 денари 2021
Вкалкулирани плати	16,262	13,860
ВКУПНО	**16,262**	**13,860**

Платите и надоместоците на вработените се пресметани и исплатени во согласност со Законот за поштенските услуги, Правилникот за плати и други надоместоци, Колективниот договор на Агенцијата за пошти и Одлуката за висината на вредноста на бодот за пресметување на основната плата на вработените во Агенцијата за пошти.

11. Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот

	во 000 денари 2022	во 000 денари 2021
Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот	430	354
ВКУПНО	**430**	**354**

Трошоците за даноци и придонеси кои не зависат од резултатот вклучуваат трошоци за данок на личен доход за надоместоците за членовите на Комисијата на Агенцијата во износ од 316 илјади денари (2021 – 284 илјади денари), данок на личен доход за надоместоците по договор за дело во износ од 15 илјади денари (2021 – 8 илјади денари), данок на личен доход за други исплати во износ од 32 илјади денари (2021 – 8 илјади денари), данок на личен доход за регрес за годишен одмор во износ од 55 илјади денари (2021 – 50 илјади денари), данок на личен доход за помош за смрт на член на семејно домаќинство во износ од 12 илјади денари (2021 – 0 денари) и данок на личен доход за јубилејна награда за вработените во Агенцијата во износ од 0 денари (2021 – 4 илјади денари)

Белешки кон финансиските извештаи

12. Данок од добивка

Трошоците за данок од добивка, согласно Законот за данок на добивка, се пресметувани со даночна стапка од 1% на утврдената основица.

Согласно Законот за данок на добивка (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 248/2018 и 275/2019), правните лица кои се основани со посебни прописи од кои произлегува дека се непрофитни организации, не се обврзници на данок на добивка, односно доколку вкупниот годишен приход од стопанска дејност е поголем од 1 милион денари стануват обврзници за пресметување и плаќање на данок на вкупен приход.

Данокот на вкупен приход, во износ од 189 илјади денари за 2022 година (2021 – 212 илјади денари), е пресметан на основицата вкупни приходи од стопанска дејност (конто 750) на износот кој надминува 1 милион денари, со примена на стапка од 1%.

13.Нематеријални средства

	во 000 денари
	Компјутерски софтвер
Набавна вредност	
Состојба на 01.01.2021	**940**
Набавки	-
Расходувања	-
Ревалоризација на средства	141
Состојба на 31.12.2021	**1,081**
Набавки	54
Расходувања	-
Продажби	-
Ревалоризација на средства	214
Состојба на 31.12.2022	**1,349**
Исправка на вредност	
Состојба на 01.01.2021	**925**
Амортизација за 2021	5
Ревалоризација на исправка	139
Состојба на 31.12.2021	**1,069**
Амортизација за 2022	6
Ревалоризација на исправка	213
Состојба на 31.12.2022	**1,288**
Сметководствена вредност	
Состојба на 31.12.2021	**12**
Состојба на 31.12.2022	**61**

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

Агенција за пошти Скопје

Белешки кон финансиските извештаи

14.Материјални средства

во 000 денари

	Градежни објекти	Опрема	Транспортни средства	Инвестиции во тек	Вкупно
Набавна вредност					
Состојба на 01.01.2021	**-**	**2,797**	**1,015**	**-**	**3,812**
Набавки	-	368	-	-	**368**
Пренос	-	(170)	-	-	**(170)**
Расходувања	-	-	-	-	**-**
Ревалоризација на средства	-	420	152	-	**572**
Состојба на 31.12.2021	**-**	**3,415**	**1,167**	**-**	**4,582**
Набавки	-	217	-	-	**217**
Пренос	-	(46)	-	-	**(46)**
Расходувања	-	-	-	-	**-**
Ревалоризација на средства	-	677	231	-	**908**
Состојба на 31.12.2022	**-**	**4,263**	**1,398**	**-**	**5,661**
Исправка на вредност					
Состојба на 01.01.2021	**-**	**2,432**	**1,015**	**-**	**3,447**
Амортизација за 2021	-	88	-	-	**88**
Расходувања	-	-	-	-	**-**
Ревалоризација на исправка	-	378	152	-	**530**
Состојба на 31.12.2021	**-**	**2,898**	**1,167**	**-**	**4,065**
Амортизација за 2022	-	132	-	-	**132**
Расходувања	-	-	-	-	**-**
Ревалоризација на исправка	-	600	231	-	**831**
Состојба на 31.12.2022	**-**	**3,630**	**1,398**	**-**	**5,028**
Сметководствена вредност					
Состојба на 31.12.2021	**-**	**517**	**-**	**-**	**517**
Состојба на 31.12.2022	**-**	**633**	**-**	**-**	**633**

Белешки кон финансиските извештаи

15. Парични средства

	во 000 денари 2022	**во 000 денари 2021**
Денарска сметка	45	315
Благајна картичка Виза	10	39
ВКУПНО	**55**	**354**

Агенцијата располага со две жиро сметки од кои една се води во НЛБ Банка АД Скопје, а другата во Халкбанк АД Скопје. Салдото на сметката која се води во НЛБ Банка АД Скопје на 31 декември 2022 година изнесува 45 илјади денари (2021– 293 илјади денари), додека сметката која се води во Халкбанк АД Скопје е затворена во 2022 година и оттука салдото на 31 декември 2022 година изнесува 0 денари (2021 – 22 илјади денари). Во 2021 и 2020 година Агенцијата има Виза бизнис картичка во НЛБ Банка АД Скопје која не е поврзана со жиро сметката, туку функционира како дебитна картичка без дозволено пречекорување.
Компензацискиот фонд наменет за надоместување на нето трошоци за обезбедување на универзална поштенска услуга до 31 декември 2022 се уште не започнал да функционира.

16. Побарувања

	во 000 денари 2022	**во 000 денари 2021**
Побарувања од купувачите – тековна година	12,260	7,263
Побарувања од купувачите со покрената постапка за присилна наплата – тековна година	142	137
Побарувања од купувачите со покрената постапка за присилна наплата од претходни години	349	380
Побарувања од купувачи за казнени камати	6	2,807
Побарувања за платен данок од добивка	-	146
Побарувања за аванси и депозити	70	107
Побарувања за надомест на трошоци за службен пат	46	-
ВКУПНО	**12,873**	**10,840**

Побарувањата од купувачите се од давателите на поштенски услуги.
Побарувањата за аванси и депозити вклучуваат побарувања за уплатени средства по профактура во износ од 0 денари (2021 – 37 илјади денари) и побарувања за уплатен депозит за закуп на деловен простор во Градски Трговски Центар во износ од 70 илјади денари (2021 – 70 илјади денари).

Структурата на побарувањата со 31 декември 2022 и 31 декември 2021 година е како што следи:

	2022 во 000 денари	**2021 во 000 денари**
Недоспеани	-	-
Доспеани		
до 6 месеци	35	-
од 6 до 12 месеца	12,369	8,971
над 12 месеци	353	1,616
Вкупно	**12,757**	**10,587**

Белешки кон финансиските извештаи

17. Активни временски разграничувања

	во 000 денари 2022	во 000 денари 2021
АВР	600	134
ВКУПНО	**600**	**134**

Активните временски разграничувања произлегуваат од неплатени обврски од 2022 година и претставуват одложени расходи кои ќе се признаат во моментот на нивната исплата во наредниот период.

18. Вкупно деловен фонд и резерви

Деловниот фонд и резервите на 31 декември 2021 година ја претставуваат сегашната вредност на нетековните средства кои изнесуваат 694 илјади денари (2021 – 529 илјади денари).

19. Обврски кон добавувачи

	во 000 денари 2022	во 000 денари 2021
Обврски кон добавувачи во земјата	935	629
ВКУПНО	**935**	**629**

20. Обврски спрема државата

	во 000 денари 2022	во 000 денари 2021
Данок од добивка	189	211
Данок на личен доход	48	-
ВКУПНО	**237**	**211**

21. Други краткорочни обврски

	во 000 денари 2022	во 000 денари 2021
Финансиски обврски – банкарска провизија	4	4
Обврски за надомест по договор за дело	56	-
Обврски кон работниците – финансиска помош	172	-
Обврски за надоместоци за Комисијата	273	-
ВКУПНО	**505**	**4**

Белешки кон финансиските извештаи

22. Пасивни временски разграничувања

	во 000 денари 2022	во 000 денари 2021
ПВР	11,757	8,620
ВКУПНО	**11,757**	**8,620**

Пасивните временски разграничувања произлегуваат од пресметани, а ненаплатени побарувања и претставуват одложени приходи кои ќе се признаат во моментот на нивната наплата во наредниот период.

23. Неизвесни настани

На 31.12.2022 година Агенцијата нема неизвесни побарувања и обврски кои значајно би го нарушиле континуитетот во работењето.

24. Настани по датумот на известување

По 31 декември 2022 година до денот на одобрување на овие извештаи нема настани кои би предизвикале корекција на финансиските извештаи ниту пак настани кои се материјално значајни за објавување во белешките кон финансиските извештаи.

25. Финансиски план за 2022 година

Финансискиот план на Агенцијата за пошти за 2022 година во приходниот дел е реализиран со 70,16% (2021 – 73,89%). Реализација на расходниот дел од финансискиот план изнесува 69,40% (2021 – 67,60%).

Горан Игнатовски
Раководител на директорат за финансии и сметководство

Билјана Аврамоска - Ѓореска
Директорка